СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
*Основана 1922*
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA
*Founded 1922*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 ГОДИНА

***Јануари 2017 година***
***С к о п ј е***

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Шеста седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 18.02.2016 година**

- Анализа на методологијата за пресметка на обврските по основ на плаќање на придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување;
- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2015 година;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за последниот квартал од 2015 година (и за периодот јануари-декември 2015 година) со споредба со истиот период лани;
- Предлог-одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Седма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 26.4.2016 година**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Извештај за работата на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија во периодот 2011-2016;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;
- Предлог - Правилник за заштитеното внатрешно пријавување во Стопанската комора на Македонија  со Предлог- одлука за именување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

**Осма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 21.6.2016 година**

- Три чекори за економски прогрес - Платформа за разговори со политичките партии во предизборниот период;
- Иницијатива за реализација на Пилот-проектот за воведување на системот на дуално образование „Учење преку работа“ во Република Македонија;
- Предлог-одлука за именување претседател на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за именување овластено лице за прием на пријави од укажувачи (согласно Законот за заштита на укажувачите и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во Стопанската комора на Македонија).

**Деветта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 26.9.2016 година**

- Потенцијалите, можностите и ограничувачките фактори за преструктурирање на македонското стопанство;
- Информација за редизајнирање и реструктурирање на функционирањето на веб-порталот на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за експертска помош и поддршка за реализација на активностите за организација на тркалезна маса со работен наслов: “Позицијата на малите земји во меѓународната економија”, по повод 95 годишнината од коморското организирање во Република Македонија со Предлог-концепт за организација на 95-годишнината од коморското организирање во Македонија;
- Предлог-акти на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија:
- Предлог за членови на претседателството на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;

- Предлог-програма за промоција и развој на Арбитражата како алтернативен метод за решавање на споровите меѓу деловните субјекти во наредниот мандатен период;
- Предлог-одлука за отворање канцеларија за нудење и вршење услуги од страна на вработени во Комората кои поседуваат лиценца за вршење определена дејност, според потребите и барањата на компаниите;
- Предлог-понуда за изработка на основен проект со настрешница  и за изработка на основен проект за ентериерно уредување на влезна партија и 3Д визуелизација за фасадата на зградата на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-Одлука за изработка на научно-истражувачка студија за потенцијалите и ограничувачките фактори на македонската економија преку анализа на основните економски показатели за учеството на приватниот сектор во националната економија;
- Предлог-Решение за разрешување и за именување на претседател на Второстепена комисија за одлучување по приговори на работниците во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-јуни 2016 година - споредба со планираните проекции и превземање на идни чекори;
- Насоки за односи со јавноста и комуникација со медиумите;



**Десетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 1.11.2016 година**

- Ефикасна транспортна инфраструктура и црински постапки во насока на зголемена конкурентност и трговска размена со земјите членки на  Коморскиот Инвестициски Форум (КИФ);
- Предлог-одлука за именување потпретседател на Постојаниот избран суд- Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-септември 2016 година и споредба на остварувањата со планираните проекции за третиот квартал од 2016 година;

**Единаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржана на 15.12.2016 година**

- Комуникациска стратегија по повод 95-годишнината на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година;
- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
- Предлог-правила за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за именување  член на Претседателството на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;

- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на листите на арбитри на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-програмски насоки за активностите на Бизнис центарот за тренинг и обука во 2017 година и
- Предлог-финансиски план на Бизнис центарот за тренинг и обука за 2017 година.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Петта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија**
**26.4.2016 година**

• Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2015 година;
• Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
• Одлуки за верификација на мандат:
- Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „ПАЛТЕКС“ АД – Делчево во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „ЛТХ ЛЕАРНИЦА“ ДООЕЛ – Охрид во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „ПИВАРА СКОПЈЕ“ АД – Скопје за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
• Извештајот од спроведеното истражување на Стопанската комора на Македонија за дуалниот модел на средно стручно образование во Република Македонија.



**Шеста седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија**
**15.12.2016 година**

• Извештај од спроведеното анкетно истражување за инспекцискиот надзор во компаниите;
• Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година;
• Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
• Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
• Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од Халк Банка АД – Скопје за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Осма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**8.02.2016 година**

1. Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2015 година со извештаите на пописните комисии.

**Деветта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**8.4.2016 година**

1. Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
2. Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ“ ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;

**Десетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**15.7.2016 година**

1. Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2016 до 30.6.2016 година;
2. Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
   - Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
   - Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
   - Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;

**Единаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**28.11.2016 година**

1. Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
2. Информација за фактурирање и наплата на членарината;

**Дванаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**01.12.2016 година**

1. Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани 44 прес-конференции и присуство на медиуми на 22 други настана.

2. Одржани 368 настани (состаноци и расправи за компаниите, презентации).
3. Доставени 44 информации за прописи до компаниите.

4. До компаниите доставени 217 прегледи на информации за објавени статии во дневни и неделни печатени медиуми (економски вести, вести поврзани со правна регулатива и сл.).

5. Над 30 активности на регионалните комори.

6. Организирани над 20 бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби.

7. Преку 7 меморандуми за соработка.

8. Над 20 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

9. Издадени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“, во просек на околу 35 страници.

10. Објавени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“.

11. Отпечатени 11 прилози во месечникот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“.

12. Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 110 едукативни настани, на коишто присуствуваа 1950 учесници.

13. Издадени вкупно 100 веб-сертификати Exellent SME.

14. Во Клубот на менаџери-претприемачи согласно Годишната агенда за 2016 година беа реализирани 26 едукативни настани, 3 вмрежувања во земјата и во странство, 2 team building настана и Годишна конференција.

15. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:

- 2073 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 9777 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 477 АТА-карнети;
- 12 потврди за ексклузивитет;
- 14 потврди за слободна продажба;
- 1 потврда за единствен производител
- 12 потврди за производител;
- 14 потврди за членство во Комората;
- 290 логистички дејствија
- 227 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);

20 мислења за исполнување на економските услови.

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ
## *(СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ВО 11:00 ЧАСОТ)*

**11 јануари 2016 година**
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ПРОФИТАБИЛНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА И ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕНЕРГИЈА

**18 јануари 2016 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО МЕЛНИЧКО-ПЕКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО 2016 ГОДИНА

**25 јануари 2016 година**
ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ВО 2016 ГОДИНА




**1 февруари 2016 година**
КАКО ДО ПОДОБРИ КВАЛИФИКАЦИИ ВО СОРАБОТКА СО РАБОТОДАВАЧИТЕ?

**8 февруари 2016 година**
НОВИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**15 февруари 2016 година**
ЕФЕКТИТЕ ОД ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ – УСЛОВ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО И УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

**22 февруари 2016 година**
МОДЕЛ НА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРАВА ОД ДОГОВОРИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ - ПРЕДНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**29 февруари 2016 година**
ГРАДЕЖНИШТВОТО – ДВИГАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

**7 март 2016 година**
ПОВРЗУВАЊЕ НА НАУКАТА И БИЗНИСОТ ВО ФУНКЦИЈА НА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИЈАТА НА ОСНОВНИ МЕТАЛИ

**14 март 2016 година**
ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ВО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА „БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС“ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ПОДОБРА ДЕЛОВНА КЛИМА ВО РЕГИОНОТ - ЕКОНОМСКАТА СИТУАЦИЈА И ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

**21 март 2016 година**
СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА - ПРОЕКЦИИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**28 март 2016 година**
ОЧЕКУВАЊАТА ВО ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА ПО ЗАВРШЕНИОТ ОТКУП НА ТУТУНОТ

**4 април 2016 година**

ПРЕКУ СТАНДАРДИЗАЦИЈА ДО ПОКОНКУРЕНТНИ МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ




**11 април 2016 година**

ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ДЕЛУВАЊЕ НА НОВОФОРМИРАНАТА ГРУПАЦИЈА ЗА ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВНИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА

**18 април 2016 година**

ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ КАКО УСЛОВ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**25 април 2016 година**

КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА ПРЕКУ УЧЕСТВО НА СИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ОВОЈ ПРОЦЕС

**9 мај 2016 година**

ПРЕКУ ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ДО ПОКОНКУРЕНТНА ИНДУСТРИЈА

**16 мај 2016 година**

ОЦЕНКА И СОСТОЈБИ ВО РУДАРСКИОТ СЕКТОР И ВО ПРЕРАБОТКАТА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

**23 мај 2016 година**

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ЗА ДЕЛОВНАТА КЛИМА ВО ЗЕМЈАТА

**30 мај 2016 година**

ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНОВАТИВНИ ПРОИЗВОДИ - РЕЦЕПТ ЗА ЛИДЕРСТВО НА ПАЗАРОТ



**6 јуни 2016 година**
СОРАБОТКА МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР СО ЦЕЛ КРЕИРАЊЕ ЈАВНО-ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
ВИСОКОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**13 јуни 2016 година**
ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БЛОКАДИТЕ НА МАКЕДОНСКО-ГРЧКАТА ГРАНИЦА И ОД ШТРАЈКОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ПРИСТАНИШТЕТО ВО СОЛУН

**20 јуни 2016 година**
ЕЛИМИНИРАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА - РЕШЕНИЕ ЗА УСПЕШНО УПРАВУВАЊЕ СО КОЛЕКТИВНИТЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

**27 јуни 2016 година**
ПРЕДЛОЗИ И АКТИВНОСТИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО АКТУЕЛНАТА ЕКОНОМСКА СИТУАЦИЈА

**4 јули 2016 година**
ДОБРА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА - ПРЕДИЗВИК ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ

**11 јули 2016 година**
СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ДОБРИ ЕУ-ПРАКТИКИ ПРИ ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**5 септември 2016 година**
ЛИКВИДНОСТА КАЈ КОМПАНИИТЕ СОГЛАСНО ПОСЛЕДНОТО АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**12 септември 2016 година**
ФОРМИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОГОЛЕМА ПРОМОЦИЈА НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ




**19 септември 2016 година**
СОСТОЈБИ ВО РУДАРСКИОТ СЕКТОР И ПРЕРАБОТКАТА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

**26 септември 2016 година**
СОГЛЕДУВАЊА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА РЕАЛНАТА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА

**3 октомври 2016 година**
АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА – ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТ И ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

**10 октомври 2016 година**
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**17 октомври 2016 година**
СПРОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА ВО КОМПАНИИ

**25.10.2016 година**
СО GS1 СТАНДАРДИТЕ ДО ЗГОЛЕМЕНА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА

**31 октомври 2016 година**
ПРОМОЦИЈА НА НОВОФОРМИРАНАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА ПРИ СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

**7 ноември 2016 година**
ПРОМОЦИЈА НА УСЛУГИТЕ ЗА СТАРТАП КОМПАНИИ ВО СОРАБОТКА СО ФОНДАЦИЈАТА ПРЕТПРИЕМНИЧКИ СЕРВИС ЗА МЛАДИ (YES- INCUBATOR)

**14 ноември 2016 година**
МОДЕРНИЗАЦИЈАТА И ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ – ПОТТИК ЗА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ И НА ПАЗАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**21 ноември 2016 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**28 ноември 2016 година**
СОСТОЈБИ ВО АГРОСЕКТОРОТ И ПОТРЕБАТА ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ КОН МОДЕРНО, КОНКУРЕНТНО И ПРЕЦИЗНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**5 декември 2016 година**
ПРАКТИЧНИ НАСОКИ И РЕШЕНИЈА ЗА ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД БЛИСКИОТ ИСТОК И МАГРЕБ




**12 декември 2016 година**
ПРЕКУ СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ДО ПОГОЛЕМ РАСТ И ПРИХОД НА ТУРИЗМОТ ВО ВКУПНАТА ЕКОНОМИЈА

**19 декември 2016 година**
ПРЕКУ ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ ДО ПОДОБРО БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ И ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ

**26 декември 2016 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР ВО 2016 ГОДИНА

# ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

**11.01.2016 година**

**Зголемување на конкурентноста и профитабилноста на компаниите преку намалување на потрошувачката и трошоците за енергија - УНАПРЕДУВАЊЕТО И ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЗЕМЈАВА**

Енергетската ефикасност во индустријата придонесува за економски развој и позитивно влијае врз животната средина. Истовремено, реализирањето на енергетски ефикасни мерки доведува до намалување на потрошувачката на енергија, енергетската интензивност на индустријата и до зголемување на конкурентноста на индустриските компании. Искуството покажува дека поголема енергетска ефикасност во индустријата се постигнува преку промени во начинот на управување со енергија во погоните отколку преку внесување на нови технологии.

**18.01.2016 година**

**Состојбите во мелничко-пекарската индустрија и предизвиците во 2016 година - БЕЗ ЗАШТИТА ОД НЕКОНТРОЛИРАНИОТ УВОЗ НА БРАШНО ЌЕ СЕ „МЕЛАТ“ ЗАГУБИ**

Од вкупните количини пченица кои се мелат во Македонија од страна на домашните мелници, околу 60% е увозна, додека 40% е домашната откупена пченица. Најголема опасност за мелниците во Македонија е нивната неконкурентност или неможност да конкурираат со цените на увозното брашно, со што директно се загрозени и земјоделците. Причини за тоа се непазарните цени на домашната пченица, нејзиниот квалитет, како и производните трошоци во кои струјата како енергенс има свое влијание според континуираниот пораст на цената. Во одредени периоди во годината цената на увозната пченица се доближува многу блиску до цената на увозното брашно, што дополнително создава проблеми на мелничката индустрија.

**27.01.2016 година**

**Групацијата на води во рамките на Здружението на комуналните дејности расправаше за Законот за утврдување на цени на водните услуги - РАСЧИСТЕНИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ КОНКРЕТНАТА ПРИМЕНА**

Имплементација на Закон за утврдување на цени на водните услуги објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 7/2016 беше тема на седницата на Групацијата на води во рамки на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија. На состанокот, учествуваа и Јадранка Иванова, претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање и претставници на Регулаторната комисија за енергетика, која доби законски надлежности во иднина да ја регулира цената на водните услуги која се дистрибуира до крајните корисници. На состанокот беше заклучено Групацијата на води да ја продолжи соработката со спомenатите надлежни органи, во насока на расчистување на дилемите, креирање на подзаконските акти, а доколку има потреба ќе бидат поднесени и предлог -измени и дополнувања на веќе донесениот Закон за утврдување на цени на водните услуги.

**1.02.2016 година**

**Поддржана е потребата од донесување ЗАКОН ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОМЕТОТ СО НЕДВИЖНОСТИ**

Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, беше вклучена во Проектот „Учиме од бизнис заедницата“ што е во организација на Кабинетот на Заменик претседател на Владата на Република Македонија за економски прашања, господинот Владимир Пешевски, при што, во писмена форма беа изнесени сите досегашни активности на Групацијата, посебно во делот на потребата од донесување на законска регулатива за прометот со недвижности. При тоа, одржан е заеднички состанок (1.2.2016 година) на претставници на Групацијата и претставници на тимот задолжен за комуникации со бизнис заедницата при што е дадена поддршката на потребата за законско регулирање на оваа дејност.

**4.02.2016 година**

**Пред стопанствениците промовирана книгата „СУДСКА ЗАШТИТА ВО ИЗВРШУВАЊЕТО – АНАЛИЗА И КОМЕНТАР НА СУДСКА ПРАКТИКА“ од авторот Михајло Маневски**




Со извршувањето се остваруваат целите на постапката, а круна на секоја постапка е извршување на донесената одлука, независно дали се работи за судска или управна постапка или, пак, се работи за извршување на нотарска исправа. Ова денеска го истакна господин Михајло Маневски, кој пред стопанствениците ја промовираше својата книга „Судска заштита во извршувањето - Анализа и коментар на судската практика“. Господин Маневски се осврна и на примери од судската пракса за различна примена на одредени одредби од Законот за извршување, како на пример примената на членот 211 од Законот за извршување, за чија примена и Стопанската комора на Македонија има поднесено иницијатива за негово прецизирање.

**8.02.2016 година**

**Во Стопанската комора на Македонија презентирани новите услуги на Агенцијата за катастар на недвижности - ДИРЕКТЕН ПРИСТАП НА КОРИСНИЦИТЕ ОД СВОЈАТА КАНЦЕЛАРИЈА ИЛИ ОД ДОМА**

Новите услуги и производи на Катастарот нудат можност за брз и ефикасен пристап до податоците од Катастарот и истите можат да најдат практична примена во работењето на приватните компании, истакна директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, господин Славче Трпески. Електронскиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности овозможува директен пристап на професионалниот корисник од својата канцеларија до имотните листови од Катастарот на недвижности, во електронски формат за увид или во форма на јавна исправа. Новина која ја воведува Катастарот за своите професионални клиенти, а особено оние кои имаат запишано хипотека или залог на одреден имот или пак имаат запишано товари или ограничувања на конкретен имотен лист, е можноста да се претплатат на сервисот наречен „watch dog” кој овозможува следење на сите поднесени барања и промени на имотниот лист . Со оваа услуга во голема мера ќе се зголеми правната сигурност на доверителите, бидејќи во секој момент ќе имаат увид во состојбата на имотот кој е ставен како залог за доверените средства. Регистарот на цени и закупнини претставува една голема база на податоци во која се содржани голем број корисни информации за недвижностите кои се предмет на промет или закуп.

**10.02.2016 година**

**Ситуацијата во мелничко-пекарската индустрија е крајно алармантна - ПОТРЕБНИ ИТНИ МЕРКИ ДА СЕ ЗАШТИТАТ ДОМАШНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ**

Потребно е итно да се преземат одредени мерки со цел да се изнајде решение и да се спречи напливот на евтино увозно брашно кое се увезува по цена на чинење на домашната пченица која мелничарите ја купуваа во жетва од една страна, како и да се предложат на ресорното Министерство мерки кои подолгорочно би имале ефект во мелничарството. Мелничарите воедно алармираат дека доколку не им се помогне во најкраток можен рок, голем дел од нив ќе ги затворат своите објекти или нема да можат да откупуваат оваа година, со што директно ќе бидат погодени и домашните производители на жито, како и дека голем дел од вработените ќе бидат отпуштени. Во меѓувреме одредени мерки, пред се` од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство беа преземени се` со цел да се намалат трошоците на домашните компании и да се зголеми нивната конкурентност на домашниот пазар.

**10.02.2016 година**

**Групација на водостопански претпријатија - ИНТЕНЗИВНИ КОНТАКТИ СО ДРЖАВНИТЕ ИНСИТУЦИИ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ВОДНИТЕ УСЛУГИ**

Имплементација на Законот за утврдување на цени на водните услуги објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 7/2016 беше тема на седницата на Групацијата на води во рамки на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија. На состанокот, учествуваа и Јадранка Иванова од Министерството за животна средина и просторно планирање и Андријана Нелкова Чучук од Регулаторната комисија за енергетика, која веќе доби законски надлежности во иднина да ја регулира цената на водните услуги која се дистрибуира до крајните корисници. Водостопанските претпријатија побараа објаснување во која форма и за кој дел од нивните надлежности тие ќе имаат обврска согласно Законот за утврдување на цените на водните услуги, на што добија одговор дека оние водостопански претпријатија кои доставуваат вода за пиење до комуналните водоводни претпријатија по тој основ ќе имаат и обврска согласно овој Закон.

**10.02.2016 година**

**Постојната законска регулатива обезбедува доволна основа за функционирање на холдинг-компании во земјава, но потребно е да се доуредат одредени прашања - БИЗНИС- ЗАЕДНИЦАТА БАРА ПОСЕБЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА ХОЛДИНГ-ДРУШТВАТА**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Здружението на правници на Република Македонија, организираше тркалезна маса на тема: ХОЛДИНГОТ КАКО ФОРМА НА ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОДОБРИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ - Законското нормирање на холдингот како потреба и предизвик во Република Македонија. Од страна на претставниците на бизнис-заедницата посочена беше потребата да се уреди посебен даночен режим за холдинг-друштвата, при што уредувањето на овој режим се предлага за своја почетна основа да ги има следните критериуми: дивидендите кои фирмата-ќерка ги исплаќа во холдинг-компанијата треба да бидат ослободени од оданочување; приходот што холдинг-компанијата го остварува при продажба на учество/удел во фирмата-ќерка да биде ослободен од оданочување; трансферите на парични средства кои по својата економска суштина се заеми, во рамки на холдингот (на пример, од владејачкото друштво на фирмата-ќерка и обратно), да бидат третирани како признати расходи за даночни цели; да се создаде законска можност за даночна консолидација на овие субјекти доколку помеѓу владејачкото друштво и зависните друштва постои непосредна или посредна контрола над најмалку 75% од акциите или уделите, и сите поврзани друштва да се резиденти на Република Македонија; да се создаде законска можност да може распределбата на добивката од работењето од тековната година на фирмата-ќерка која е 100% основана од холдинг-компанијата да се евидентира и да се објави во годишната сметка на холдинг-компанијата во истата година; повторно да се уреди можноста трговските друштва кои се поврзани во холдинг-компанијата да може да поднесуваат консолидиран даночен биланс.

**10.02.2016 година**

**Здружение на информатичко-комуникациските технологии - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО ИТ-КОМПАНИИ ОД СКАНДИНАВСКИТЕ ЗЕМЈИ**



Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, одржа состанок со претставник на ИКТ Бизнис Регионот на Гетеборг, Шведска, организација која ги претставува повеќе мали и средни ИКТ-компании од Регионот. Во својата презентација, господинот Ерик-Вилхелм Граф Бем (Erik-Wilhelm

Graef Behm) ги претстави можностите и интересот за контакти и соработка на ИКТ-компаниите од Регионот на Гетеборг со компаниите од информатичко-комуникацискиот сектор од Република Македонија. Претседателот на Здружението на информатичко-комуникациските технологии Благој Христов ја искажа заинтересираноста на членките да остварат поблиски контакти со ИТ-компаниите од скандинавските земји. Македонските ИТ-компании ги претставија своите капацитети, предности и можности да учествуваат на конкурентскиот пазар на ИКТ-проекти, договори и вештини.

**11.02.2016 година**

**Управен одбор на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори - УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА**

Неусогласеноста на домашната со европската регулатива е сериозна пречка во реализирање на активностите за увоз и извоз на секундарни суровини, беше истакнато на седницата на Управниот одбор на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија (10 февруари 2016 година). Решението на ова отворено прашање е во измена на постојниот Закон за управување со отпад, за што е започната постапката и донесување на правилник со кој ќе се регулираат видовите отпад, како и условите за увоз, извоз и транзит на отпад. Асоцијацијата и на оваа седница повторно се осврна на проблемите со кои се соочуваат членките при примената на Законот за електронски отпад и побара итна интервенција во Законот и донесување на подзаконските акти, укажувајќи дека во спротивно сосема е извесно дека реално не би можеле да се остварат националните цели во делот на управувањето со овој вид опасен отпад.

**15.02.2016 година**

**Ефектите од туристичката дејност – услов за подобрување на бизнис-климата во хотелиерството и угостителската дејност - ПОТРЕБНИ СТИМУЛАЦИИ И ЗА ДОМАШНИТЕ ХОТЕЛИ И УГОСТИТЕЛСКИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ**

Статистиката покажува дека бројот на странски туристи во последните осум години е зголемен за 100 проценти. Зголемениот број на странски туристи, поддржан и поттикнат и со субвенционирање на странски тур-оператори, резултира и со зголемен девизен прилив од туризмот и зголемен промет во угостителството. Податоците за девизниот ефект и остварениот промет во угостителството се основ за анализа на два аспекта на секторот угостителство и туризам. Прво, иако до 2014 година има континуирано пораст на девизниот ефект од реализирани патувања, сепак, статистичките податоци во првите девет месеци од 2015 година, споредено со истиот период лани, покажуваат намалување на девизниот ефект и тоа за 24,68%. Ова пред се` е резултат на откажување на голем број туристички аранжмани и тоа во сите три квартали од годината. Второ, бројките пак за остварениот промет во угостителството покажуваат дека иако расте прометот во вкупен обем, сепак според структурата, зголемувањето е резултат на раст на прометот од пијалаци и храна и напивки, а во исто време статистиката евидентира пад на прометот од ноќевања.

**15.02.2016 година**

**Стопанската комора на Македонија со штанд на Меѓународниот саем „HISTRIA 2016“ во Пула, Република Хрватска - ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА МАКЕДОНСКАТА ХРАНА И ПИЈАЛАЦИ**

Од 12-14 февруари 2016 година, Жупаниската комора на Пула беше организатор на 23. Саем за храна и пијалаци „Histria 2016“, кој од година во година е се` поголем, на кој се поттикнуваат креативноста и едукацијата на малите компании - производители, а со тоа им олеснува на компаниите како би биле поконкурентни на пазарите надвор од Хрватска. На Саемот свој штанд имаше и Стопанската комора на Македонија, на којшто македонските компании „Грозд“ - Струмица, „Вивакс“ - Скопје, „Брилијант“ - Штип, „Агрофила“ - Штип, „Кадино Груп“ - Скопје, „Дониа“ - Прилеп, „Благој Ѓорев“ - Велес, „Мултипром“ - Скопје, „Камник“ – Скопје и „Макпрогрес“ - Виница, преку своите проспектни материјали, примероци од производните програми, се претставија пред голем број заинтересирани посетители од Хрватска, Словенија, Италија и од други земји.

**16.02.2016 година**

**Средба на претседателите на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија и на Стопанската комора на Македонија - Турција МАТТО - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ТУРЦИЈА ВО ЦРНАТА И ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Претседателите на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија, д-р Митко Кочовски и на Стопанската комора на Македонија-Турција МАТТО, господин Туна Ејуп Кахвеџи, со своите соработници, реализираа работна средба на која беа договорени заеднички активности од интерес за економиите на Македонија и Турција. Имајќи предвид дека металите се значајна ставка во постојната стоковната размена меѓу двете земји, беше договорено на научна основа, преку бизнис-здруженијата и академиите на науките од двете земји да се проучат можностите за соработка, првенствено на секторско ниво, со анализирање на можностите во производството, добавувачите, пазарите и сите аспекти за унапредување на економската соработка.

**18.02.2016 година**

**Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор - ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИЦИТЕ И ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ СОГЛАСНО МОЖНОСТИТЕ НА ПАЗАРОТ**

Членките на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија одржаа состанок на којшто беа поканети и учествуваа и претставници од Министерството за економија, Државниот технички инспекторат и од Државниот пазарен инспекторат. На состанокот, членките на Групацијата посочија на некомпатибилноста на Законот за техничка инспекција и Законот за домување како нивен матичен закон, во насока на дефинирање на обврските и одговорностите околу лифтовите како заедничка сопственост на станарите во влезовите на станбените згради. Имено, во случаи кога постои писмено укажување или записник од сервисер на лифт дека истиот не ги исполнува условите да биде во функција, како проблем се јавува ситуацијата кога и покрај исклучувањето на лифтот од употреба станарите повторно го вклучуваат и го ставаат во функција.

**22.02.2016 година**

**Обезбедување заштита на осигурениците и нивните права од договорите за осигурување – користење на осигурителен брокер во насока на избор на оптималното осигурително покритие - ПОЗИТИВЕН ТРЕНД Е КОНТИНУИРАНИОТ РАСТ, КОЈ ТРЕБА ДА СЕ ОДРЖИ**




На прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија, д-р Климе Попоски, претседател на Советот на експерти при Агенцијата за супервизија на осигурувањето, посочи дека пазарот на осигурителни производи се карактеризира со несовршени и асиметрични информации на страната на понудата и побарувачката, како и со значителни трошоци за пребарување да се најде најдобар договор за осигурување. Во овој процес осигурителните брокери играат клучна улога во развојат на самата осигурителна дејност. Господинот Златко Михајловски, претседател на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва, посочи дека целта на осигурително-брокерската дејност е да ги претставаат потребите и барањата на клиентите (правни и физички лица) и да се понуди целосна и сеопфатна услуга во изнаоѓање најдобри решенија за потребите од осигурување на клиентите, а сето тоа со една финална цел - квалитетно осигурително покритие и најбрзо ефикасно реализирање на оштените побарувања.

**24.02.2016 година**

**Презентација на можностите за заштеда на водните ресурси во компаниите и во комуналните претпријатија - МОЖНОСТИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА СКРИЕНИТЕ ДЕФЕКТИ И НЕРАЦИОНАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ**




Компанијата „Аквасеив“ ДОО - Скопје пред заинтересираните фирми членки на Стопанската комора на Македонија, ги презентираше можностите на заштеда на водните ресурси на комерцијални и индустриски објекти, во јавни институции, во општините и комуналните претпријатија. Заинтересираните компании беа информирани за начините како да ги намалат загубите на вода преку откривање на оние скриени дефекти на водоводната мрежа кои ја зголемуваат потрошувачката на вода, а со тоа намалување и на сметките за потрошената количина вода. Беше презентиран и моделот како преку дополнителна анализа на потрошувачката на вода, се утврдуваат местата на нерационално користење на водата и се предлагаат мерки за нејзино намалување преку инсталирање и користење на уреди за заштеда на вода.

**24.02.2016 година**

**Групација за лифтови - ЛИЦЕНЦИТЕ ЌЕ ГИ СОПРАТ „ДИВИТЕ“ МОНТАЖЕРИ И НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

На состанокот на Групацијата за лифтови освен членовите на Групацијата за лифтови, присуствуваа и претставници од Министерството за економија - Сектор за внатрешен пазар, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот пазарен инспекторат и инвеститори. Претседателот на Групацијата Димче Поповски истакна дека состанокот се одржува на барање на Министерството за економија - Сектор за внатрешен пазар, за да се отстранат некои недоразбирања кои произлегуваат од Правилникот за користење на лифтови и транспортери. Расправајќи по однос на Правилникот, присутните констатираа дека областа пуштање во промет, монтирање, сервисирање и одржувањето на лифтовите е регулирана со повеќе закони и подзаконски акти, но сепак во земјата има присуство на нецелосно имплементирање на прописите, на нелојална и нестручна конкуренција која се јавува со работењето на „диви“ монтажери на лифтови.

**29.02.2016 година**

**Во земјава работат 4.349 градежни компании и тие ангажираат 50.866 вработени - ГРАДЕЖНИШТВОТО – ДВИГАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА**




Бројот на активни градежни компании во Македонија во 2014 година изнесува 4.349 кои учествуваат со околу 6,2% во вкупно активните компании во земјата. Градежништвото, во последните неколку години има тренд на зголемување на активностите, така што учеството во БДП бележи континуирано зголемување (2008 година - 4,9 %; 2009 година - 5,2 %; 2010 година - 5,6%; 2011 година - 6,5%; 2012 година - 6,8% и 2013 година 7,1% и 2014 година - 6,4%). Специфичните инфраструктурни објекти кои се во процес на градење придонесуваат за вклучување на македонските инженери и надградување на стекнатата пракса и знаење во примена на современа технологија и опрема за градење, заедно со консултанти кои се ангажираат од странство на поспецифичните делници на патиштата.

**4.3.2016 година**

**Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување - КАТАРИНА МАНЧЕВА ОД „ТОПЛИФИКАЦИЈА ИНЖИНЕРИНГ“ ИЗБРАНА ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Во Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување (КГЛП) во рамките на Македонската енергетска асоцијација – МЕА членуваат фирми кои се занимаваат со климатизација, греење, ладење и проветрување, односно проектирање, изведба, ревизија, надзор и давање на интелектуални услуги од оваа област. На седницата беа усвоени Правилата за организација и начин на работа на Групацијата за КГЛП, а истовремено беше направен и избор на ново раководство. За претседател на Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување беше избрана Катарина Манчева од фирмата „Топлификација инжинеринг“.

**7.3.2016 година**

**Најголемите индустриски капацитети од металургијата во земјава работат со преполовен капацитет, а нема најави за подобрување на состојбата - ДРЖАВАТА ТРЕБА ДА ДЕФИНИРА МЕРКИ ОД ИНТЕРВЕНТЕН КАРАКТЕР ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ**

Во работењето на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија се` позастапено е користењето на научни истражувања, кои се во функција на унапредување на индустријата на основни метали, како и во функција на силна аргументација на барањата кои Здружението ги испорачува до надлежните институции, истакна д-р Митко Кочовски, претседател на Здружението на металургијата на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Поврзување на науката и бизнисот во функција на натамошен развој на индустријата на основни метали“. Во таа насока е и претстојниот Меѓународен конгрес на металургијата, материјалите и заштитата на животната средина – ММЕ кој по седми пот се одржува во Охрид, во периодот од 9 до 12 јуни годинава на којшто, како што истакна проф. д-р Свето Цветковски, претседател на Здружението на металурзите на Македонија, се очекува учество на еминенатни автори од универзитети, истражувачки центри, институти од регионот и пошироко, кои ќе разменат мислења за научните достигнувања во секторот металургија. За состојбите во металургијата во Република Македонија говореше д-р Митко Кочовски. Според неговите зборови, драматично се влошени состојбите од крајот на 2015 година, првенствено заради глобалните пазарни (не)прилики, но и заради одредените системски недоследности во рамките на националната економија, а тие продолжија и во почетокот на 2016 година. Повторно се актуелизираат неопходните мерки на поддршка на овој носечки сектор на македонската економија со цел негово опстојување во извонредно тешките услови на работење.

**8.3.2016 година**

**Здружението на угостителството и туризмот со став - ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ НЕПРИФАТЛИВИ ЗА БИЗНИС-СЕКТОРОТ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, Асоцијацијата на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови и Стопанската комора за туризам на Македонија, на заеднички состанок разговараа за најновите измени и дополнувања на Законот за угостителска дејност, донесени по скратена постапка, кои се веќе објавени во „Службен весник на РМ“ и со примена од први март годинава. Целта на заеднички организираниот состанок од трите бизнис-асоцијации за туризам и угостителство, беше преку отворена дискусија да се слушнат размислувањата на бизнис-секторот за тоа како измените предвидени во Законот за угостителска дејност ќе се одразат на работата на хотелите од аспект на дополнителни трошоци и постојната организациска поставеност. По исцрпната и обемна дискусија од учесниците на состанокот на кој присуствуваа и претставници од Министерството за економија како надлежно за дејноста туризам и од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, беше заклучено дека забелешките сублимирано ќе бидат доставени до ресорното министерство и ќе се побара средба директно со министерот за економија.

**8.3.2016 година**

**По предупредувањата од Здружението на металургијата за драматичните состојби во производството на основни метали во земјава - ВЛАДАТА ЌЕ НАПРАВИ МАКСИМУМ ЗА ДА МУ ПОМОГНЕ НА СЕКТОРОТ!**




На средбата со новинарите на 7.3.2016 година во Стопанската комора на Македонија, претседателот на Здружението на металургијата, д-р Митко Кочовски ги оцени состојбите во производството на основни метали како драматични, при што потенцираше дека секое натамошно влошување реално може да има сериозни последици не само врз компаниите од секторот, туку и врз макроекономските показатели во државата. Во услови кога нема оптимистички најави за подобрување на состојбите на глобален план, претставниците на бизнис-секторот бараат од надлежните институции преземање мерки со кои би се намалиле фиксните трошоци на работењето и би се овозможило опстојување на стопанските субјекти од секторот. На ова барање на Здружението на металургијата, стигна позитивна реакција од министерот за економија, Беким Незири. Тој на конференцијата за занаетчиство, на 8 март 2016 година, истакнал дека „Владата активно ги следи трендовите во металургијата и ќе направи максимум за да му помогне на секторот".

**9.3.2016 година**

**Здружението за градежништво, индустрија на градежни материјали и неметалите расправаше за реализација на зацртаните активности - ГОДИНАВА СО ПОЛНИ РАЦЕ РАБОТА**

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа седница, при што беше направена презентација од Државниот завод за статистика, за која зборуваше Дејан Станков, заменик-директор. Статистиката е неопходна за развојот, имплементацијата, мониторирањето и евалуацијата на политиките на национално ниво. Во европски контекст, градежните статистики се развиени, продуцирани и дисеминирани врз основа на унифицирани стандарди и хармонизирани методи, при што националните статистички заводи, вклучувајќи го и Државниот завод за статистика на Република Македонија, прибираат и продуцираат хармонизирани податоци кои се доставуваат до Евростат со цел објавување на податоци на ниво на Европската унија.

**18.3.2016 година**

**Коста Митровски нов претседател на Здружението на банкарството**




На седницата на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, едногласно за нов претседател на Здружението за следниот 4-годишен мандат беше избран господинот Коста Митровски, претседател на Управниот одбор и извршен директор на Универзална Инвестициона банка – УНИ Банка АД - Скопје. Здружението на банкарството е основано во 1970 година, како стручен облик на организирање и работење во состав на Стопанската комора на Македонија. Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија од 1 јули 2011 година стана придружен член на Европската банкарска федерација (www.ebf-fbe.eu) со седиште во Брисел, што значи потврда за квалитетното организирање на банкарскиот сектор во РМ, како и поттик за следење на европските текови и размена на искуства во оваа дејност.

**21.3.2016 година**

**Актуелните состојби во текстилната индустрија - проекции и предизвици за наредниот период - СУБВЕНЦИИ ЗА НОВА ОПРЕМА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА**

Во текстилната индустрија во Република Македонија преовладува „ЛОН“-работењето, кое во вкупниот извоз учествува со околу 93%, а на класичното производство на извоз отпаѓаат 7%. Очекувањата за 2016 година се дека ќе бидат на исто ниво како 2015 година, истакна Ангел Димитров, претседател на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија на редовната прес-конференција на Комората. Ваквиот раст најмногу се должи на два фактора и тоа: на повисоките фази на обработка и доработка на производите каде што веќе дел од производствените операции се вршат во земјава (печатење, везење, пакување и сл.) и заживување на економијата во Европската унија што доведе до продолжување на договорите и задржување на најзначајните партнери од западноевропските земји.

**22.3.2016 година**

**Форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија - НЕОПХОДНО НАТАМОШНО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА „ЗЕЛЕНАТА ЕНЕРГИЈА“**

Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Балканската програма за обновлива енергија на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) го одржа Седмиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ). Седмиот форум опфати неколку актуелни теми, како што се новиот повик за концесија на води за производство на електрична енергија од мали ХЕЦ, промените во законите поврзани со градежното земјиште и првата инвестиција во електроцентрала на биомаса.

**23.3.2016 година**

**ФОРМИРАНА НОВА ГРУПАЦИЈА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА**




Заради унапредување на дејностите поврзани со производство или трговија со оружје, експлозивни и опасни материјали и пиротехнички средства, како и опрема за воена и цивилна намена, на иницијатива на повеќе компании се одржа конститутивна седница, на којашто се формираше нова Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и програма за воена и цивилна опрема како посебна форма на организирање и работење во рамките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија. За претседател на Групацијата е избран господин Димитар Мангутов, управител на „Диманко“ - Скопје, а за заменик-претседател е избран господин Јовица Ѓуричиќ, управител на „Специјална опрема“ - Скопје. Воедно, на седницата беше избран и Управен одбор на Групацијата, во којшто се избрани претставници кои што ќе ги претставуваат интересите на сите членови на Групацијата од областа на: трговија со ловно спортско оружје, муниција, експлозивни и опасни материјали; трговија со пиротехнички средства и реализација на огномети; трговија на наменски средства (вооружување и воена опрема); обука за теоретско и практично оспособување за ракување со оружје и стрелишта за цивилна намена; производство на оружје и опрема, како и концесии на ловишта и ловечки друштва.

**28.3.2016 година**

**Очекувањата во тутунската индустрија по завршениот откуп на тутунот - ВИСОКАТА ОТКУПНА ЦЕНА ГО СТАБИЛИЗИРА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО**

Според добиените информации од тутунските претпријатија, оваа година беа насеани вкупно 14.127 или на приближно исто ниво како претходната година (14.030 ха), а што е во однос на претходната 2013 година, намалување за 17%. Од овие површини се откупени околу 19.000 тони или 24% помалку од претходната година (24.857 тони) или дури за 35% помалку од претходната, 2014 година (откупени 30.997). Со просечно постигнатата откупна цена од околу 185 ден./кг (или 58% повисока од претходната), за да биде во целост откупено овогодинешното производство на суров тутун од реколтата во 2015/16 година (податок заклучно со 15.3.2016 година (19,000 кг х 185 ден/кг) ќе бидат потребни околу 3.515.000.000 денари или 57 милиони евра. Вредноста на субвенциите изнесува 2.154.695.000,00 денари. Ова беше нагласено на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Очекувањата во тутунската индустрија по завршениот откуп на тутунот“.

**30.3.2016 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - НА ЗАЕДНИЧКА МАСА СО СИТЕ НАДЛЕЖНИ ИНСПЕКЦИСКИ ИНСТИТУЦИИ**

Во организација на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите во Комората се одржа состанок, на кој присуствуваа и претставници од пазарна и градежна инспекција, царина и Инспекциски совет на темата: Што нуди новиот Закон за градежни производи, како и кои документи треба да ги подготви производителот односно увозникот за пласман на производот на пазарот. Од страна на м-р Соња Черепналковска од ИСРМ беа презентирани одредби од Законот за градежни производи кои се однесуваат за условите за пуштање на производот на пазар, означување на „CE“ ознака, обврски на економските оператори, надзорот и контролата на пазарот и друго. Посебно внимание и интерес предизвика изјавата за својства, како и техничките упатства кои се составен дел на изјавата за својства. На крај се заклучи дека вакви состаноци се неопходни, заради координираност на сите субјекти вклучени од експлоатацијата на суровините, производството и вградувањето на градежните материјали во објектите. Крајната цел, како што беше истакнато, е уште поквалитетна градба, од причина што градежништвото во овој период бележи зголемување на ангажираноста.

**8.4.2016 година**

**Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, со соработниците, присуствуваше на отворањето на македонска инвестиција во Република Србија - „СМЕЛТИНГ“ СО ФАБРИКА ВО ВЛАДИЧИН ХАН**

Претседателот на Владата на Република Србија Александар Вучиќ, на 7.4.2016 година, реализираше работна посета на „Смелтинг“ - Владичин Хан. Компанијата „Смелтинг“ - Владичин Хан, која е македонска инвестиција, се протега на површина од 4.300 м2 производствен дел и вкупна површина од 8.600 м2. Во моментот, оваа компанија има вкупно 13 вработени, но планирани се 60 вработувања до крајот на годинава. Инаку, оваа компанија се занимава со производство на полиестерски и метални ормари, трафостаници, трансформатори, алу-челично јаже, НН табли и друго. На отворањето на оваа фабрика присуствуваа и претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, извршниот директор на Комората д-р Јелисавета Георгиева, градоначалникот на Општина Велес Славчо Чадиев, како и претседателот на Регионалната комора со седиште во Велес Ѓорѓи Чадиев.

**11.4.2016 година**

**Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија учествуваше на Меѓународна конференција за дејноста пазари, што се одржа во Суботица, Р. Србија - КОРИСНА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ВО ПРАВЕЦ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА „ЗЕЛЕНИТЕ МАРКЕТИ“**

Групацијата на пазари со 15-тина учесници, членки на Групацијата во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, учествуваше на II МЕЃУНАРОДНА

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ, организирана од страна на Здружението на пазари на Р. Србија, а беше реализирана и посета на пазарите во Ниш и во Нови Сад. На дводневната конференција беа реализирани две панел-дискусии на тема: Приспособување на пазарната дејност на пазарните предизвици на XXI век и трибина на тема: Модели на формирање на цена, издавање тезги под закуп и наплата на пазарните услуги. На Конференцијата беа присутни претставници на пазарите од Република Српска, Босна и Херцеговина, Македонија, Република Унгарија и Република Србија. Во рамките на Конференцијата беа презентирани различните начини на организациска поставеност на пазарите, предизвиците со кои се соочуваат, влијанието на големите хипер-маркети на дејноста.

**11.4.2016 година**

**Во Стопанската комора на Македонија ПРЕТСТАВЕНА НОВОФОРМИРАНАТА ГРУПАЦИЈА ЗА ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВНИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА**

Претседателот на Групацијата, Димитар Мангутов ги презентираше основните цели и задачи на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена. На прес-конференцијата беше претставено и раководството на Групацијата, односно претседателот, заменик-претседателот и Управниот одбор, во кој членуваат претставници од сите области поврзани со оваа проблематика, со цел систематско и сеопфатно разгледување на сите прашања кои ги засегаат членките на Групацијата. Господинот Мангутов посочи и некои од прашањата кои заслужуваат внимание и на кои Групацијата ќе работи во наредниот период, а тоа се следните: прашањата поврзани со поефикасно водење и завршување на постапките за издавање одобренија за набавка на оружје; поедноставување на постапките за полагање ловечки испит и други прашања; честите измени на законската регулатива - Закон за оружје, Закон за ловство, Закон за промет на експлозивни материи, чиј основен текст е од 1985 година, како и други значајни прашања поврзани со унапредување на соработката со надлежните институции во насока на унапредување на дејностите на македонските компании од оваа област.

**12.4.2016 година**

**Здружение на трговијата - РАСПРАВА ОКОЛУ ПРАКТИЧНАТА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ**

На седницата на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија се расправаше за практичната примена на Законот за заштита на укажувачи. Членките на Здружението дискутираа за потребните акти со кои ќе се регулира заштитата на укажувачите, за интерните процедури кои ги предвидува Законот, како и начинот на кој ќе се определува кое лице ќе може да се јави како овластено лице за прием на пријави од страна на укажувачот и дефинирање и заштита на укажувачите.

**18.4.2016 година**

**Над 10.000 семејства во Република Македонија живеат од тргувањето на отворено - ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ СИЛЕН ПОТТИК ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**




Согласно процените и споредбените анализи кои се прават од страна на компаниите во изминатите години, од 10 до 20% се чувствува пад на продажбата на зелените пазари по појавата на продажба на зеленчук и овошје во големите супер маркети. Сепак, ова не е проблем и тренд само во Македонија. Искуството е исто во целиот регион. За таа цел, а во насока на задржување на атрактивноста на пазарите како удобно место за пазарење, согласно традицијата,

но пред се` и поради значајниот економски ефект на државно ниво, организаторите на пазари се` поактивно се организираат и разменуваат искуства пред се` со земјите од регионот, поради близината, но и сличноста на менталитетот. Размената на идеи и искуства оди во две насоки: - модернизација на пазарите преку инвестиции во изгледот и условите за пазарење и - воведување нови содржини на пазарите со цел задржување на купувачите на пазарите.

**19.4.2016 година**

**Иницијатива за започнување на примена на реципроцитет за поврат на данокот на додадена вредност помеѓу Република Хрватска и Република Македонија**

Македонското и хрватското законодавство ја уредуваат можноста за враќање на претходниот данок спрема даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа. Иако е остварена комуникација помеѓу двете надлежни министерства уште во 2012 година, и Министерството за финансии на Република Македонија се обратило до надлежното хрватско Министерство да започне да врши поврат на ДДВ на македонските даночни обврзници, со оглед дека условот на реципроцитет е исполнет, до денес, тоа се` уште не започнало да се спроведува. Од овие причини, Комората поднесе иницијатива до Стопанската комора на Хрватска, со барање, во рамките на нивните надлежности да се обратат до надлежните чинители во Република Хрватска за да бидат преземени сите потребни административно-правни дејствија и да почне да се применува реципроцитет за поврат на данокот на додадена вредност помеѓу Република Хрватска и Република Македонија.

**21.4.2016 година**

**Здружение на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел - ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА ЗАРАДИ ПОВИСОК ИЗВОЗ, НО И ЗА ОПСТАНОК НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР**

На состанокот на Здружението на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел при Комората, како проблем, компаниите ја истакнаа покачената цена на техничкото дрво преку промена на класификацијата и транспортот на истото, со што цената е зголемена за 20-25%. Плаќањето на техничкото дрво кај ЈП „Македонски шуми“ е авансно, а воедно и се доцни со испорака на истото. Комерцијалниот директор на ЈП „Македонски шуми“, господинот Тони Јованов, истакна дека треба да се најде заедничко решение со цел да се надминат овие состојби. Воедно се дискутираше и за потребата за што поскора сертификација на шумите во Р. Македонија. Од 2013 година во сила е Европската регулатива каде македонските компании кои сакаат да извезуваат во земји од Европската унија мора да имаат сертификат за извоз, без разлика дали е тоа FSC или PFC сертификатот.

**21.4.2016 година**

**Работна средба на Групацијата за оружје и опрема со претставници на Министерството за внатрешни работи - РАЗГЛЕДАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ДОМАШНИ ФИРМИ**

Управниот одбор на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за цивилна и воена намена одржа работна средба со претставници на Министерството за внатрешни работи од Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност и претставник од Одделот за финансии во Министерството, надлежен за спроведување јавни набавки. На средбата се разговараше за поефикасно завршување на постапките за издавање одобренија за набавка на оружје, согласно соодветните законски услови предвидени во Законот за оружје. Исто така, беа посочени и определени прашања кои во праксата им создаваат проблеми на компаниите, а се поврзани со неусогласеност на одредбите од Законот за ловство и Законот за оружје. Во делот на јавните набавки, посебно стана збор и за можноста при поставувањето на условите за доставување понуди и при евалуација на истите, единствен критериум да не биде цената, туку да се предвидат и други критериуми (стандарди за муниција и опрема и слично) кои се особено значајни кога станува збор за набавки за потребите на безбедноста и одбраната.

**22.4.2016 година**
**МАКЕДОНИЈА ПРЕПОЗНАЕНА КАКО ПОТЕНЦИЈАЛНО АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ТУРИСТИ ОД КАЗАХСТАН**
Македонски компании од секторот туризам и угостителство, земаа учество на Меѓународниот саем за туризам во Алмати, Република Казахстан, со цел промовирање на земјата како атрактивна туристичка дестинација за привлекување туристи од нови пазари, на која учествуваа и Славе Сирачевски, заменик-претседател на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и сопственик на туристичката агенција „Аурора“, како и Асим Меџедовиќ, член на Здружението при Комората и сопственик на агенцијата „Фибула“.

**25.4.2016 година**
**Прес конференција - КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА ПРЕКУ УЧЕСТВО НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ОВОЈ ПРОЦЕС**
Законската рамка и начинот на функционирање на колективниот постапувач со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, беше главниот акцент во обраќањето на Фана Христовска од „Ел колект“ - членка на Асоцијацијата на секундарни суровини. Законските обврски на учесниците во процесот на постапување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема започнаа од 1 јануари 2015 година, но се` уште постојат отворени прашања околу примената на регулативите. Беше посочена улогата и местото на сите чинители во процесот на управувањето со електрична и електронска опрема, вклучително и на медиумите, во насока на поголема промоција на потребата за успешно постапување со отпадната електрична и електронска опрема и со тоа зачувување на животната средина.

**26.4.2016 година**
**94 ГОДИНИ ОД КОМОРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – Јубилејот одбележан со доделување награди и признанија на Стопанската комора на Македонија за 2015 година и претставување на дуалниот систем во средното стручно образование, како главен приоритет на Комората во 2016 година**



На свечената седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, по повод 94-годишнината од коморското организирање во Република Македонија, пред присутните се обрати претседателот на Комората Бранко Азески, кој го истакна задовлство што и после толку години искуство сме бренд и лидер во коморскиот систем не само во земјава туку и во регионот. При тоа, Азески посочи дека за најоптимално извршување на коморската функција, мора да постои консензус помеѓу јавниот и приватниот сектор без кој нема економски напредок. Ни треба акција, да бараме нови пазари и од „петни жили“ да ја развиваме индустријата - подвлече претседателот Азески. Награда за реализирани инвестиции во земјата во 2015 година му е доделена на Земјоделски комбинат „ПЕЛАГОНИЈА“ АД – Битола. Специјално признание за доајен меѓу македонските менаџери му е доделено на господинот Димитар Маџунков, стопанственик во пензија, основач на две компании во Гевгелија, „Конти Хидропласт“ и „Интерконстракшан“. Специјално признание за компанија со најголем број учесници на едукативни настани во Стопанската комора на Македонија во 2015 година е доделено на АД „ЕЛЕМ“ – Скопје. Награда за најдобар партнер на Стопанската комора на

Македонија од државните институции во 2015 година е доделена на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Специјално признание за најуспешна компанија носител на Сертификат „Excellent SME Macedonia“ издаден од Комората во 2015 година е доделено на компанијата „Инфо-биро“ ДОО – Охрид. Со цел воведување дуален систем во средното стручно образование, како еден од приоритетите на Стопанската комора на Македонија во 2016 година, од страна на господин Мартин Кнап, директор на Германската стопанска комора во Македонија, се одржа презентација на темата: „Обезбедување стручен и квалификуван кадар во согласност со потребите на бизнисот – воведување дуален систем во средното стручно образование“. Господинот Кнап потенцираше дека придобивки од дуалниот систем на стручно образование имаат сите учесници – како компаниите, така и самите практиканти, но и државата, која на тој начин ќе придонесува за намалување на невработеноста помеѓу младата популација.



**27.4.2016 година**

**Коста Митровски, претседател на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија - БАНКИТЕ ИМААТ ВИШОК НА ЛИКВИДНИ СРЕДСТВА И ПОДГОТВЕНИ СЕ ДА ГИ СЕРВИСИРААТ СИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНИТЕ И КОМПАНИИТЕ**

Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија одржа прес-конференција поврзана со работата на банкарскиот систем во Република Македонија во услови на актуелната состојба во државата, на која се обрати претседателот на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, господинот Коста Митровски. Господинот Митровски изјави дека во моментот банкарскиот систем е најздравиот дел од нашата економија и потенцираше: „Поседува висока капитализираност, адекватноста на капиталот е речиси два пати поголема од пропишаниот законски минимум, и како и во изминатиот период така и сега банките располагаат со висока ликвидност. Со еден збор кажано, во моментов банките имаат вишок на ликвидни средства и се спремни да ги сервисираат сите потреби на граѓаните“.

**9.5.2016 година**

**Проект: „Поттикнување на пазарната трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии“ - КЛУЧНИ ЧЕКОРИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ**

На прес-конференција на Стопанската комора на Македонија, се разговараше за енергетската ефикасност за конкутрентана и одржлива индустрија. Госпоѓата Ана Петроска, како национален раководител, го образложи Проектот „Поттикнување на пазарната трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии“.

**11.5.2016 година**

**Здружение на банкарството - ЗАТЕГНАТАТА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗДРАВА ФИНАНСИСКА И МАКРО-ЕКОНОМСКА РАМНОТЕЖА**

На седницата на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија присуствуваше и гувернерот на Народната банка на Република Македонија, м-р Димитар Богов. Гувернерот Богов посочи дека стабилизирањето на финансискиот сектор е евидентно и дека негативниот тренд кој постоеше во месец април полека се надминува. Имено, процентот на извлечени депозити во месец април изнесува 1,6% или 3,6 милијарди денари, кој податок ја претставува стабилноста на банкарскиот систем. Народната банка на Република Македонија, со цел

да обезбеди целосна поддршка на системот, воведе мерка - аукции на девизни депозити, со што ги подобри условите за пласирање девизни депозити на домашните банки во НБРМ. Понатаму, Народната банка на РМ воведе зголемување на задолжителната резерва за депозити во домашна валута со валутна клаузула од 20% на 50%. Сето ова ќе придонесе кон уште поголема стабилност на банкарскиот систем и негова ревитализација, - посочи гувернерот Богов.

**16.5.2016 година**

**Македонска асоцијација на рударството - МАР - ПОТРЕБНА Е ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ, КАКО ЗА ЦЕЛОКУПНОТО СТОПАНСТВО, ТАКА И ЗА РУДАРСКИОТ СЕКТОР**

Во своето обраќање на оваа тема, претседателот на МАР, Николајчо Николов, истакна дека индустриското производство кај рударството и вадење камен, за првите три месеци од 2016 година споредено со истите во 2015 година, бележи опаѓање од 1,2%. Намалувањето на индустриското производство во рударството, посебно кај металите, секако е последица и на затворањето на двата рудника „Тораница“ и „Злетово“. Како дополнителен проблем кој, во последно време, е се’ поизразен беше нагласен недостатокот на стручна квалификувана работна сила. Делумно проблемот произлегува од средното образование, кое не продуцира соодветен образовен и квалификуван кадар кој би бил подготвен веднаш да се вклучи на пазарот на трудот.

**17.5.2016 година**

**Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена - УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ОВЛАСТЕНИ ЗА РАБОТА СО ВООРУЖУВАЊЕ И ОПРЕМА**

Во Стопанската комора на Македонија беше одржан состанок на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, на којшто присуствуваше и министерот за одбрана на РМ, д-р Зоран Јолевски со неговите соработници. Целта на состанокот беше унапредување на соработката на Министерството за одбрана на Република Македонија со домашните компании овластени за работа со вооружување и опрема, во согласност со тековните потреби и планирања на Министерството, како и преземање активности за подобрување на работењето на компаниите. На состанокот беше разговарано за организирање презентација на домашните компании коишто се занимаваат со производство и трговија на вооружување и воена опрема.

**18.5.2016 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ПОБАРАНА ПРОМЕНА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

Членките на Групацијата за безбедност и здравје при работа, расправајќи за иницијативи за следните активности во однос на законската регулатива од областа на безбедноста и здравјето при работа, истакнаа дека фирмите од оваа дејност се соочуваат со сериозни проблеми во своето работење кои произлегуваат од законската регулатива и од донесените правилници. Како приоритетно прашањае се посочија дека кај бодувањата на стручните лица кои се бодираат според Правилникот за бодување на лиценцирани лица за БЗР не се до крај дефинирани условите за активно или пасивно усовршување во земјата и во странство, со оглед на фактот што на фирмите од оваа дејност им се потребни обучени и стручни кадри.

**30.5.2016 година**

**ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ИНОВАТИВНИ ПРОИЗВОДИ - РЕЦЕПТ ЗА ЛИДЕРСТВО НА ПАЗАРОТ**

На прес-конференцијата на Комората, д-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанска комора на Македнија потенцира дека и во ситуации кога компаниите се соочуваат со предизвици дали поради проблемите со ликвидноста или наметнати фактори од окружувањето или пошироко, Комората се гордее со компаниите и секторите кои инвестираат не само во земјата, туку и во странство. Земјоделско-прехранбениот сектор е еден од клучните сектори на македонската економија, и третиот најголем сектор по услугите и индустријата. Еден од главните потсектори во

прехранбената индустрија е индустријата за производство на алкохолни, безалкохолни пијалаци и вода. Според статистичките податоци, во 2015 година производството на сокови во државата бележи раст од 4% во однос на 2014 година. Во истиот период производството на вода забележа зголемување од 25% во однос на 2014 година, потенцираше д-р Георгиева. Денес со нас се присутни претставници на компанијата „Кожувчанка“ ДОО од Кавадарци, која е основана во 1995 година и е првата приватна компанија за полнење минерална вода во Македонија. На чело на оваа компанија е господинот Митко Јанчев, кој е воедно и претседател на Регионалната комора со седиште во Кавадарци - Комора, која е многу значајна за тој регион, особено како регион со голем извозен потенцијал. Во производното портфолио на „Кожувчанка“ постојат 5 бренда во кои компанијата контунуирано инвестира и во иновации и промоција, како основен предуслов за создавање производи со одличен квалитет, со цел зголемување на довербата кај потрошувачите и одговарање на предизвиците и барањата на европските стандарди. Последните инвестиции на компанијата според нивните податоци, изнесуваат околу 400.000 евра, истакна д-р Георгиева. Инвестициите во иновативните производи се во делот на ласерското одбележување на амбалажата, првично кај „Изворска“, а потоа и кај другите брендови, во системот на свежо точено пиво директно од пиварницата, во новата амбалажа на ладните чаеви и на газираните пијалаци кои отсега ќе се продаваат и во лименка.

**6.6.2016 година**

**СОРАБОТКА МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР СО ЦЕЛ КРЕИРАЊЕ ЈАВНО-ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВИСОКОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**




Софче Јовановска, советник на Управниот одбор на Стопанската комора, на прес-конференцијата на Комората, информираше дека една од приоритените активности на Стопанската комора на Македонија е унапредување на системот на образование во согласност со потребите на бизнисот и во таа насока се анализираат можностите за воведување на т.н. „дуални принципи“ на средно стручно образование, односно, наизменично учење и во компанијата и во училиштето, како соодветна комбинација и на теоријата и на праксата. Во земјите каде што функционира системот на дуално образование стапката на невработеност е помала од 10 отсто. Имајќи ја предвид нераскинливата врска помеѓу образовните институции и компаниите во моделот на дуалното образование, Стопанската комора на Македонија реализираше истражување насочено кон компаниите со цел да се испита нивната подготве ност за учество во дуалниот модел на средно стручно образование. Општ став согласно добиените резултати е постоењето на првичен интерес кај компаниите да се вклучат во процесот на дуалното образование. Задоволителен е и процентот на вработување на учесниците кои завршиле практична настава, а потоа се вработиле во истата компанија. Со цел да се добие одржлив систем неопходно е да се има долгорочна соработка со компаниите, а тие да бидат финансиски стимулирани од државата. Од друга страна, главниот мотив за компаниите не треба да биде финансиската помош, туку фактот дека тие после обуката имаат спремен кадар да работи кај нив, а компанијата нема да губи време во дополнителна обука на нововработениот.

**9.6.2016 година**

**Групација на производители на заштитни врати - ЗАОСТРУВАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА УВОЗОТ НА ЗАШТИТНИ ВРАТИ**

На седницата на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија се истакна дека во изминатиот период утврдувањето на квалитетот на заштитните врати се врши во акредитираната лабораторија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Врз база на извршената постапка на реализираното тестирање се дава сертификат за противнасилно отворање и која класа ја задоволува заштитната врата. Претставниците на Групацијата ги потенцираа проблемите со кои се соочуваат, како што се квалитетот на заштитните врати од увоз кои се карактеризираат со низок квалитет, за што се предложи да се побара од надлежните државни институции да се овласти тело (во кое што свое учество ќе земат и производителите), кое ќе врши контрола на квалитетот и ќе издава атести за квалитет.

**10.6.2016 година**

**Во Охрид, од 9 до 12 јуни 2016 година се одржува 7. Меѓународен металуршки конгрес: „Металургијата, материјалите и заштитата на животната средина“ - ДОБЛИЖУВАЊЕ НА НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ДО РЕАЛНИОТ СЕКТОР**

На 7. Меѓународен металуршки конгрес: „Металургијата, материјалите и заштитата на животната средина“, 9 до 12 јуни 2016 година, голем број видни автори од универзитети, истражувачки центри и институти од Германија, Финска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Словенија, Бугарија, Турција, Словачка и др., како и претставници од македонската металуршка индустрија ги презентираат своите најнови сознанија на теми релевантни за оваа индустрија, пред се` новите технологии и новите типови материјали и разменија знаење и искуства од интерес за развој на овој, особено значаен индустриски сектор за националните економии, како и за економијата во регионот на Југоисточна Европа. Во рамките на Конгресот се одржа тркалезна маса за металниот сектор на која се разгледаа состојбите во овој комплекс низ призмата на актуелните случувања на глобален план, можностите за унапредување на соработката, размена на знаења и искуства со цел оваа индустрија да прерасне во движечка сила на економијата во регионот.

**13.6.2016 година**

**Одржан состанок со Бен Лион, директор на Куќата на тренингот – Агенција за трансфер на финансиска технологија (АТТФ) од Луксембург - МОЖНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА ПОЛЕТО НА ЕДУКАЦИЈА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР**




Потпретседателот на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, Тони Стојановски оствари работна средба со Бен Лион, директор на Куќата на тренингот - Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург. На состанокот, господинот Лион накратко ги образложи структурните промени на организацијата, која од јануари 2016 година како Куќа на тренингот функционира во рамките на тростолбната структура која ја сочинуваат Агенцијата за трансфер на финансиска технологија (ATTF), Институтот за банкарска обука во Луксембург (IFBL) и Стопанската комора на Луксембург.

**13.6.2016 година**

**ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БЛОКАДИТЕ НА МАКЕДОНСКО-ГРЧКАТА ГРАНИЦА И ШТРАЈКОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ПРИСТАНИШТЕТО ВО СОЛУН ПО МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО - ВКЛУЧЕН АЛАРМОТ ЗА ИТНО НАДМИНУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ**




Блокадите од застојот на работата на пристанишните работници во Пристаништето во Солун се’ уште се присутни со неизвесност до кога истите ќе траат, а во насока на што поитно изнаоѓање решение за надминување на состојбите и намалување на негативните последици врз стопанството, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и од генералниот директор на „Македонски железници – Транспорт“, Никола Костов, веќе е доставен ургентен допис до Унијата на грчките трговско-индустриски комори, до Железничката управа на Република Грција и до Управата на Пристаништето во Солун, како и до постојниот амбасадор на ЕУ во Македонија, неговата екселенција г-дин Аиво Орав, за нивно соодветно вклучување во реализирањето на поставената цел, информираше д-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија на редовната прес-конференција. Стопанската комора на Македонија пристапи кон анкетно прибирање на потребни информации за состојбите што се случуваат на терен, како и за пресметките за предизвиканите штетни, во кое беше вклучено членството на Комората - 650 компании од секторите: сообраќај, металургија, прехранбена индустрија, текстил, енергетика, метална и елетроиндустрија, градежништво. Генерална констатација од анкетата е дека со предизвиканите блокади и нефункционирањето на Солунското пристаниште, штетни последици трпи целото стопанство, без разлика дали дел од нив непосредно го користат транспортниот Коридор 10, или Пристаништето во Солун, бидејќи нивната поврзаност со комитентите што го користат овој правец и услугите, на индиректен начин ги чувствуваат последиците. Во однос на железничкиот превоз, „МЖ – Транспорт“ како национален железнички оператор, поради прекинот на железничкиот Коридор 10, трпи големи загуби и штети, кои во последните три месеци изнесуваат околу 3 милиони евра како директни штети, односно околу 5 милиони евра како индиректни штети, потенцираше генералниот директор на „Македонски железници – Транспорт“ АД - Скопје, Никола Костов. Кога се работи за индиректните штети, најголем проблем е неисполнувањето на договорите со комитентите, кај кои се губи довербата и кои носат одлуки превозите да се преупатат преку Коридорот 4 (Србија, Бугарија, Грција). Во вакви услови, крајно загрижувачки е што се губи атрактивноста за користење на пан-европскиот Коридор 10, за сите превози кои одат во правец север – југ.

**14.6.2016 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ЗА КВАЛИТЕТЕН ГРАДЕЖЕН ПРОИЗВОД ПОТРЕБНО Е И ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

Иницијативата за одржување на денешниот состанок е покрената на повеќе состаноци на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, како и на Македонската асоцијација на рударството (МАР), при што се дискутираше за експлоатација на неметалните минерални суровини, нивната преработка, а пред се`, честата нелојална меѓусебна конкуренција, но и нелојалната конкуренција од така наречените „диви“ копачи. Во насока на изнаоѓање решенија, разговарано е со ресорното Министерство за економија, посебно со Секторот за минерални суровини, подготвена е и Информација која е доставена до Владата на РМ, при што се направени измени во Законот за кривична постапка, но и измени на Законот за минерални суровини, и донекаде состојбата веќе е подобрена. Сепак, со донесување на Законот за градежни производи, постои надеж дека сите субјекти кои се вклучени во експлоатација на неметални минерални

суровини и почитувајќи ги одредбите, заедно со сопствените лаборатории или овластените лаборатории, ќе се успее да се елиминира нелојалната конкуренција и на крај ќе се добие квалитетна суровина која ќе има своја соодветна намена и ќе биде вградена во објектите.

**15.6.2016 година**

**Во рамките на Здружението на информатичко-комуникациски технологии - ФОРМИРАНА ГРУПАЦИЈА ЗА ПРОМЕТ СО ИКТ-ОПРЕМА**

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси во рамките на прометот со ИКТ-опрема, на иницијатива на повеќе компании се одржа конститутивна седница на која се формираше Групација за промет со ИКТ-опрема како посебна форма на организирање и работење во рамките на Здружението на информатичко-комуникациските технологии. Групацијата ќе работи на разгледување прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста, ќе усвојува заклучоци и ќе предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а согласно законските прописи и добрите деловни обичаи. За претседател на Групацијата за промет со ИКТ-опрема е избран Бобан Тотовски, генерален менаџер на „ТНТ ИТ Маркет“ - Скопје, а за заменици-претседатели се избрани Никола Настевски од „Нико Фон“ - Скопје и Горан Димитровски, директор на „АМЦ“ - Скопје.

**20.6.2016 година**

**ЕЛИМИНИРАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА - РЕШЕНИЕ ЗА УСПЕШНО УПРАВУВАЊЕ СО КОЛЕКТИВНИТЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија, на прес-конференција информираше за активностите што ги презема со цел елиминирање на „сивата“ економија како основа за успешно управување со колективните станбени згради. Претседателот на Групацијата, Васе Самараков истакна дека лиценцираните управители како правни субјекти редовно ги плаќаат обврски кон државата, придонеси, даноци и други видови давачки. Во таа насока, учеството на овие правни субјекти во домашната економија не е за занемарување, ако се има предвид неколкукратниот бенефит. Нови вработувања, редовно плаќање на давачките кон државата, намалување на „сивата“ економија, од аспект на евиденција на вработувања за хигиена по влезовите, мајсторските работи и сл. Сите проблеми, се доставени и до Регулаторната комисија за домување, а ќе бидат доставени и до надлежното Министерство за транспорт и врски, со надеж дека нивното елиминирање, односно решение ќе обезбеди фер услови на пазарот во насока на задоволување на потребите на крајните корисници, а тоа се граѓаните.

**22.6.2016 година**

**ТРКАЛЕЗНА МАСА ПОМЕЃУ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ОД РАЗЛИЧНИ СТОПАНСКИ СЕКТОРИ И БАНКАРСКИОТ СЕКТОР**




Во организација на Стопанската комора на Македонија се одржа тркалезна маса помеѓу претставници од компаниите и банкарскиот сектор кои работат во Република Македонија, посветена на кредитната поддршка од страна на банките за компаниите од различни стопански сектори. Претставниците на компаниите ја истакнаа неопходната потреба од финансиски средства како би ја подобриле самата ликвидност во работењето, имајќи предвид дека плаќањето на репроматеријали спрема странските добавувачи е однапред или со давање на банкарска гаранција, а од друга страна мора да ги почитуваат роковите на испорака спрема купувачите. Од страна на банките беше истакнато дека имаат доволно финансиски средства за кредитирање како на населението така и на стопанството, имаат воведено и дополнителни кредитни линии од сопствени средства за одредени стопански дејности (земјоделство, преработувачка индустрија и транспорт) каде каматните стапки се движат од

5-6%. Исто така, посочија дека и покрај последната одлука од страна на НБРМ, комерцијалните банки во моментот не носат одлуки за зголемување на каматите на кредитите и дека има простор и можност за финансирање на стопанството со поволни каматни стапки.

**22.6.2016 година**
**Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори - НЕОПХОДНИ СЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ДОНЕСЕНИОТ ПРАВИЛНИК ЗА ИЗВОЗ, УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ОТПАД**

Иако донесен пред 20-ина дена, Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад („Службен весник на РМ" бр. 107 од 6.6.2016 година), неопходно е да претрпи измени и дополнувања, со цел истиот да може непречено да се применува, во склад со најавениот процес на либерализација и поедноставување на постапките на извозот, увозот и транзит на неопасниот отпад. Доколку не дојде до ваквите измени, стопанствениците можат да се соочат со долгите рокови за добивање согласност, што не е во склад со потребните процеси на слободно движење на неопасниот отпад, присутно во регулативите на земјите-членки на Европската унија, беше заклучено на седницата на Управниот одбор на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори, одржана на 22 јуни 2016 година во Стопанската комора на Македонија. До реализирање на потребните измени и дополнувања од присутните претставници од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање беше побарано во најкус можен рок да се даваат потребните согласности за извоз и увоз на неопасен отпад.

**22.6.2016 година**
**Групација за противпожарна заштита - ЌЕ СЕ ИСПОРАЧААТ НОВИ БАРАЊА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА ДО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА АМБИЕНТОТ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ**

Членките на Групацијата за противпожарна заштита расправаа за заклучоците од работилницата на Противпожарниот сојуз на Македонија, одржана на 26.11.2015 година, а во врска со актуелните состојби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат за подобрување на амбиентот за стопанисување на стопанските субјекти од оваа област. Како проблеми во работењето се посочија недостатокот на контрола на исправноста на противпожарните апарати и квалитетот на сервисирањето на истите и нелојалната конкуренција. Се посочија проблеми и за дефинирање која институција ги спроведува и ги контролира уредите, опремата и средствата за гасење, во согласност со прописите за стандардизација, акредитација и оценка за сообразност. Во дискусијата се истакна дека за подобрување на работата на стопанските субјект неопходно е да се изврши ревидирање на лиценците и да се провери нивната усогласеност со Законот за пожарникарство, а ревидираната листа да се објави на сајтот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**27.6.2016 година**
**ПРЕДЛОЗИ И АКТИВНОСТИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО АКТУЕЛНАТА ЕКОНОМСКА СИТУАЦИЈА – ПОТРЕБНИ СЕ ИТНИ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ЗА СТОПАНСТВОТО**

Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 21.6.2016 година, донесе Заклучоци, а кои се врзани со потребата за што поитно постапување при спроведувањето на редовните административни постапки кои ги покренуваат компаниите пред државните органи, како и функционирањето на Солунското пристаниште, кои се моментално најактуелни теми кои негативно се одразуваат на работењето на компаниите, истакна Билјана Пеева-Ѓуриќ, директор во Стопанската комора на Македонија, на редовната прес-конференција. Воедно, задолжена е стручната служба на Комората да преземе активности во насока на промоција на условите за превоз преку други пристаништа во регионот (Драч, Бургас, Бар). Комората формираше тим кој ќе работи по поднесено барање од компаниите, за помош и поддршка во комуникацијата и во спроведување на административните процедури пред министерствата и другите органи на управата, со цел да им се излезе во пресрет на оние компании кои имаат потреба за навремено завршување на сите управни постапки што се во тек, а се итни и поради нивниот застој би трпеле штета во нивното редовно работење.

**28.6.2016 година**

**Трибината: ФОТОВОЛТАИЧНИТЕ СИСТЕМИ БЕЗ ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА – РЕАЛНА МОЖНОСТ**

Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, реализираше трибина на тема: „Опции, отворени прашања и можни решенија за поставување фотоволтаични системи врзани на дистрибутивна мрежа што не користат повластена тарифа“. Трибината беше во насока на реализација на иницијативата за воведување можност за поставување фотоволтаични системи на покривите на објекти од кои би се произведувала електрична енергија за сопствена потрошувачка, а вишокот би се пласирал во дистрибутивната мрежа.

**30.6.2016 година**

**КОМУНАЛНИТЕ ВОДОВОДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА БАРААТ ЗАШТИТА ПРЕКУ ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО РЕГУЛИРАЊЕТО НА ВОДАТА КОЈА СЕ КОРИСТИ ОД ПРИВАТНО ИЗГРАДЕНИ БУНАРИ**

Комуналните водоводни претпријатија во повеќе општини реагираат дека за еден дел од водата што ја управуваат немаат контрола кој ја троши, како и за тоа кој се` испушта вода во канализационите системи што се во нивна надлежност. Согласно укажувањата на членките на Групацијата за водовод во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, се` повеќе во општините има капацитети кои самите си градат бунари, за што дел од нив добиваат дозвола од надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање, а дел се градат на диво, а при тоа ниту едните ниту другите не плаќаат надомест што водата по употребата ја испуштаат во канализационите системи на водоводните претпријатија. Дополнителен проблем е што нема ниту механизам како да се наплати водата што индустриските капацитети ја користат од бунарите бидејќи ниту една институција во државата не баждари водомери врз основа на кои може да се фактурира трошок за испуштена вода во канализационите системи користена преку бунари.

**30.6.2016 година**

**ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ ЌЕ РАБОТАТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВЗАЕМНАТА СОРАБОТКА - Одржана работна средба во Стопанската комора на Македонија на членките на Групацијата и министерот за одбрана во Владата на РМ, д-р Зоран Јолевски**




Компаниите-членки на Групацијата имаа можност детално да ја претстават својата широка палета на производи и услуги, меѓу кои и тренажери (за оклопна техника, хеликоптери, ракетни системи и друго, по потреба на добавувачите), гранати, панцири, гумени палки, производи за интервентна заштита, војнички ремени, заштитни воени ракавици, униформи, ќебиња, ткаенини за потребите на војската, сервисно логистички услуги за одржување на различни типови лесни и теренски возила, надградба на транспортни возила, конверзија и надградба на разни видови оружје, одржување, сервисирање, калибрација и баждарење на разни видови детектори, ремонт и модернизација на хеликоптери и блокови за воздухоплови, сервисирање и бојадисување на авиони, опрема за заштита на јавниот ред и мир, опрема за инспекција на возила, cyber-заштита, радари и други производи и услуги што би можеле да бидат од интерес за потребите на Министерството за одбрана. Министерот за одбрана д-р Јолевски се заблагодари за деталната презентација на членките на Групацијата за оружје и опрема, при што нагласи дека од интерес за Министерството за одбрана е да се развива производството на оружје и опрема на домашните компании, како и да се унапредат услугите за сервисирање и подобрување на перформансите на постојната опрема.

**1.7.2016 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ПРИСТАНИШТЕТО ВО ДРАЧ**




Со цел запознавање на стопанските субјекти со потенцијалите и можностите што ги нуди Пристаништето во Драч, Република Албанија, како второ најблиско морско пристаниште за потребите на македонското стопанство, а во функција на интензивирање на соработката за негово поголемо искористување, во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на потенцијалите и можностите за користење на услугите на Пристаништето во Драч. Презентацијата ја реализираше стручна екипа од Пристаништето во Драч, предводена од генералниот директор, Газменд Шалси. Оваа презентација претставува и реализација на еден од Заклучоците на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, од седницата одржана на 21.6.2016 година, на која беше укажано на потребата повторно да се актуализира организирање на циклус презентации на најблиските морски пристаништа од опкружувањето, коишто како алтернативна замена на Пристаништето во Солун можат да ги користат македонските стопанственици, со цел во одредени ситуации на блокади, штрајкови и слично, преку нивно користење да се амортизира негативното влијание врз економско-финансиското работење на компаниите.

**7.7.2016 година**

**Средба на министерот за финансии со трите најголеми стопански комори во земјата – ПОДДРШКА ОД БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПРОЕКТИТЕ КОИ ЌЕ УСЛОВАТ РАСТ НА ЕКОНОМИЈАТА**

Со цел запознавање со новиот министер за финансии во Владата на Република Македонија м-р Кирил Миноски и дефинирање на приоритетните прашања во интерес на бизнис-заедницата, во Кабинетот на министерот Миноски се одржа работна средба со претставниците од Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори. Приватниот сектор е двигател на економијата и без негово нормално функционирање не е можен развој, а главните насоки на делување на Министерството, како и на Владата, се насочени кон поттикнување на инвестиции и создавање услови за поволно деловно опкружување, подвлече министерот Миноски. Коморите се едногласни кога станува збор за успешната соработка со Министерството, која е на високо ниво во изминатите години, за што потврда се и бројните предлози и иницијативи поднесени од страна на бизнис-заедницата, а кои биле прифатени од страна на Министерството, како и на органите кои влегуваат во негов состав, односно Царинската управа и Управата за јавни приходи. На средбата, извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева истакна дека за Комората и нејзините членки и натаму приоритетни се прашањата поврзани за натамошниот развој на инфраструктурата, и државата ќе има силна поддршка од бизнис-заедницата за сите економски политики во тој правец, понатаму за прашањата поврзани за инвестициите, како и поддршка на извозните компании, имајќи предвид дека 85% од компаниите-членки на Комората се целосно извозно ориентирани.

**4.7.2016 година**

**ДОБРА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА - ПРЕДИЗВИК ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ**

Според податоците на Државниот завод за статистика, во периодот јануари – април 2016 година, во Македонија престојувале 172 684 туристи, што е за 14,4% поголем број туристи споредено со истиот период лани. Во следниот период потребно е да се работи на: елиминирање на нелојалната

конкуренција, од фирма човек туристички агенции; инвестирање во автопатот Гостивар – Кичево, како и подобрување на патната инфраструктура на патот Гостивар – Дебар преку Маврово; се јавува потреба од квалификуван работен кадар со познавање на јазиците од каде што доаѓаат голем број туристи. Се предлага воведување на факултативно изучување на јазиците и пилот-програми во средните туристички училишта и факултетите за туризам особено во Охридско-струшкиот регион.

**11.7.2016 година**
**СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОБРИТЕ ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ**
Резултатите од Проектот „Спроведување на правото на ЕУ во животната средина“ даваат можност за поедноставен и поефикасен начин, со примена на добри ЕУ-практики, при спроведувањето на инспекцискиот надзор во животната средина, беше истакнато на денешната средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија . Проектот како краен производ им понуди на операторите софтверски решенија и алатки со кои ќе се поедностави процесот на контрола и инспектирање на исполнувањето на законските обврски во поглед на животната средина на поголем број индустриски сектори (енергетика, инсталации за железо и челик, отпадни масла, преработувачки капацитети за неупотребливи возила, винарници, пиварници, објекти за преработка на месо, каменоломи и рудници и други). Со примената на резултатите и крајните производи од Проектот ќе се постигне повисоко ниво на усогласеност со законодавството во животната средина за сите македонски граѓани, индустрии и останати заинтересирани страни.

**11.7.2016 година**
**НОВИТЕ БАЛАНСНИ ПРАВИЛА ПОДОБРИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
Македонската енергетска асоцијација (МЕА) при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која се разгледаа Предлог-текстот на правилата за изменување и дополнување на Правилата за пазар не електрична енергија, како и проблемот со концесискиот надоместок на концесионерите на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани. Предлог-текстот на правилата за изменување и дополнување на Правилата за пазар не електрична енергија го презентираше претставникот од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, Марко Бислимоски, кој истакна дека најголемите измени се однесуваат кај балансниот механизам кај секундарната и терцијалната регулација.

**13.7.2016 година**
**ЗДРУЖЕНИЕТО НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ГО РАЗГЛЕДУВАШЕ ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА, ОБЈАВЕН ОД ЗДРУЖЕНИЕТО „СОКОМ МАП“**
Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија го разгледуваше Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела, објавен од Здружението СОКОМ МАП. На седницата беа присутни и претставници од СОКОМ МАП, со цел во меѓусебна комуникација да се разменат мислења и ставови по обврските што произлегуваат од авторските музички права. Членките на Здружението и овој пат потенцираа дека не отстапуваат од плаќањето на авторските музички дела и дека го поддржуваат интересот за развој на културата и уметноста. Од претставниците на СОКОМ МАП се побара одговор до каде е процедурата за регулирање на статусот на новото здружение и со каков капацитет истото ќе функционира. Она што ги засега туристичко-угостителските компании е да се обезбеди целосна примена на законот, што значи сите правни субјекти од дејноста да плаќаат за авторските и музичките дела, а не како сега кога само еден дел од нив плаќаат и го носат товарот.

**10.8.2016 година**
**СООПШТЕНИЕ - Мелничарите бараат итно поништување на новата мерка при увоз на пченица**
Мелничко-пекарската индустрија во Република Македонија се соочува со определени состојби поврзани со зголемување на трошоците од работењето. Последната од низа донесени мерки - зголемување на висината на надоместокот за фитосанитарната анализа при увоз на пченица од страна на Државниот инспекторат за земјоделство при Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, е донесена без претходни консултации со претставниците на индустријата и со истата цената за фитосанитарната анализа при увоз само на пченица (брашното не е опфатено) е зголемена за 833%, што е спротивно и на правилата на ЦЕФТА и на СТО. Воедно, претставниците од компаниите членки на Групацијата на мелничко-пекарската индустрија посочуваат дека во последните две години истата анализа се наплаќа двојно - еднаш при увоз на пченица, и повторно, при царинење на истата. Практично, компаниите се двојно оптоварени за една иста анализа.

**29.8.2016 година**

**Одбележан Денот на рударите – 28 Август во Пробиштип - РЕСТАРТИРАЊЕ НА РУДНИКОТ ЗА ОЛОВО И ЦИНК „ЗЛЕТОВО“**



Денот на рударите - 28 Август, на ниво на државата, пред голем број гости, беше одбележан на големиот христијански празник – Голема Богородица во Пробиштип, а истовремено беше одбележано и рестартирањето на Рудникот за олово и цинк „Злетово“. Во своето обраќање пред присутните, министерот за економија во Владата на Република Македонија, господинот Дритон Кучи, нагласи дека рударството учествува со 1,5 % во БДП, со раст околу 10 % и со околу 13.000 вработени. Се очекува рударството да стане двигател на економскиот раст во иднина. Компанијата „Минстрој“ од Бугарија е идниот сопственик на двата рудника „Злетово“ и „Тораница“. „Минстрој“ ќе инвестира околу 20 милиони евра за рестартирање на овие два рудника. Посебна Благодарница за успешна соработка со Министерството за економија беше доделена и на Македонската асоцијација на рударството – МАР при Стопанската комора на Македонија.

**5.9.2016 година**

**ЛИКВИДНОСТА КАЈ КОМПАНИИТЕ согласно последното анкетно истражување на Стопанската комора на Македонија**

Со цел согледување на моменталните движења и состојби, спроведено е и трето анкетно истражување во месец август 2016 година (по претходните во април и мај 2016), а во врска со повратот на ДДВ, наплатата на побарувањата и ликвидноста, на кое е добиен одговор од околу 800 компании од различни стопански сектори, истакна Билјана Пеева-Ѓуриќ, директор во Стопанската комора на Македонија. Во однос на повратот на данокот на додадена вредност, 97% од компаниите одговориле дека не се соочуваат со позначајни проблеми по овој основ. Во моментов повратот на ДДВ најчесто се движи со задоцнување од еден до три месеци, што засега од компаниите е оценето дека е во рамките на прифатлива динамика. Единствено компаниите кои имаат барања по основ на поврат на ДДВ кои се веќе доспеани за наплата, а се работи за поголеми износи, се соочуваат со проблеми со ликвидноста и неможноста планираните средства да ги користат за друга намена во процесот на производство или да ги сервисираат своите обврски. Скоро идентична е оценката на компаниите во однос на наплатата на побарувањата, како во претходните 2 истражувања, односно околу 40% од нив наведуваат дека наплатата е со многу подолги рокови од обврската за плаќање. Ова особено е потенцирано дека се однесува кога компаниите даваат услуги на јавниот сектор и оваа наплата е со продолжени рокови кои иако се договорни на (30, 60 или 90 дена), повторно истите не се почитуваат. Како резултат на ваквите состојби, од страна на бизнис заедницата е посочено непочитување на одредбите од Законот за финансиска дисциплина, кој системски треба да ги регулира меѓусебните плаќања и исполнување на меѓусебните договори. И во најновото истражување компаниите посочуваат дека не може да се извршат правосилно донесени пресуди за наплата на побарувања од причина што согласно член 211 од Законот за извршување (член 218 од

новиот Закон за извршување кој отпочнува да се применува од 1 јануари 2017 година), претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршувањето има право да одлучи кои предмети и права се неопходни за извршување на дејноста и задачите на должникот, така што во пракса се носат решенија дека сите подвижни права и сите парични средства кои се наоѓаат на сметка кај носител на платен промет се определуваат како неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот. Во врска со ова прашање, Стопанската комора на Македонија во повеќе наврати го покрена прашањето за изнаоѓање решенија за надминување на нееднаквоста со која се соочуваат доверителите, односно приватните субјекти, наспроти субјектите на јавното право.

**9.9.2016 година**

**СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ ЗА ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ И ФИНАНСИСКИ ЕФЕКТ ВО ДРЖАВАТА**

Членките на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, алармираат дека на туристичкиот пазар е присутна нелојална конкуренција, која негативно се одразува како од аспект на ширење на „сивата“ економија, преку работа на човек-фирми, така и преку нарушување на угледот на земјата како туристичка дестинација преку поплаките што тур-операторите и хотелите ги добиваат од странските гости, особено во шпицот на летната сезона. Дополнителен проблем е и работата на некои од туристичките водичи кои работат самостојно на пазарот, директно поврзани со странски гости, како и туристички водичи кои доаѓаат со странските гости и при тоа не се контролирани што и како презентираат. Во насока на надминување на ваквите појави, Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, во јули 2016 година достави Барање за заедничка координирана акција на надлежните институции за елиминирање на нелојалната конкуренција.

**14.9.2016 година**

**МОЖНОСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО КОМПАНИИТЕ преку обука за оптимизација на системи на пареа (SSO) во индустријата**

Стопанската комора на Македонија во континуитет настојува да ги информира своите членки со можностите за подобрување на енергетската ефикасност во компаниите. Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување, во соработка со Регионалниот центар за животна средина (РЕЦ), организира презентација на Проектот „Поттикнување на пазарната трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии во Република Македонија“. Проектот има за цел да ја зголеми енергетската ефикасност во индустријата, а со тоа да придонесе во намалување на емисиите на стакленички гасови во Република Македонија преку користење на најдобри практики и технологии достапни во светот.

**19.9.2016 година**

**МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО - МАР - Залагање за поголемо производство на неметалните производи**

Членките на Македонската асоцијација на рударствтото -МАР, се залагаат посебно внимание да се даде на развојот на преработката и производство на неме талните производи, се` со цел да се намали зависноста од увоз. Минералните суровини со кои располага нашата земја се добра основа за производство на керамички плочки, санитарна керамика, изолациони материјали, керамички тули, стаклена амбалажа, како и други производи за кои постоеше огромна традиција за производство. Заложбата е во наредниот период во рамките на програмите на Владата, посебно внимание да се посвети на развојот на преработката на неметалните минерали и зголемување на асортиманот на производи кои можат да бидат наменети за домашниот и странските пазари.

**26.9.2016 година**

**СОГЛЕДУВАЊА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА - ПРЕКУ ДИЈАЛОГ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ДО РЕАЛНАТА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА**

Стопанската комора на Македонија преку Здружението на угостителството и туризмот и Здружението на информатичко-комуникациските технологии, во соработка со Американската стопанска комора во Македонија, поддржана од ЕУ-твининг проектот „Зајакнување на заштитата на правата од интелектуална сопственост", на прес-конференцијата организирана во Комората, информираше за заклучните согледувања од страна на бизнис заедницата кои беа усвоени по одржувањето на тркалезната маса на 22 септември на тема: „РЕАЛНАТА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА". Во дискусијата на тркалезната маса беа вклучени повеќе од 40 учесници, претставници на бизнис секторот кои плаќаат високи цени за користење на авторски права, институции, правни застапници, здруженија застапници на специфични видови сродни права, како и претставници на Министерството за култура од секторот за авторското право и сродните права, меѓународни експерти и претставници на дипломатскиот кор.



**27.9.2016 година**

**Здружение на хемиската индустрија - ВМРЕЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ЛАБОРАТОРИИ ВО ИНТЕРЕС НА БИЗНИС СЕКТОРОТ**

Во организација на Здружението на хемиската индустрија при Стопанската комора на Македонија и Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, во Комората се одржа презентација на Лабораторијата за ласерска хемија и технологија, на која претставниците на бизнис секторот се запознаа со мисијата, активностите и можностите што ги нуди лабораторијата, особено делот кој се користи за испитување на пластиката. Лабораторијата, во чиишто рамки се одвиваат наставни, истражувачки и апликативни активности дава можности за испитување на квалитетот на суровината која се користи за производство на пластика, како и за испитување на квалитетот на крајниот пластичен производ кој ќе биде наменет за домашниот пазар и за извоз. Активностите Здружението на хемиската индустрија и Технолошко-металуршкиот факултет ќе продолжат во насока на поголема апликативна функција на лабораторијата во интерес на бизнис секторот.

**28.9.2016 година**

**Министерството за економија на Република Македонија ги прогласи најдобрите хотели и ресторани за 2016 година - ПРИЗНАНИЕ ЗА СОРАБОТКА И ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

По повод Светскиот ден на туризмот - 27 Септември, Министерството за економија и оваа годинава додели признанија на 50 најуспешни претставници од туристичкиот сектор, во 6 категории: хотели, ресторани, туристички агенции, манифестации, плажи и соработка во областа на туризмот (факултети и деловни здруженија, односно комори). Од оваа година Министерството воведе нова категорија, соработка во областа на туризмот, во рамки на која Признание доби и Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија. Мотото на овогодинешниот Светски ден на туризмот - 27 Септември, чија официјална прослава се одржа во Банкок, Тајланд, се одржа под мотото: „Туризам за сите: лица со хендикеп, стари лица и семејства кои патуваат со мали деца".

**30.9.2016 година**
**ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА СИСТЕМСКА ПОДДРШКА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ БАРА ЗДРУЖЕНИЕТО НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, одржа работен состанок на кој се разговараше за предлозите што ќе бидат доставени до Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, во насока на поголема системска поддршка на секторот: поддршка и јакнење на капацитетите на македонските туристички агенции што работат на дојдовен туризам, проблеми со кои што се соочуваат агенциите при аплицирањето за добивање на субвенции, заеднички напори на АППТ и агенциите да се изберат деловни настани на кои ќе се учествува во иднина, предлози за учество на меѓународни саеми за туризам во 2017 година. Во таа насока, беа разгледани можностите за компаниите кои работат на привлекување и носење странски туристи во Македонија во соработка со партнери од странство, да бидат поддржани во насока на поголема нивна афирмација на странските пазари.

**3.10.2016 година**
**Прес-конференција на Стопанската комора на Македонија - АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА – ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТ И ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА**

Според анкетното истражување на Стопанската комора на Македонија, новиот Закон за нотаријатот и Законот за извршување, кои ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2017 година, ќе имаат импликациии врз работењето на деловните субјекти, информираше оперативниот директор во Стопанската комора на Македонија, м-р Елена Милевска Штрбевска на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија. Поради тоа што со новите решенија се оневозможува лицата дипломирани правници кои се во работен однос со учесниците во таа постапка (компаниите) да можат во улога на полномошници на компаниите да ги преземаат дејствијата во постапките за солемнизација на приватна исправа, за издавање на решение за нотарски платен налог и за извршување на извршна исправа, за компаниите тоа би можело да предизвика дополнителни организациски, кадровски и административни процедури околу исполнувањето на наведените нови обврски. Исто така, компаниите сметаат дека ваквите решенија ја доведуваат во прашање еднаквата положба на професиите и прават дискриминација на дипломираните правници наспрема адвокатите. Затоа, се упатува порака до предлагачот на законите за измена на законите и на идентичен начин како што е регулирано во чл. 81 и 82 од Законот за парничната постапка, да се уреди можноста сите поднесоци во постапките пред нотар и извршител да можат да бидат составени и од страна на лице дипломиран правник кое е во работен однос во тоа правно лице. Воедно, да не се воведуваат нови или поголеми трошоци во соодветните постапки кои се поврзани со исполнување на обврските за задолжително присуство на адвокат и за задолжително составување на соодветните поднесоци од адвокат, ако правното лице нема вработено дипломиран правник согласно горенаведениот предлог.

**10.10.2016 година**
**Актуелните состојби во текстилната индустрија - проекции за наредниот период - ПРЕКУ СУБВЕНЦИИ ЗА НОВА ОПРЕМА ДО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА**

Според податоците за индустриското производство за осум месеци од 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, кај производството на текстилни ткаенини има зголемување на производството за 14,8%, а додека кај производството на облека намалување од 5%. Во истиот период, увозот изнесуваше 310,3 милиони САД долари, од кои облека во износ од 44,3 милиони САД долари, а текстил во износ од 266,8 милиони САД долари, или 8,1% од вкупниот увоз во државава.. Македонските текстилни компании се`уште се интересни за странските партнери пред сè поради близината до европскиот пазар и производството на мали серии со висок квалитет и солидна цена. Со цел да биде конкурентна во однос на опкружувањето, македонската текстилна индустрија мора да добие поддршка од државата во смисла на поволни кредитни линии, субвенции, обезбедувања преку користење на гарантни фондови итн. Тоа ќе овозможи да се направат вложувања во

автоматизација на производните процеси, а со тоа подобрување на квалитетот и обезбедување на поголема продуктивност од страна на текстилните компании.

**13.10.2016 година**

**ОДРЖАН ОСМИОТ ФОРУМ НА ЧИНИТЕЛИ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО ОБЛАСТА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**



Групацијата на обновливи извори на енергија во рамките на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, го одржа Осмиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија. На Осмиот форум се презентираа и дискутираа неколку актуелни теми, како што се промените и примената на прописите за планирање и управување со земјишта и за градење, прашања поврзани со склучување и примена на договорите за концесија на води за производство на електрична енергија од мали ХЕЦ, како и можности за нова методологија за интеграција на повластените производители на пазарот на електрична енергија.

**13.10.2016 година**

**Групацијата за безбедост и здравје при работа - ПОБАРАНО НОСЕЊЕ НОВ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА**

Членките на Групацијата за безбедност и здравје при работа расправајќи за предлог-активностите на Групацијата за безбедност и здравје при работа за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, а согласно моменталните актуелни состојби, истакнаа дека фирмите од оваа дејност се соочуваат со сериозни проблеми во своето работење кои произлегуваат од сегашната законска регулатива и донесените правилници. Во дискусијата се посочи дека сегашната законска регулатива не соодветствува со моменталните актуелни состојби во дејноста, за што се сугерира системски измени на овој закон и подзаконски акти или донесување на нов Закон за заштита при работа. Исто така, потребно е и изменување на Законот за градба во делот на издавањето лиценци од областа на безбедноста и здравје при работа. Имено, се сугерира прв филтер за издавање лиценци за стручни лица од оваа област да биде Стопанската комора на Македонија, односно Групацијата за безбедност и здравје при работа да дава мислење или препораки како прв филтер за издавање на лиценци.

**20.10.2016 година**

**Здружение на информатичко-комуникациските технологии - КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ БАРААТ РЕАЛНА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии одржа состанок во Стопанската комора на Македонија со претставници на кабелските оператори, во врска со проблемите со високите финансиски оптоварувања со кои се соочуваат компаниите – кабелски оператори во Република Македонија. Компаниите укажаа дека сегашните зафаќања од остварениот приход на кабелските оператори (особено за наплата на авторските права и филмскиот фонд), како и најавени други финансиски обврски, се пазарно нереални и претставуваат можен предуслов и закана за прелевање на товарот на крајниот потрошувач, преку вградување на дополнителните трошоци во сметките на граѓаните. Согласно добрите практики во Стопанската комора на Македонија, ќе се негува и ќе се афирмира процесот на преговарање и дијалог на засегнатите страни, во кој треба да се најде решение на проблемите, имајќи ги предвид економските параметри и економскиот амбиент во државата.

**20.10.2016 година**

**Претседателот на Стопанската комора на Македонија Азески оствари РАБОТНА ПОСЕТА НА ИЗЛАГАЧИ НА САЕМСКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „ТЕХНОМА 2016“**





Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески со своите соработници, на 20.10.206 година ја посети саемската манифестација „Технома 2016“, која се одржува веќе четири децении на Скопскиот саем, при што оствари директни деловни средби со повеќе компании - излагачи на Саемот. Претседателот ги посети фирмите „Сискон“ од Скопје, „Аква терм“ од Гостивар, „Железник“ од Демир Хисар, „Леов компани“ од Велес. Претседателот Бранко Азески при посетите на штандовите на компаниите и во разговорите со нивните ме[redacted]наџерски тимови истакна дека промоцијата на компаниите, п осебно во странство, треба да биде приоритет на сите компании кои се извозно ориентирани, но и на оние кои планираат да ја градат својата конкурентност надвор од земјата, бидејќи извозот е единствениот излез за подинамичен раст и развој не само на компаниите, туку и на стопанството во целина.

**20.10.2016 година**

**Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена – ЗАБРЗУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ДОЗВОЛИ**

На седницата на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, беше разгледан актуелниот Закон за оружје и беше констатирано дека се потребни значајни измени и дополнувања, согласно Европските директиви и анализираните тековни состојби во работењето на членките на Групацијата. Беше укажано дека се потребни измени и на другите закони, што се од интерес за компаниите-членки на Групацијата, како Законот за пиротехнички и други материјали и Законот за ловство. За таа цел, бизнис заедницата активно ќе се вклучи во работните групи од ресорните министерства за анализа и подготовка на квалитетни нови предлог-текстови за измени и дополнувања на предметните закони.  На седницата беше побарано соодветните државни институции редовно да ги извршуваат своите законски надлежности и обврски и во овој предизборен период. Доколку ресорните министерства редовно не ги издаваат бараните дозволи, компаниите ќе имаат многу тешкотии да ја остваруваат основната дејност, а со тоа и неможност да ги реализираат планираните приходи и исплата на платите на своите вработени и исплатата на други законски обврски.

**25.10.2016 година**

**Со ГС1 стандардите до ЗГОЛЕМЕНА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА**




Стопанската комора на Македонија, во соработка со ГС1 Македонија одржа еднодневен едукативно-информативен семинар, на којшто присутните имаа можност да се запознаат со примената на ГС 1 стандардите во текстилната индустрија и бенефитите од нивното користење. Тоа беше можност да се запознаат најновите трендови во означувањето на производите кои имаат влијание на подобрување на деловните процеси и модели, како и новите техники и технологии во глобалната трговска размена и водењето на бизнисот во светот. Соодветен придонес во таа насока даде и предавачот на семинарот, Маркус Милер, стручњак од Меѓународната ГС1 организација, кој го пренесе своето долгогодишно практично искуство од најголемите текстилни брендови ширум светот, давајќи акцент на корисното и потребното, со конкретни оценки, согледувања и предлози за подобрување на состојбата на оваа значајна дејност. Самата примената на овие стандардите им овозможува на компаниите да ги намалат трошоците, да ги подобрат транспортните и логистичките операции, да ги одржат залихите на оптимално ниво, а со тоа и да ја зголемат продажбата и извозот.

**31.10.2016 година**

**31 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН НА ШТЕДЕЊЕТО ТРАДИЦИОНАЛНО ОДБЕЛЕЖАН ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија го одбележа Светскиот ден на штедењето, на свечената седница на која присуствуваа м-р Кирил Миноски, министер за финансии во Владата на Република Македонија, Милица Арнаудова Стојановска, генерален директор на Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност во Народната банка на Република Македонија, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Коста Митровски, претседател на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, како и претставници на повеќе институции со кои Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија има воспоставено одлична соработка. Министерот за финансии м-р Миноски истакна дека макроекономските услови за раст на економијата и подобрата доверба на граѓаните доведуваат до континуиран раст на штедењето, при што го нагласи растот од 2,1% на реална основа, растот на индустриското производство од 5,4%, растот на извозот за 6,1% во периодот јануари-август 2016 година, но и зголемувањето на бројот на вработени лица во Република Македонија за 3%, како значајни фактори кои влијаат на континуираниот раст на штедењето во Република Македонија, кој се очекува да продолжи и во иднина. Д-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија и секретар на Здружението на банкарството, упати особена благодарност за

воспоставената добра соработка со Министерството за финансии и со Народната банка на Република Македонија, но и со останатите институции од финансискиот сектор. На крајот на свечената седница, беа доделени признанија на 42 најдобри шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнати особени резултати во вршењето на работните задачи во доменот на работењето со населението за 2015 година.

**2.11.2016 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПОСТАПКИТЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХЕМИКАЛИИ И ПРЕКУРЗОРИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

На еднодневниот семинар што се одржа на 1 ноември 2016 година во Стопанската комора на Македонија, на 30-ина претставници на секторите за промет и производство на хемикалии и прекурзори им беше презентиран начинот на регистрација и пуштање во промет на хемикалии и прекурзори во земјите на Европската унија. Претседателот на Здружението на хемиската индустрија, Зоран Костовски ги потенцираше очекувањата овој семинар да придонесе за успешна подготовка на фирмите за аплицирање и пласирање на нивните производи на европските пазари. Предавачот, д-р Тања Петрушевска, раководител на Секторот за хемикалии во Министерството за здравство, ги образложи постапките и потребната документација, целосното досие за централизирана регистрација на производи од Република Македонија во Европската унија, притоа укажувајќи на можностите за нивно пуштање во промет. При тоа, д-р Петрушевска детално се осврна и на Безбедносниот лист, презентирајќи ги сите аспекти за негово успешно подготвување.

**3.11.2016 година**

**КВАЛИТЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ**

На седница на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, беше разгледан Законот за оружје, при што беше констатирано дека се потребни значајни измени и дополнувања, согласно Европските директиви и анализираните тековни состојби во работењето на членките на Групацијата. Предлог-измените и дополнувањата на Законот за оружје, Групацијата за оружје и опрема ќе ги достави до предлагачот – Министерството за внатрешни работи, а бизнис заедницата очекува активно да се вклучи во работните групи од ресорните министерства за анализа и во завршната подготовка на квалитетни нови предлог-текстови за измени и дополнувања на предметниот Закон.

**4.11.2016 година**

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРОДОЛЖИ СО ЦИКЛУСОТ НА БЕСПЛАТНИ ПРЕДАВАЊА НА ТЕМА: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ**

Тргнувајќи од потребите за запознавање на компаниите со осигурителните услуги со акцент на имотното осигурување и изложеноста на ризикот, Здружението за осигурување при Стопанската комора на Македонија организира циклус на бесплатни предавања на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ. Во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на која присуствуваа десеттина претставници од бизнис секторот. Г-ѓа Рената Варга Мицева, претседателката на Здружението за осигурување ги запозна присутните со работата на Здружението како професионална бизнис асоцијација во која членуваат осигурителните компании. Во текот на своето 11 годишно постоење, континуирано покажува дека може професионално да одговори на предизвиците во работењето и на транспаретен и ефикасен начин се стреми кон креирање на решенија за подобрување на работењето на целиот осигурителен сектор. Таа изрази особена благодарност до Општина Карпош и Општина Аеродром кои ја поддржаа оваа иницијатива и поттикнати од последните случувања во скопскиот регион ги информираа граѓаните за важноста и потребата од имотно осигурување.

**10.11.2016 година**

**ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА ВО МАКЕДОНИЈА - тема на состанокот на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија**

Предлогот за измена и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите е на иницијатива на членките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, кои што сметаат дека треба да се регулираат правата и обврските на овластените сервисери за начинот и квалитетот на сервисирање на производите, да се дефинираат термините кои дозволуваат различно толкување кај членките на Здружението и институциите, да се обезбеди потранспарентна комуникација на релација трговец - потрошувач, сервис - потрошувач, трговец - сервис и обратно. Предлогот за измени и дополнувања на Законот е со цел да се постигне поголем степен на одговорност над субјектите кои вршат сервисирање на производите, а истовремено и заштита на потрошувачите во делот на квалитетна и навремена услуга. Претставниците од надлежните институции на состанокот ја потврдија подготвеноста за соработка за сите отворени прашања во насока на регулирање на овој дел од трговијата во која се вклучени голем број правни субјекти, но и потрошувачи. По прашањето за нелегалната трговија во Република Македонија, членките на Здружението при Комората разговараа за нелегалната продажба на брендирани производи. Согласно нивните укажувања, паралелно со легалниот увоз се случува увоз на истите производи и по нелегален пат, што претставува директна закана за легалната трговија, што оди и на штета на вкупната домашна економија, пред се` изразено преку помали даночни приходи во буџетот на државата.

**11.11.2016 година**

**Магазинот „InStore“ во соработка со Стопанската комора на Македонија, организираше БИЗНИС-КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, ТРГОВЦИТЕ И ДИСТРИБУТЕРИТЕ НА КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, НА ТЕМА: „СЛАТКА ПРОГРАМА“**

Во просториите на „Воденица Мулино“, се одржа Првата бизнис-конференција на тема: СЛАТКА ПРОГРАМА, во организација на магазинот „InStore“ и Стопанската комора на Македонија. На Конференцијата учествуваа и претставници од „Nilsen“, „Fokus Marketforchung“ и порталот Иновативност.мк . Воведно обраќање имаше Верица Мартиновска, главен и одговорен уредник на „InStore Македонија“, која појасни дека темата е „СЛАТКА ПРОГРАМА“ се однесува на производители на слатка програма во делот на кондиторската индустрија, како и на производители на здрава храна и трговци на мало. М-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор во Стопанската комора на Македонија, изрази благодарност за интересот што Комората, односно компаниите кои членуваат во неа се препознаени како партнери. Ова е тема која се третира и во Комората во делот на прехранбената индустрија.

**11.11.2016 година**

**КОНФЕРЕНЦИЈА „25 ГОДИНИ НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА” - Што научивме за македонската економија, како понатаму?“**




Што постигнавме, каде можевме подобро, што научивме од тоа и кои се идните перспективи на македонската економија - се прашањата на кои се отвори дискусија на Конференцијата „25 години независна Македонија“ во организација на магазинот „Економија и бизнис“, во рамките на којашто свој придонес дадоа претставници од науката, бизнис секторот, аналитичари и финансиски експерти. Целта на организаторот беше да се слушнат мислењата за стратешките економски прашања за иднината на Република Македонија и да се истражи просторот за формирање на консензус околу најважните економски прашања. Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, пред

присутните потенцираше  дека како земја пред се` немаме стратегија за натамошен раст, потфрламе во делот на конкурентноста и се соочуваме со недостаток на квалификувана работа сила. Во таа насока, посочи Азески, решение се бара преку воведување на дуалниот систем на образование. Сепак, сржта на економскиот развој е во јавно-приватниот дијалог.

**14.11.2016 година**

**МОДЕРНИЗАЦИЈАТА И ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ - ПОТТИК ЗА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ И НА ПАЗАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Согласно процените и споредбените анализи кои се прават од страна на компаниите, во изминатите години се чувствува пад на продажбата на зелените пазари од околу 20%, откако големите супер маркети активно го третираат сегментот на мини зелени пазари во рамки на своите објекти. Сепак, ова не е проблем и тренд само во Македонија. Искуството е секаде исто во регионот. За таа цел, а во насока на задржување на атрактивноста на пазарите како удобно место за пазарење, согласно традицијата, но пред се` и поради значајниот економски ефект на државно ниво, организаторите на пазари преку Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, се` поактивно се организираат и разменуваат искуства пред се` со земјите од регионот поради близината, но и сличноста на менталитетот, истакна Даниела Михајловска Василевска на прес-конференцијата во Комората.    За таа цел, од 13 до 18 октомври 2016 година беше реализирана уште една регионална активност преку Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, со посета на пазарите во Хрватска и Босна и Херцеговина и учество на манифестацијата V. ДЕНОВИ НА ПАЗАРИТЕ ВО Р. ХРВАТСКА, која се одржа во Загреб, а во рамки на која беше организирана и трибина под наслов „Продажба на пазарите – нематеријално културно наследство“.

**16.11.2016 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОЕКЦИИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИДНАТА ГОДИНА – ОПТИМИСТИЧКО СЦЕНАРИО ЗА РАСТОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА**



Пред бизнисмените во Стопанската комора на Македонија беа презентирани Проекциите на Народната банка на Република Македонија за макроекономската политика за 2017 година. М-р Димитар Богов, гувернер на НБРМ, пред присутните ги истакна проектираните макроекономски показатели, кои директно ќе влијаат на одлуките за инвестирање и развој, како и на целокупното работење на компаниите. Гувернерот даде осврт на ризиците кои постојат во македонската економија, како и на можните сценарија при нивното ефектуирање. Подетални информации беа дадени за влијанието на надворешното окружување врз македонската економија, зависноста од странските пазари и последиците од неисполнувањето на планираниот раст на економиите. На работната средба беше заклучено дека ризиците и натаму постојат, надворешниот амбиент е неизвесен и неповолен, а



неизвесно е и домашното окружување поради актуелната политичка криза. Исто така, беше нагласено дека економските основи се солидни и се надополнети со видлива стабилизација на очекувањата. Сепак, Народната банка на Република Македонија ќе ги следи остварувањата на економијата со цел одржување на ценовната и финансиската стабилност на економијата.

**21.11.2016 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На прес-конференцијата на Комората, потпретседателот на Групацијата Борче Стојчевски истакна дека ако една од целите на Законот е заштита на вработените и намалување на бројот на несреќи на работа, а со тоа бројот на повредини вработени или изгубени животи, тогаш оваа цел не е постигната. Затоа од идната влада на Република Македонија се бара промена на законската регулатива за безбедност и здравје при работа и нејзино повторно приближување кон законодавството на ЕУ, особено во начинот на полагање на стручен испит за стручно лице за безбедност при работа, начинот и условите за овластување на правните субјекти, начинот на контрола над нивната работа, како и ослободување на пазарот (сега постои ценовник на услугите дефиниран од Министерството за труд и социјална политика).

**23.11.2016 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ ИМ ПОМАГА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ДА ЈА ЗГОЛЕМАТ КОНКУРЕНТНОСТА ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија и Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент, ја организираа Тркалезната маса на тема: „Зголемување на конкурентноста во индустриските компании преку континуирано подобрување на управувањето со потрошувачката на енергија“. Учесниците на настанот – претставници од бизнис заедницата, владини институции, УСАИД и други меѓународни организации, имаа можност да слушнат за позитивните искуства на компаниите вклучени во Проектот од воведувањето на системите за мониторинг и управување со потрошувачката на енергија во самите компании, како и за техничката поддршка што ја добиваат од Проектот при идентификација и избор на мерки за подобрување на енергетската ефикасност.

**24.11.2016 година**

**НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ НОВИОТ ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ - ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ КОН ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ**

Пред претставниците на комерцијалните банки и другите финансиски институции во Република Македонија - членки на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, беше претставен новиот Интегриран систем за известување на банките кон Народната банка на Република Македонија. Важноста за воведувањето на овој систем ја истакна гувернерот на НБРМ м-р Димитар Богов, а подетално образложение за намерата и функционалноста на новиот систем даде д-р Анита Ангеловска - Бежоска, вицегувернер на НБРМ. На средбата беа истакнати глобалните трендови во статистиката во посткризниот период, концептот и опфатот на новиот систем за известување, како и придобивките што ги нуди. „Кризата покажа дека недоволната регулација и следење на финансискиот сектор во развиените економии имаше далекусежни последици во глобални рамки“, - истакна Ангеловска - Бежоска. Затоа, целта на овој систем е да се постигне рано детектирање на меури во финансискиот систем, меѓународна споредливост на националните податоци, како и навремена расположливост на податоци за носителите на политиките.

**24.11.2016 година**

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ И ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТ ВО РАБОТАТА НА ЛИЦЕНЦИРАНИТЕ УПРАВИТЕЛИ И ТЕКОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЧЛЕНКИТЕ - тема на состанокот на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија**

Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија, на заедничкиот состанок со претставници на Регулаторната комисија за енергетика, во делот на регулирање на односите на лиценцираните управители (кои во име на станарите во влезовите имаат деловна соработка со „ЕВН Македонија“), Регулаторната комисија за домување и „ЕВН Македонија“, дискутираа за досегашната активна комуникација меѓу лиценцираните управители преку Групацијата и „ЕВН Македонија“, при што беше констатирано дека е постигнат напредок во соработката, но се` уште на терен постојат проблеми со кои се соочуваат управителите од аспект на дефинирање на позицијата корисник во сметките, односно фактурите за потрошена електрична енергија. На состанокот се дискутираше и за имплементацијата на Законот за извршување и Законот за нотаријат во работата на лиценцираните управители, кои треба да стартуваат со примена од 1 јануари 217 година. За сите оторени прашања интересот е особено голем бидејќи дејноста на лиценцираните управители е од многу мал обем во вредност, а од друга страна ваквите постапки во многу случаи ќе значат дека трошоците за спроведување на постапката ќе бидат поголеми од износот на една неплатена фактура кај управителите.

**28.11.2016 година**

**СОСТОЈБИ ВО АГРОСЕКТОРОТ И ПОТРЕБАТА ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ КОН МОДЕРНО, КОНКУРЕНТНО И ПРЕЦИЗНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО**




Македонското земјоделство се наоѓа на крстопат и, согласно наведените податоци, се наметнува потреба од нови, јасно формулирани стратешки цели на аграрната политика и мерки и дејствија за нејзино остварување. Освен светските движења и климатските промени кои несомнено ќе имаат влијание на насоката на развој на македонскиот аграр, важен фактор во создавање на конкурентно и прецизно земјоделство е и употребата на ИТ-технологијата во овој сектор. Една од компаниите која нуди свои решенија за македонскиот пазар е и „ДАТАЛАБ“ – фирма-ќерка на „Datalab“ D.D. од Словенија, која на македонскиот пазар ја нуди програмата PANTHEON™, деловно-информатички софтвер за мали и средни претпријатија, кој го покрива целокупното работење на компаниите. Земајќи ги во предвид специфичните потреби на земјоделците и фармерите, „Даталаб“ инвестираше во развој на софтвер за управување со фармите. Употребата на современи технологии станува неминовност за земјоделците, бидејќи без навремени податоци и информации кои гарантираат следливост и потврдуваат потекло и квалитет, иднината на земјоделските компании е неизвесна до одреден степен. Нашето земјоделство е на прагот на трансформација во модерно земјоделство што за фармерите и агрокомпаниите ќе значи повисок профит, поголема конкурентност на домашните и на странските пазари и истовремено намалување на трошоците.

**30.11.2016 година**

**ИНТЕРАКТИВНА БИЗНИС КОНФЕРЕНЦИЈА НА „INSTORE“ МАГАЗИНОТ ВО СОРАБОТКА СО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА НА ТЕМА: „КОЗМЕТИКА“**

Во организација на магазинот „InStore“ и во соработка со Стопанската комора на Македонија во рамките на вториот циклус на „Talk IN Business“ – интерактивни бизнис конференции, во „Воденица

Мулино“ – Скопје, се одржа Втората конференција чијашто тема беше „Козметика„. Присутните 30-ина претставници на компаниите производители, дистрибутери, како и претставници од трговците со козметички производи, имаа можност за размена на интересни и корисни податоци од интерес за нивниот бизнис, при што беа дикустирани прашања за состојбите на пазарот во Македонија и можностите за следење на трендовите во козметиката, можностите за зголемување на продажбата преку специјализирани продавници како најдобар начин за пласман на овој вид производи, потребата од едукација на потрошувачите и други прашања во интерес на заедничката соработка.

**5.12.2016 година**

**ПРОМОВИРАН ПРИРАЧНИКОТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД БЛИСКИОТ ИСТОК И МАГРЕБ**




Клубот на компании за соработка со земјите од Блискиот Исток и од МАГРЕБ во рамките на Стопанската комора на Македонија има за цел ревитализирање на стопанските врски со овие земји, како и поддршка на фирмите преку взаемното информирање и промовирање, воспоставување коморска соработка и соработка со другите деловни асоцијации. Пазарите на земјите од Блискиот Исток и од МАГРЕБ се значајни пазари со над 400 милиони жители, што претставува нешто повеќе од 5% од светската популација, но пазари кои имаат висок стандард на стопански операции, стандардизирани производи и услуги, а присутна е исклучително остра конкуренција од целиот свет, истакна на прес-конференцијата Глигор Цветанов, претседател на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од МАГРЕБ во рамките на Стопанската комора на Македонија. Со промовирање на Прирачникот за соработка со земјите од Блискиот Исток и од МАГРЕБ, Клубот има за цел да ги информира македонските компании за можностите и потенцијалите за извоз на овие пазари, бидејќи извозот е најглавниот генератор на економски раст, влијае на зајакнување на компаниите и отворање нови работни места во Република Македонија.

**6.12.2016 година**

**ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС ЗА 2017 ГОДИНА ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА)**

Македонската енергетска асоцијација (МЕА) го разгледуваше Енергетскиот биланс за 2017 година. На седницата која ја раководеше претседателот на МЕА, д-р Кочо Анѓушев, присуствуваа голем број фирми-членки на МЕА. Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во истиот се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во државата и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз.

**12.12.2016 година**

**ПРЕКУ СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ДО ПОГОЛЕМ РАСТ И ПРИХОД НА ТУРИЗМОТ ВО ВКУПНАТА ЕКОНОМИЈА**

Со цел анализа на податоците и перспективите на развојот на туризмот и угостителството, Здружението на угостителството и туризмот организираше Конференција на тема: „Преку конкретни стимулативни мерки до очекуван раст и приход на туризмот во вкупната економија“, која беше поддржана и од Министерството за економија на Република Македонија. Преку материјалот што беше презентиран на Конференцијата, Здружението на угостителството и туризмот сублимираше Заклучоци во рамките на трите поттеми за кои се разговараше, а тоа се туризмот, угостителството и образованието. Заклучоците ќе бидат доставени до надлежните институции во државата со порака дека доколку сакаме да се стремиме кон остварување на стратешки зацртаните цели, во конкретниов случај согласно Националната стратегија за туризам на Македонија, донесена оваа година со важност

до 2021 година, ќе мора час поскоро да се обезбеди консензус за приоритетните чекори кои мора да бидат преземени во угостителството и туризмот. Во спротивно, се доведува под знак прашање остварувањето на клучната цел во Стратегијата - обезбедување 5% учество на туризмот и угостителството во бруто домашниот производ на државата, од сегашните 2%.

**15.12.2016 година**

**Одржана Шестата седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија - ПРЕЗЕНТИРАН ИЗВЕШТАЈОТ ОД СПРОВЕДЕНОТО АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО КОМПАНИИТЕ**

На седницата на Собранието на Стопанската комора на Македонија се презентираше Извештајот од анкетата која Стопанската комора на Македонија во втората половина на ноември 2016 година ја спроведе меѓу своите членки заради согледување на актуелните состојби со инспекцискиот надзор што се спроведува во компаниите од страна на надлежните инспекциски органи во земјата. Во периодот во кој се спроведуваше анкетното истражување, во презентацијата наведе Билјана Пеева Ѓуриќ, директорка во Стопанската комора на Македонија, добиени се одговори од 440 компании различни по големина според број на вработени и остварен приход во последната финансиска година, како и од различни стопански дејности. Најчести санкции изречени од инспекциските органи спрема анкетираните претпријатија се опомените со 67% застапеност, глоби само во 30% од случаите, додека привремена забрана за вршење дејност не е изречена кај ниту една компанија која учествуваше во анкетата. Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, м-р Зоран Поповски наведе дека интенцијата на контролите кои ги спроведува Агенцијата пред се` е во функција на едукација и превенција од настанување на последици штетни по здравјето на луѓето. И од страна на Венцислав Бошковски, државен рударски инспектор од Државниот инспекторат за техничка инспекција, беше наведено дека при вршењето на инспекциските надзори се раководат истите да имаат корективен карактер за да не се загрози безбедноста на вработените. Заеднички е ставот и на компаниите и на инспекциите дека висината на глобата не треба да предизвика нарушување на работењето, туку да служи како превентивна мерка, прво да се изрече опомена која доколку не се испочитува да се пристапи кон изрекување на глоба. Казните да се изрекуваат кога намерно се прават повреди на прописите заради прибавување на корист со сторување на повредата и/или со тоа намерно се предизвикуваат штетни последици.




**15.12.2016 година**

**Групацијата за противпожарна заштита побара да се изврши РЕВИДИРАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊАТА И ДА СЕ ПРОВЕРИ НИВНАТА УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВО**

На седницата на Групацијата за противпожарна заштита, расправајќи за актуелните состојби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат во 2017 година за подобрување на амбиентот за стопанисување на деловните субјекти од оваа област, како еден од проблемите во работењето се посочи недостатокот на контрола на квалитетот на увезените противпожарни апарати, противпожарни системи и другата опрема за заштита од пожари и спасување, како и медиуми за гасење на пожар (прашок, ЦО2 и друго) и квалитетот на нивното сервисирање. Во дискусијата се истакна дека за подобрување на работата на стопанските субјекти неопходно е да се изврши ревидирање на овластувањата и да се провери нивната усогласеност со Законот за пожарникарство, а ревидираната листа на издадени овластувања редовно да се објавува на сајтот на Дирекцијата за заштита и спасување на РМ.

**19.12.2016 година**

**Во Сараево, Босна и Херцеговина одржан БИЗНИС ФОРУМ НА ТЕМА: „ДВИЖЕЧКИТЕ СИЛИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА“**

Во организација на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина и Централно-европската иницијатива, на 16.12.2016 година во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа Бизнис форум на тема: „Движечките сили и перспективи за развој на дрвната индустрија“. На овој форум присуствуваа и стопанственици од Македонија. На Бизнис форумот се дискутираше за различни прашања од значење за развивање на поволна бизнис клима во регионот, со фокусот на дрвната индустрија, како и за можностите за натамошна соработка во иднина. На Бизнис форумот учесниците имаа можност да се запознаат со значењето на инфраструктурата и квалитетот во дрвната индустрија, предизвиците во процесот сертификација и управувањето со шумските ресурси во Босна и Херцеговина, неопходноста од стручно и квалитетно образование во согласност со потребите на дрвната индустрија, ефективната употреба на нус производите во оваа индустрија (биомаса), како и креативни концепти за пристап до меѓународните пазари.

**26.12.2016 година**

**Здружението на осигурувањето и Агенцијата за супервизија на осигурувањето ги презентираа СОСТОЈБИТЕ ВО ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР ВО 2016 ГОДИНА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЕЛЕМЕНТАРНИТЕ НЕПОГОДИ**

На редовната прес-конференција на Стопанската комора на Македонија, Рената Варга Мицева, претседател на Здружението на осигурувањето при Комората ги претстави првичните анализи на осигурителниот пазар за оваа година и предизивиците со кои истиот ќе се соочува во 2017 година. Осигурителниот сектор во Република Македонија повеќе години по ред забележува позитивен тренд кој може да се идентификува преку постојаниот раст на бруто полисирана премија, како и преку зголемен број на друштва за осигурување. Оваа година е исплатена најголемата поединечна штета во Република Македонија и тоа, во износ од 398 милиони денари, а се однесува на незгодата со хеликоптери од 2014 година. Овогодишните катастрофални настани предизвикани од поплавата во скопскиот регион во август и земјотресот во септември имаа влијание на исплатата на штети кај друштвата за осигурување, - објасни д-р Попоски.

# ДИРЕКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**15.01.2016 година**

**Во ТИРЗ „Алинци“во Прилеп поставен камен-темелник за изградба на нова фабрика - „АКОМПЛАСТ“ ОД ГЕРМАНИЈА ЌЕ ПРОИЗВЕДУВА ДЕЛОВИ ЗА АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА**

На 14 јануари 2016 година, во ТИРЗ „Алинци“ во Прилеп, германската компанија „Акомпласт“ во присуство на премиерот на Владата на Република Македонија м-р Никола Груевски, министерот Бил Павлески, градоначалникот Марјан Ристески и голем број гости, меѓу кои и поголем број членови од Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, беше поставен камен-темелник за изградба на фабрика за производство на делови за автомобилската индустрија.

**21.01.2016 година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје расправаше за активностите во 2016 година - ЗАЛОЖБИ ЗА ДУАЛЕН СИСТЕМ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**



На 21.01.2016 година, се одржа 22. седница на Регионалната комора со седиште во Скопје која ја водеше д-р Горан Рафајловски, претседател на оваа Регионална комора. На седницата се дискутираше за Извештајот за работењето во минатата година, Предлог-програмата за работа во оваа година, како и за дуалниот систем во средното стручно образование, при што беше истакнато дека обезбедувањето на квалификувана работна сила за потребите на стопанството е еден од клучните предизвици во Македонија.

**22.01.2016 година**

**Инвестиции на ЗК „Пелагонија“- ДВАЕСЕТ МИЛИОНИ ЕВРА ЗА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА И ФАРМА**

Земјоделскиот комбинат „Пелагонија“АД - Битола во Општина Новаци свечено пушти во употреба два големи капацитета со вкупна инвестиција од 20 милиони евра. Станува збор за првата биогасна централа во Република Македонија со капацитет од 3 мегавати на час и современа фарма наменета за 2.000 молзни крави. Делегацијата на претставници на Стопанската комора на Македонија ја предводеше претседателот Бранко Азески во придружба на претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев и претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски.

**22.01.2016 година**

**Д-р Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија, во Битола организираше традиционален прием за дипломатскиот кор во земјава - ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА ГИ ПРЕЗЕНТИРАА ЕКОНОМСКИТЕ И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ МОЖНОСТИ**

На 22 и 23.01.2016 година, Битола по вторпат беше домаќин на традиционалниот прием што претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов го приредува за претставниците на дипломатскиот кор акредитирани во Република Македонија. На вториот ден од новогодишниот прием, претседателот д-р Ѓорѓи Иванов и членовите на дипломатскиот кор го посетија инфо-центарот „Пелистер“ Притоа, беше одржана презентација на природните и туристичките карактеристики на Националниот парк „Пелистер“ и хотелот „Молика“.

**26.01.2016 година**

**Во Битола претставени можностите за инвестирање во Пелагонискиот регион - ПРОМОЦИЈА НА ВОДИЧ ЗА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион на 25.01.2016 година во Битола ги претстави можностите за инвестирање во овој регион. Пред присутните беа презентирани: Водичот за инвестирање во Пелагониски регион, со индустриски зони, програма за поддршка на приватниот сектор и веб-порталот www.investinpelagoniaregion.mk , кои се изработени за изминатиот период во рамките на проектот: „Проширување на функциите на центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности / услуги за поддршка на приватниот сектор“.

**28.01.2016 година**

**Прес- конференција во Прилеп за обука на невработените лица кај работодавачите со субвенционирано вработување - МОЖНОСТ КОМПАНИИТЕ ДА ДОЈДАТ ДО ДЕФИЦИТАРНИ КАДРИ**

Врз основа на Меморандумот за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Прилеп, Локалната самоуправа и градоначалникот Марјан Ристески, на 27.01.2016 година се одржа заедничка прес-конференција. Пред новинарите се зборуваше за објавениот оглас од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) за обука на невработените лица кај работодавачите со субвенционирано вработување.

**8.02.2016 година**

**Посета на Конфекцијата „ХАТРА“од Прилеп - НАСКОРО ВО НОВИ ПРОСТОРИИ И СО ЗГОЛЕМЕН БРОЈ РАБОТНИЦИ**



Продолжи активноста на работни посети во компаниите од страна на Регионалната комора со седиште во Прилеп заедно со градоначалникот, Марјан Ристески. На 8.02.2016 година беше посетена Конфекцијата „ХАТРА“ од Прилеп, која е во сопственост на господин Благоја Конески, член на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп. Моментално оваа фирма вработува 35 работници претежно од женска популација.

**10.02.2016 година**

**Македонско-чешки бизнис - форум - СРЕДБИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦИТЕ НА ДВЕТЕ ДРЖАВИ**

На 10 февруари 2016 година, во рамките на посетата на министерот за надворешни работи на Република Чешка, Лубомир Заоралек, на Република Македонија, се одржаа средби на високо дипломатско ниво, со Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорѓе Иванов и Никола Поповски, министер за надворешни работи на Република Македонија. Во рамките на посетата се одржа и Македонско-чешки бизнис-форум. Стопанската комора на Македонија беше предводник на дел од бизнис-делегацијата на македонски компании која броеше повеќе од 30 македонски и 12 чешки компании.

**12.02.2016 година**

**Резултати од спроведувањето на ЕУ Стратегијата 2020 на енергетската ефикасност во градежниот сектор во Република Македонија - СВЕЧЕНО ДОДЕЛЕНИ 972 СЕРТИФИКАТА НА ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ ВО 5 ЗАНИМАЊА**

Во хотелот „Холидеј Ин“ во Скопје беа презентирани резултати од спроведувањето на ЕУ Стратегијата 2020 на енергетската ефикасност во градежниот сектор во Република Македонија и свечено беа доделени 972 сертификата на градежни работници во 5 занимања (12.02.2016 година). Во рамките на ЕУ-Иницијативата BUILD UP Skills (http://www.buildupskills.eu), која има за цел

подобрување на квалификациите и вештините на европските градежни работници за постигнување на зголемена енергетска ефикасност на објекти, успешно заврши спроведувањето на процесот на препознавање (валоризација) на претходно знаење и вештини за енергетска ефикасност на градежните работници во Република Македонија.

**16.02.2016 година**

**Иновативни пристапи за подобрување и промоција на бизнис-секторот од Вардарскиот плански регион - ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДДРШКА НА МИКРО, МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ**

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион и Бизнис центарот на Вардарскиот плански регион во соработка со Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Велес, организираа информативен настан: „Иновативни пристапи за подобрување и промоција на бизнис-секторот од Вардарскиот плански регион (16.02.2016 година).
Овој настан е дел од серијата активности кои имаат за цел поддршка на микро, малите и средните претпријатија од регионот, како дел од Проектот „Проширување на функциите на центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор“.

**16.02.2016 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Битола се одржа семинар за осигурувањето и неговото значењето за заштита на бизнисот - МОЖНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ЗАГУБИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола и во соработка со Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, на 16.02.2016 година во Битола се одржа еднодневен семинар на тема: „Основни карактеристики на осигурувањето и значењето за заштита на бизнисот“. Учесниците на семинарот се запознаа со основните карактеристики на осигурувањето, поделбата и функциите, како и кој се` може да биде субјект на осигурувањето и кои се елементи на осигурување. Осигурувањето како облик на управување со ризик, првенствено насочен кон намалување на финансиските загуби, како и кои се правата на осигурениците беа презентирани на самиот семинар.

**17.02.2016 година**

**Семинар во Штип за осигурувањето и неговото значење за заштита на бизнисот - АКЦЕНТ НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИКОТ**

Регионалната комора со седиште во Штип, во соработка со Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, на 17.02.2016 година организираа еднодневен семинар на тема: „Основни карактеристики на осигурувањето и значењето за заштита на бизнисот“. Пред бројни претставници од бизнис-секторот од источниот крај, меѓу кои имаше претставници од текстилниот, прехранбено-преработувачкиот и од транспортно-шпедитерскиот сектор, беа претставени основните карактеристики на осигурувањето подетално.

**17.02.2016 година**

**Мал број на тутунопроизводители од Прилеп ги осигуруваат своите насади - ПОТРЕБНА ЗАНАЧИТЕЛНО ПОГОЛЕМА ИНФОРМИРАНОСТ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп во соработка со Здружението на осигурувањето, на 17.02.2016 година во Прилеп се одржа еднодневен семинар на тема: „Основни карактеристики на осигурувањето и значењето за заштита на бизнисот“. Предавачите на семинарот ги запознаа претставниците на бизнис-секторот од прилепскиот регион со основните карактеристики на осигурувањето, поделбата на функциите, како и кој се` може да биде субјект на осигурувањето и кои се елементите на осигурување.Посебен интерес пројавија претставниците на Тутунскиот комбинат од Прилеп во врска осигурувањето на тутунот од страна на индивидуалните тутунопроизводители.

**22.02.2016 година**

**Реализација на Проектот „Моја идеја! Мој бизнис! “во Пелагонискиот регион - ДОДЕЛЕНИ ГРАНТОВИ И НАГРАДИ**

Во организација на Фондацијата „CEED Македонија“, Економскиот факултет од Прилеп и „Филип Морис“ - Тутунски комбинат Прилеп, на 22.02.2016 година во просториите на Економскиот факултет во Прилеп се одржа настан на кој беа доделени сертификати на учесниците во тренинг-програмата за развој на претприемнички вештини, плакети и грантови на најдобрите бизнис-идеи кои учествуваа во Проектот, како и награди на студентите кои дадоа најдобри предлог-решенија за зададени бизнис-проблеми.

**11.3.2016 година**

**Регионалните комори со седиште во Битола и во Кичево организираа деловни средби меѓу компаниите од двата региона - ЗАЕДНИЧКИ ВО ПОГОЛЕМО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Регионалните комори со седиште во Битола и во Кичево организираа деловни средби меѓу компаниите од двата региона со цел зголемување на меѓусебната соработка. Деловната средба се одржа на 10.3.2016 година во Битола и на неа присуствуваа 30-тина компании од бизнис секторот од двата региона, кои ги вклучуваат општините Битола, Кичево, Ресен, Македонски Брод, Демир Хисар, Новаци, Пласница и Могила.

**17.3.2016 година**

**Деловни средби помеѓу македонски и шпански компании во Стопанската комора на Македонија - ЕКОНОМСКАТА РАЗМЕНА ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА РАСТЕ, НО ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ СЕ ЗНАЧИТЕЛНО ПОГОЛЕМИ**

На 17 март 2016 година во Стопанската комора на Македонија се одржаа билатерални средби помеѓу македонски и шпански компании. На средбите беа присутни шпански компании од областа на фармацевтската, електрометалната и агроиндустријата, градежништвото, како и 16 македонски компании од овие сектори. По завршувањето на официјалниот дел на средбата, деловните луѓе од двете земји имаа и билатерални средби на кои имаа можности да разговараат за воспоставување идни бизнис-релации.

**18.3.2016 година**

**Делегација од Валево во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - РАЗГОВОРИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**



На 16 и 17.3.2016 година во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп претстојуваше делегација од збратимениот град Валево од Република Србија. Делегацијата је сочинуваа претседателот на Собранието на Регионалната комора од Валево, Александар Рајевац, генерален директор на Валевската пивара и потпретседател на Ккомората, Петар Николиќ. Гостите беа примени од претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски, потпретседателот Сашко Самарџиоски и градоначалникот Марјан Ристески. Целта на посетата беше да продолжат меѓусебните активности и соработка која е воспоставена од пред многу години, при што беа реализирани многубројни средби на компаниите од двата региона.

**5.4.2016 година**

**Средба меѓу претставниците на Регионалната комора со седиште во Скопје и Здружението на стопанственици на Грција - БАГ во Солун, Република Грција - ПОТПИШАНИОТ ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ГИ ЗБЛИЖУВА ДВЕТЕ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦИ**



Со цел продлабочување на соработката помеѓу бизнис-заедниците на Република Македонија и Република Грција, на 4 април 2016 година во Солун беше потпишан Договор за соработка помеѓу Регионалната комора со седиште во Скопје во рамките на Стопанската комора на Македонија и Здружението на стопанственици на Грција со седиште во Солун.

Договорите беа потпишани од страна на претседателите на двете комори, д-р Горан Рафајловски и г-дин Јоанис Мандринос. Потпишувањето на овој договор го поддржа и генералниот конзул на Р. Македонија во Солун, г-ѓа Маја Апостолова Балабурски.

**7.4.2016 година**

**Индискиот амбасадор Н.Е. Рајеш Кумар Саџдева во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗЕМЈОДЕЛИЕТО, ИКТ-ИНДУСТРИЈАТА И ФАРМАЦИЈАТА ЛОЦИРАНИ КАКО НАЈПОГОДНИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**

На 7 април 2016 година Стопанската комора на Македонија ја посети амбасадорот на Република Индија во Репиблика Бугарија, Н.Е. Рајеш Кумар Саџдева. При неговата прва посета на Комората беше примен од страна на Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Со оглед на тоа што ова беше прва посета на индискиот амбасадорот на Комората, Антони Пешев на гостинот му ја претстави целовкупната работа на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава.

**7.4.2016 година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје - НЕОПХОДНО ДОНЕСУВАЊЕ ДОЛГОРОЧНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАВА**

На 7.4.2016 година, се одржа 23-та седница на Регионалната комора со седиште во Скопје која ја водеше претседателот на Регионалната д-р Горан Рафајловски.На седницата од страна на претседателот д-р Горан Рафајловски присутните беа информирани за средбата меѓу претставниците на Регионалната комора со седиште во Скопје и Здружението на стопанственици БАГ во Солун, Р. Грција кадешто беше потпишан Договор за соработка, со кој се отвора простор за соработка на бизнис-заедниците од двете земји и поголемо учество на македонски производи на грчкиот пазар.

**11.4.2016 година**

**Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп се реализира работна посета на Валево во Србија и Саемот „СПРЕГ 2016“ - РАЗМЕНАТА СО РЕГИОНОТ 30 МИЛИОНИ ЕВРА, МОЖНОСТИТЕ ДАЛЕКУ ПОГОЛЕМИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, повеќечлена делегација, предводена од потпретседателот на Регионалната комора Сашко Самарџиоски и градоначалникот Марјан Ристески, беше во работна посета на збратимениот град Валево, Република Србија. Целта на работната посета беше, нда се продолжи досегашната соработка и, по можност, истата да се прошири во повеќе области, како и посета на Регионалниот саем „СПРЕГ 2016“ во Валево. За време на дводневниот престој на делегацијата во Регионалната стопанска комора на Валево имаше средба со раководството на Комората, при што беше извршена презентација за Колубарскиот регион.

**14.4.2016 година**

**GS1 Македонија во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во Битола организираа работилница - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ХРАНАТА И ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ GS1 КАТАЛОГОТ**

GS1 Македонија во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија организираа работилница на тема: „Правилник за информации поврзани со храната и промоција на новиот GS1 Каталогот“, што се одржа на 13.4.2016 година, во Битола. На настанот беа поканети и присуствуваа и претставници на Регионалната комора со седиште во Битола и компании од битолскиот регион. GS1 Каталогот како проект на GS1 Македонија постои повеќе од една година. Преку воспоставената синхронизација, целта на GS1 Македонија беше да даде придонес кон зголемување на конкурентноста на македонските производи преку интернет- мрежата.

**14.4.2016 година**

**Презентација во Кичево - ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Општина Кичево, во рамките на Проектот со УСАИД за практикантска работа и вработување на лица со попреченост и заштита на човечките права, на 13 април 2016 година, организираше јавна дискусија и презентација на тема: „Правната заштита на лицата со попреченост во областа на работните односи, образованието, социјалната и здравствената заштита - Што граѓаните треба да знаат?“, каде присуствува членки на Регионалната комора со седиште во Кичево, додека Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ од Кичево ги сподели позитивните искуства во однос на вработувањето на три лица со попреченост и инклузивната работна средина.

**21.4.2016 година**

**Семинар во Регионалната комора со седиште во Прилеп - УПРАВУВАЊЕ СО ИЗВОЗ ВО 5 ЧЕКОРИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 20.4.2016 година во Прилеп се одржа еднодневен семинар на тема: Основи на управување со извоз во 5 чекори. За време на семинарот претставниците на компаниите интерактивно имаа можност да ги разменат сопствените искуства во врска со извозите што се вршат во нивните компании, дискутираа за бариерите на кои наидуваат при освојувањето на новите пазари, како и за извесните предности и недостатоци на македонските производи што се извезуваат во однос на производите од другите земји.

**22.4.2016 година**

**Презентација на тема: КОРИСТЕЊЕ НА ОН-ЛАЈН УСЛУГИТЕ НА АВРМ ВО 2016 ГОДИНА, Е-РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА РАБОТОДАВАЧИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**




Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија, на 22.4.2016 година во просториите на работниот клуб на Агенцијата, одржаа презентација на тема: „Користење на он-лајн услугите на АВРМ во 2016 година, е-Работа на Агенцијата за вработување за работодавачи од приватниот сектор“. Пред членките на Стопанската комора на Македонија од страна на вработените во Агенцијата беше презентиран пристапот до Е-работа, регистрација во системот, најава во Е-работа за правните лица, како и проверка и импортирање на дигитален сертификат.

**22.4.2016 година**
**Едукативен настан во Клубот на менаџери-претприемачи - ЕУ-ФОНДОВИ ЗА КОМПАНИИТЕ – „КОСМЕ"И „ХОРИЗОНТ 2020"**

Клубот на менаџери-претприемачи продолжува со редовните активности во рамките на годишната програма, преку организирање едукативни настани, вмрежувања и промоции за своите членки. На 22.4.2016 година во бутик-салата на Клубот, се одржа настан на тема: „ЕУ-фондови за компаниите – „КОСМЕ"и „Хоризонт 2020"со Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија и сертифициран менаџмент консултант. Учесниците за време на настанот имаа можност да се запознаат ЕУ-фондовите кои се достапни за македонските компании со посебно внимание на ИПАРД, „КОСМЕ" и „Хоризонт 2020".

**25.4.2016 година**
**Регионална комора со седиште во Штип - ИЗРАБОТКА НА РЕГИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНОВАЦИИ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

На 25.4.2016 година во хотел „Изгрев" во Штип беше одржана работилница за изработка на регионална стратегија за иновации во Источниот плански регион во организација на Центарот за развој на Источниот плански регион и ГИЗ (Германско друштво за меѓународна соработка), на којашто учествуваа претставници од бизнис-секторот од Источниот регион, претставници од локалната самоуправа, кластери и образовни институции.Министерството за локална самоуправа, одговорно за регионалната развојна политика, го организира процесот на изработка на стратегиите за иновации, во блиска соработка со центрите за развој на планските региони и бизнис-центрите.

**27.4.2016 година**
**Седница на Регионалната комора со седиште во Штип - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА КОМПАНИИТЕ**

На 27.4.2016 година во просториите на компанијата „Албатрос" од Штип, се одржа 3-та седница на Регионалната комора со седиште во Штип, што ја водеше претседателот на Регионалната комора, господинот Наум Барзов. Присутните најпрво беа запознаени со Предлог-програмата за работа на Регионалната комора со седиште во Штип за 2016 година, а се дискутираше и за новиот Закон за нотаријат и за Законот за извршување за бизнис-заедницата. Исто така, на седницата имаше презентација на тема: Европските фондови за зголемување на конкурентноста и иновативноста на компаниите, поконкретно за „Косме" и за „Хоризонт 2020".

**28.4.2016 година**
**Компании-членки на Регионалната комора со седиште во Штип учесници на Саемот за кариера „Биди мотивиран - успеј во сонот" - НЕДОСТАСУВААТ КАДРИ СО СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во организација на Општина Штип и УСАИД, на 27.4.2016 година беше одржан Саемот за кариера „Биди мотивиран - успеј во сонот". Со свои излагања до присутните се обратија и претставници на компаниите „Линеа Прима", „Агрофила" и „Марвел" кои се членки на Регионалната комора со седиште во Штип. УСАИД веќе пет години работи на подобрување на понудата и побарувачката на работна сила на локално ниво, односно едукација на квалитетен стручен кадар во средите училишта.

**5.5.2016 година**
**Регионална комора со седиште во Кавадарци - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА БИЗНИС-МРЕЖАТА ЗА ПРОВЕРКА НА ПРАВНИ ЛИЦА И МОЖНОСТИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

На 4.5.2016 година, во деловните простории на „Кожувчанка" се одржаа две презентации. Со презентацијата „Бизнис-мрежа - проверка на правни лица" присутните учесници беа запознаени со можностите на мрежата, нејзината цел и кои категории ги опфака.Со презентацијата „Користење на средствата за фирмите од европските фондови", детално беа објаснети ЕУ-програмите достапни и во Македонија: „ХОРИЗОНТ"и „КОСМЕ 2020", кои се базираат на иновативност. - МПС-инструментот како дел од Европската програма „Хоризонт 2020", кој има 3 фази за аплицирање, и тоа развој на бизнис-план и истражување, производство и комерцијализација.

**6.5.2016 година**

**Регионална комора се седиште во Велес - ПОДДРШКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ДУАЛЕН СИСТЕМ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Регионалната комора се седиште во Велес одржа редовна седница на 5.5.2016 годинаНа седницата беше презентирана Предлог-програмата за работа на Регионалната комора со седиште во Велес. Пред присутните стопанственици беше направена и презентацијата на тема: „Обезбедување стручен и квалификуван кадар во согласност со потребите на бизнисот – воведување дуален систем во средното стручно образование“.На седницата свое излагање имаше и Љупка И. Самарџиска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, која ги презентираше новите законски решенија кои се донесени со новиот Закон за извршување и Законот за нотаријат за бизнис-заедницата.

**12.5.2016 година**

**Одржана седница на Собранието на Регионалната комора со седиште во Битола - ПОВРЗУВАЊЕТО НА БИЗНИСОТ И НАУКАТА, ВО НАСОКА НА СОЗДАВАЊЕ КАДРИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ**

На 12.05.2016 година во просториите на Хотел Епинал во Битола, Регионалната комора со седиште во Битола ја одржа својата четврта пленарна седница. Примарна тема на состанокот беше развивањего и продлабочувањето на врската и соработката меѓу науката т.е. образованието и стопанството во битолскиот регион, но и на ниво на целата држава. Седницата ја отвори претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски кој ги претстави основните карактеристики на стопанството од битолскиот и поширокиот пелагониски регион како и значењето на тесната понатамошна соработка со образованието со цел за добивање на квалитетен квалификуван кадар.

**19.5.2016 година**

**Македонско-белгиски бизнис-форум - ЧЕКОР КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БИЗНИС-СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И БЕЛГИЈА**



Стопанската комора на Македонија во соработка со Министерството за финансии на Република Македонија, Федерацијата на белгиските стопански комори и Стопанската комора на Антверпен, организираше бизнис-средби со белгиски компании. На настанот присуствуваа повеќе од 40 компании од Македонија и од Белгија. Компаниите имаа можност да остварат директни контакти и шанса за размена на искуства и идеи за потенцијална понатамошна соработка. Вицепремиерот и министер за финансии во Владата на Република Македонија, м-р Зоран Ставрески го отвори настанот и изјави дека фокусот на соработката помеѓу двете земји мора да остане на економијата, бидејќи само преку економијата може да се овозможи подобар живот за граѓаните.

**26.5.2016 година**

**Македонско-словеначки бизнис-средби - ЈАКНЕЊЕ НА ИЗВОЗОТ И СЕКТОРСКО ПОВРЗУВАЊЕ МЕЃУ МАКЕДОНСКИТЕ И СЛОВЕНЕЧКИТЕ КОМПАНИИ**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Словенија во Македонија и Стопанско-индустриската комора на Словенија организираше деловни средби помеѓу македонски и словенечки компании. На настанот присуствуваа повеќе од 20 македонски компании кои имаа можност да остварат директни контакти и да разменат искуства и идеи за потенцијална понатамошна соработка со словенечки компании.

**31.5.2016 година**

**Интензивирање на директните средби помеѓу македонските и австриските компании - ВО ФУНКЦИЈА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА МЕЃУСЕБНАТА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА**

Со цел да се овозможат директни бизнис-контакти, Стопанската комора на Македонија и Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија организираа прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (31.5.2016 година), претставувајќи ги актуелните состојби во деловната соработка помеѓу Република Македонија и Република Австрија, а воедно и најавувајќи ги билатералните средби со цел унапредување и интензивирање на економската соработка помеѓу Република Македонија и Република Австрија.

**2.6.2016 година**

**Одржани Македонско-либански деловни средби - ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО ЛИБАНСКО-МАКЕДОНСКИОТ СОВЕТ НА БИЗНИСМЕНИ**




Во Стопанската комора на Македонија се одржаа Македонско-либански деловни средби, на коишто стопанственици од двете земји се запознаа со меѓусебните потенцијали и можности за идна деловна соработка (2.6.2016 година). - Стопанската комора на Македонија е домаќин на еминентна деловна делегација од Либан. Овој настан воедно претставува извонредна можност домашните компании да воспостават директни средби со нови потенцијални партнери и од овие средби посакуваме да произлезат конкретни партнерства и деловни зделки во интерес на бизнисмените од двете земји, потенцираше Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

**3.6.2016 година**

**Семинар за компаниите-членки од Регионалната комора со седиште во Кавадарци - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НОВИТЕ ЗАКОНИ И ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ**

На 02.06.2016 год., во деловните простории на ,,Кожувчанка’’ во Кавадарци, се одржа еднодневен семинар на тема: „Новиот Закон за општа управна постапка, најновите измени на Законот за финансиска дисциплина и обврските кои произлегуваат за компаниите од Закон за заштита на укажувачи’’.Предавачи на семинарот беа д-р Костадин Дуковски, од консултанското друштвото ,,Некст Левел Консалтинг’’- Скопје, со соработниците м-р Лидија Јаќимовиќ и г-дин Јане Севдински.

**7.6.2016 година**
**БИЗНИС-ПАРТНЕРСТВАТА МОЖЕ ДА ЈА ИНТЕНЗИВИРААТ РАЗМЕНАТА - Македонско-австриски деловни средби во Стопанската комора на Македонија**




Стопанските комори на Македонија и на Австрија организираа Македонско-австриски деловни средби, со цел поттикнување на соработката меѓу компаниите од двете земји (7.6.2016 година). Австриската бизнис-делегација имаше можност да се запознае со можностите за соработка со македонските компании. Преку шеесетина претставници на 40 македонски компании беа присутни во Стопанската комора на Македонија и имаа средба со австриските компании од различни сектори и тоа од: дрвната и машинската индустрија, опрема и машини за производство на технички профили, физикална и специјализирана козметика.

**7.6.2016 година**
**ШТИПСКОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ИСАР “во употреба го пушти покриениот пазар и 14 нови дуќани**

Директорот на ЈП „Исар“, Ангел Бојаџиев информира дека инвестицијата изнесува над 14 милиони денари.- За многу кратко време, почнувајќи од јануари па до денес, успеавме да направиме 14 дуќани, успеавме да направиме нови 120 продажни места и успеавме комплетно да го покриеме платото број еден на Градскиот пазар. Ова ќе ги подобри условите за самите купувачи, а и на самите продавачи. Штипјани кои денеска пазаруваа на Градскиот пазар се задоволни што сега имаат услови во овој објект, а како што велат сега нема потреба да стравуваат од дожд, снег или сонце, односно од временските прилики.

**14.6.2016 година**
**ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА помеѓу Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Штип и Универзитетот „Гоце Делчев“**

На 14.6.2016 година во Ректоратот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, претседателот на Регионалната комора со седиште во Штип, господин Наум Барзов и ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, проф. д-р Блажо Боев, потпишаа Меморандум за соработка со цел подобрување на квалитетот на образовниот процес и усогласување со потребите на стопанството, што ќе придонесе за развој на пазарот на работна сила во Република Македонија.

**14.6.2016 година**
**Н.Е. Даниел Шаер, амбасадор на Република Естонија за Република Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија - БИЗНИС-ЗАЕДНИЦИТЕ ТРЕБА ПОИНТЕНЗИВНО ДА СОРАБОТУВААТ**

Н.Е. Даниел Шаер, амбасадор на Република Естонија за Република Македонија, со седиште во Талин, Естонија, беше во работна посета на Стопанската комора на Македонија заедно со Сашко Миладинов, почесен конзул на Република Естонија во Република Македонија (14.6.2016 година). На средбата беа посебно разгледани можностите за продлабочување на економските релации меѓу компаниите од Естонија и од Македонија, а како најинтересен за идна соработка беше посочен ИТ-секторот.

**15.6.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Штип – ПРЕД СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ПРЕТСТАВЕНИ НОВИОТ ЗАКОН ЗА ОПШТА УПРАВНА ПОСТАПКА, НАЈНОВИТЕ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА И ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија, на 14.6.2016 година, во Агенцијата за вработување во Штип, се одржа еднодневен семинар на тема: „Новиот Закон за општа управна постапка - Најновите измени на Законот за финансиска дисциплина, постапување на правните лица од приватниот сектор согласно Законот за заштита на укажувачи“.Пред бројни претставници од бизнис-заедницата од Штип, Свети Николе и Кочани најпрвин беше презентиран новиот Закон за општа управна постапка, потоа новите решенија на Законот за финансиска дисциплина. Свое излагање пред присутните имаше и м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија.

**20.6.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - ОДРЖАНА ЕДНОДНЕВНА ОБУКА НА ТЕМА: „КАКО ДА ДОБИЕТЕ ПАРИ ЗА СВОЈАТА ИДЕЈА ВО 7 ДЕНА? “**

На 18.6.2016 година во Битола во организација на ЦЕФЕ Македонија и Регионалната комора со седиште во Битола се одржа еднодневна обука на тема: „Како да добиете пари за својата идеја во 7 дена?“. На оваа обука беа презентирани преку 30 алтернативни модели на финансирање на стартапи, мали и средни фирми, фамилијарни бизниси (краудфандинг, бизнис-ангели, акцелератори, иновациски фондови, европски фондови, билатерални фондови, ризичен капитал и др.).

**21.6.2016 година**

**Висока делегација од Р. Франција во посета на Стопанската комора на Македонија - ФРАНЦУСКИТЕ ИСКУСТВА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ ЗА КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**




Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија организираа деловна средба преку посетата на високата делегација од Република Франција која престојува во Република Македонија. Во центарот на интересот на делегацијата е промоцијата на регионот Алзас и унапредувањето на економската соработка со Република Македонија (21.6.2016 година). Можности за зголемена соработка постојат во земјоделско-прехранбениот сектор, гастрономијата, текстилот и резервните делови од автомобилската индустрија.

**24.6.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Штип - ОТВОРЕН ТРЕТИОТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

Во организација на регионалната комора со седиште во Штип, при Стопанската комора на Македонија, Источен плански регион и Фондот за иновации и технолошки развој, на 24.06.2016 година во хотел Изгрев во Штип, беше одржан информативен настан со цел појаснување на начинот на аплицирање за отворениот трет јавен повик за доделување средства преку Инструментот за подршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“.

**24.6.2016 година**

**Новиот амбасадор на Пакистан задолжен за Македонија во ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 24 јуни 2016 во посета на Стопанската комора на Македонија беше амбасадорот на Пакистан во Република Турција задолжен за Република Македонија, Н.Е. Сохаил Мохмод придружуван од третиот секретар на Амбасадата Мухамад Адил. На состанокот беа разгледани можностите за продлабочување и интензивирање на економската соработката помеѓу македонската и пакистанската бизнис-заедница.

**24.6.2016 година**

**Презентирани можности за финансирање иновациски проекти - ИНФО-ДЕН НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ВО БИТОЛА**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) во соработка со Регионалната комора со седиште во Битола, на 23.6.2016 година во Битола, организираа информативна сесијата за повикот за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва, старт ап и спин оф компании“. Целта на оваа сесија е да се дадат потребните информации за аплицирање во рамките на достапните фондови и поддршка што ги нуди ФИТР.

**28.6.2016 година**

**Делегација од Шведска во Стопанската комора на Македонија - РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**




Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Македонија во Кралството Шведска организираа деловна средба на која беа разгледани можностите за економска соработка меѓу двете земји (28.6.2016 година). Соработката помеѓу македонските и шведските компании треба да се интензивира како преку воспоставување на директни бизнис-средби, исто така и преку поттикнување на заедничко аплицирање на проекти, особено во делот на трансфер на знаење и нови модели на функционирање кои ќе ја поттикнат конкурентноста и иновативноста на македонските компании.

**29.6.2016 година**

**Обука и инфо-сесија – КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА „СТАРТ-АП“ и „СПИН ОФ“**

Бизнис центарот за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија во Вардарскиот плански регион, во соработка со Регионалната комора со седиште во Велес при Стопанската комора на Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој, организираа Инфо-сесија и обука за повикот за ЕУ-инструментот: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин оф“.

**29.6.2016 година**

**РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија и Општина Македонски Брод, на 29 јуни 2016 година, со цел продлабочување на меѓусебната соработка, како и размена на информации меѓу двете страни во насока на подобрување на деловниот амбиентот, потпишаа Меморандум за соработка. Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески го истакна значењето на соработката со Секторот за локален економски развој на Општина Македонски Брод и да се интензивира преку работни состаноци и иницијативи за заеднички проекти, со цел организација на бизнис-настани и учество во заеднички проекти на ЕУ-фондовите.

**4.7.2016 година**

**Разгледани можностите за соработка со компании од Јапонија во областа на ХОТЕЛИЕРСТВОТО, МЕТАЛУРГИЈАТА, МЕТАЛНАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА**



На 4.7.2016 година во Стопанската комора на Македонија се оствари средба со стопанска делегација од Јапонија. Целта на средбата беше да се промовираат можностите и потенцијалите кои Република Македонија им ги нуди на потенцијалните инвеститори со посебен осврт во секторот металургија, метална и елетроиндустрија и хотелиерството.

**12.7.2016 година**

**Се одржа седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево – ДУАЛНИОТ СИСТЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕТСТАВЕН ПРЕД БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**

На 12.7.2016 година, се одржа седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево, присуствуваа 20 фирми-членки, претставници на локалната самоуправа и државни институции. Софче Јовановска, советник на Управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија, ја презентираше Иницијативата за обезбедување стручен и квалификуван кадар во согласност со потребите на бизнисот – воведување дуален систем во средното стручно образование, додека актуелните новини во законската регулатива во Р. Македонија ги презентираше м-р Татјана Штерјова, од Стопанската комора на Македонија. Таа ги изнесе сите новини кои се однесуваат на: Законот за извршување , Законот за нотаријатот, Законот за заштита на укажувачите, Законот за градежно земјиште и Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

**13.7.2016 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОГРАМИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Центарот за развој на Источниот плански регион и Регионалниот бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Источниот плански регион одржаа настан на којшто ги промовираа Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2015 година, Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2015 година и програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Настанот се одржа на 12.7.2016 година во Штип, а на истиот присуствуваа бројни компании-членки на Регионалната комора со седиште во Штип во рамките на Стопанската комора на Македонија.

**19.8.2016 година**
**НОВОИМЕНУВАНИОТ АМБАСАДОР НА МЕКСИКО, Н.Е. МАРКО АНТОНИО ГАРСИЈА БЛАНКО амбасадорот на Мексико задолжен за Република Македонија со седиште во Белград, во посета на Стопанската комора на Македонија**

На 19.8.2016 година Стопанската комора на Македонија ја посети Н.Е. Марко Антонио Гарсија Бланко, новоименуваниот амбасадор на Мексико задолжен за Република Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина со седиште во Белград. На состанокот беа разгледани можностите за иницирање соработка меѓу двете земји. Можности за соработка постојат особено за малите и средните македонски фирми и тоа во автомобилската индустрија (за изработка на различни делови за автомобилите), транфер на знаење и специјализирана опрема за потребите на јавните и приватните болници, вклучување на мексикански фирми во тендери заедно со македонски фирми како изведувачи за инфраструктурни проекти (автопатишта, мостови, згради), итн.

**2.9.2016 година**
**Презентација на европските програми „Хоризонт 2014-2020“ и „Косме 2014-2020“ - ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ СРЕДСТВА ПРЕДИЗВИК И ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ И ОПШТИНИ ОД ВЕЛЕШКИОТ РЕГИОН**

Со цел поттикнување на иновативноста и конкурентноста на македонските компании за активно аплицирање за искористување на средствата од европските фондови, Регионалната комора со седиште во Велес во соработка со Вардарскиот плански регион одржаа презентација на европските програми „Хоризонт 2014-2020“ и „Косме 2014-2020“ наменета за малите и средните претпријатија од регионот на Велес. Околу 15-тина претставници на македонските компании претежно од прехранбената, градежната, металната индустрија, како и претставници од Општина Велес, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово беа информирани за аплицирање на европските фондови „Хоризонт 2014-2020“ и „Косме 2014-2020“, на 2.9.2016 година. Учесниците беа подетално запознаени со постојните програми и можности за аплицирање на компаниите во рамките на ЕУ-програмите „Хоризонт 2014-2020“ и „Косме 2014-2020“.

**12.9.2016 година**
**Штипската текстилна компанија „Фермактекс“ прослави 10 години постоење**

Успех, просперитет, развој - ова накратко е мотото по кое во изминатите 10 години се раководи менаџментот на штипската текстилна компанија „Фермактекс“, која прослави 10 години постоење. Уникатна по многу нешта, оваа компанија веќе една деценија ја пишува успешната приказна за градење сопствен бренд на женски кошули, при што наметнува и нови стандарди во работењето во текстилната индустрија. Фирмата, со свои погони, истовремено функционира во Македонија, Бугарија и во Германија, а производството е од идеја за модел до негова комплетна реализација во готов производ.

**28.9.2016 година**
**МИСИЈАТА НА ММФ во посета на Стопанската комора на Македонија**



Во посета на Стопанската комора на Македонија претстојуваше Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд, предводена од госпоѓата Јесмин Рахман. Од страна на Комората, Мисијата на ММФ ја прими д-р Глигор Бишев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија. Во дискусисијата беа посочени позитивните ефекти од субвенционирање на вработувања во

приватниот сектор, што придонесува за зголемување на вработеноста, но беше посочена потребата од креирање на програми за дополнителна едукација на работната сила со цел да се одговори соодветно на потребите на пазарот на трудот.

**6.10.2016 година**

**Новоименуваниот амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Н.Е. Кристиан Тимоние на средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески**

Новоименуваниот амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Н.Е. Кристиан Тимоние на својата прва средба во Стопанската комора на Македонија се сретна со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева. Подобрувањето на трговската размена и отворање на можности за соработка помеѓу македонските и француските компании беа клучни теми за разговор со цел продолжување на активностите и заложбите на двете институции за поттикнување, унапредување и проширување на деловната соработка меѓу стопанствата од двете земји.

**6.10.2016 година**

**ЗАЕДНИЧКА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА И ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

На заедничката седница на Управниот одбор и Економскиот совет присуствуваа претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп Симон Наумоски, заменик-претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп Сашко Самарџиоски, градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески, како и членовите на Управниот одбор и Економскиот совет. Своја презентација во врска со дуалниот модел на образование имаше оперативниот директор на Стопанска комора на Македонија м-р Елена Милевска Штрбевска.

**12.10.2016 година**

**Регионалната комора со седиште во Велес - ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТЕМА: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ - ПОТРЕБА И РИЗИЦИ**



На 12 октомври 2016 година во просториите на Регионалната комора со седиште во Велес се одржа презентација на тема: „Имотно осигурување - потреба и ризици“. Присутните се запознаа со основните карактеристики на осигурувањето, односно со поделбата и функциите и елементите на осигурувањето, и кој се` може да биде субјект на осигурувањето. Исто така, беше објаснето и осигурувањето како облик на управување со ризик, првенствено насочен кон намалување на финансиските загуби на компаниите и нивните права.

**12.10.2016 година**

**СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ТУРСКО-МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС СОВЕТ ПРИ ДЕИК, господинот Хасан Хошбан и господинот Есер Џевахир со извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева**

Претседателот и потпретседателот на Турско-македонскиот бизнис совет при ДЕИК, господинот Хасан Хошбан и господинот Есер Џевахир беа примени на работна средба во Стопанската комора на Македонија од страна на извршниот директор, д-р Јелисавета Георгиева. На средбата беа дефинирани конкретни чекори во насока на зголемена соработка на македонските и турските компании, како и дефинирање на заеднички настап на компаниите од двете земји на трети пазари на кои турските компании се веќе традиционално присутни, како што се пазарите на земјите од Блискиот Исток и од МАГРЕБ.

**18.10.2016 година**
**ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА И НОВИТЕ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕД СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ од Регионалната комора со седиште во Кавадарци**

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, Митко Јанчев. Пред присутните членки, Билјана Пеева-Ѓуриќ, директор на Дирекцијата на здруженија според дејности при Комората, ја презентираше Информацијата за потенцијалите, можностите и ограничувачките фактори за преструктуирање на македонското стопанство. Љупка Илиевска-Самарџиска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, ги информираше присутните за најновите прописи од значење за бизнисот. По презентациите, присутните активно се вклучија во дискусиите, со свои предлози и согледувања преку призмата на актуелните состојби во своето работење.

**18.10.2016 година**
**ДЕЛЕГАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА КУБА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 17 октомври 2016 година Стопанска комора на Македонија ја посети делегација од Куба, предводена од амбасадорот на Р. Куба, Н.Е. Сан Хорхе Родригез, со своите соработници - конзулот во Амбасадата на Р. Куба во Софија, г-ѓа Нурка Родригез и претседателот на Друштвото за Македонско-кубанско пријателство - МАКУБА, Дејан Органџиев. Во рамките на официјалната средба со претставници на Стопанската комора на Македонија, на барање на амбасадорот беа присутни и претставници на поголемите туристички агенции во Република Македонија.

**20.10.2016 година**
**Регионална комора со седиште во Битола - еднодневно бесплатно предавање на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ**

На 20.10.2016 година во хотелот „Милениум“ во Битола, во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, а во рамките на циклусот бесплатни предавања на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, се одржа бесплатно предавање за запознавање на компаниите од битолскиот регион за осигурителните услуги, со акцент на имотното осигурување и изложеноста на ризикот. Учесниците на настанот се запознаа со основните карактеристики на осигурувањето, поделбата и функциите, како и кој се` може да биде субјект на осигурувањето и кои се елементи на осигурување.

**20.10.2016 година**
**Презентација на англиската компанија „Onorach Ltd” - производител на иновативното дигитално пенкало „EncryptiDATA” - МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ПОВИКАНИ ДА ГО КОРИСТАТ ПЕНКАЛОТО - НАЈПОГОДНО ЗА ТРАНСПОРТ, ЛОГИСТИКА, БОЛНИЦИ И АДМИНИСТРАЦИЈА**



На 20 октомври 2016 година во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на англиската компанија „Onorach Ltd”, од страна на претставниците Кристин Липер и Стивен Липер, кои најрвин ги запознаа присутните претставници на компании со историјата на компанијата, како и со нивниот иновативен производ. Главниот фокус на компанијата е обезбедување на иновативен пристап за производство и продажба на мобилни иновативни производи и клиничко испитување на медицински помагала. На настанот присуствуваа претставници на повеќе од 50 македонски компании и институции, кои со интерес ја проследија презентацијата на дигиталното пенкало.

**21.10.2016 година**

**Регионалната комора со седиште во Кичево одржа еднодневно бесплатно предавање на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ**

Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија продолжи со циклусот бесплатни предавања на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ и на 21.10.2016 година во Регионалната комора со седиште во Кичево, дванаесет претставници од бизнис секторот од кичевскиот регион се запознаа со основните карактеристики на осигурувањето, функциите и елементите на осигурувањето. Осигурувањето како облик на управување со ризик, првенствено насочен кон намалување на финансиските губитоци и правата на осигурениците е основната цел на едукативниот настан а беа презентирани и случаи со успешно исплатена штета.

**21.10.2016 година**

**Отворено претставништвото на МУСИАД во Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И НОВИ МОЖНОСТИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА БИЗНИС СЕКТОРИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

На 21 октомври 2016 година, во хотелот „Александар Палас“, се одржа свеченото отворање на новото претставништво на Асоцијацијата на бизнисмени и индустријалци од Турција – „МУСИАД Македонија“ и големиот Балкански бизнис форум. Во рамките на свеченото отворање на канцеларијата на МУСИАД, беше организиран и Балкански бизнис форум на којшто компаниите од МУСИАД од регионот имаа можност да остварат директни бизнис средби и да разменат информации и искуства за понатамошни деловни активности. На Бизнис форумот беа присутни повеќе од 50 македонски компании. По завршувањето на деловните средби беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Стопанската комора на Македонија и „МУСИАД Македонија“.



**25.10.2016 година**

**Промоција на Регионалната комора со седиште во Кичево на манифестацијата „ОТВОРЕН ДЕН НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ“ ВО КИЧЕВО**

Регионалната комора со седиште во Кичево во рамките на манифестацијата „Отворен ден на мултикултурализмот”, која се одржа на 22.10.2016 година, пред платото на Домот на културата во Кичево, а во организирана на групата „Вреди да си од Кичево” во која членуваат претставници од сите заедници, како и бизнис заедницата, и подржана од Општина Кичево ги промовираше своите услуги и активности на граѓани од сите етнички заедници кои живеат во овој град.  Голем број од услугите на Стопанската комора на Македонија се презентираа на компаниите во Кичево, кои го посетија штандот,како и претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Сli Соколески заедно со членките на Комората присуствуваа на настанот.

**27.10.2016 година**

**Меѓународна економска конференција во Битола – УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН**

На 26 октомври 2016 година во Битола се одржа Меѓународна економска конференција на тема: „Унапредување на економскиот развој во Пелагонискиот плански регион" и бизнис средби со компании од регионот на Измир, Република Турција. Организатор на настанот е Центарот за развој на пелагонискиот регион - ЦРППР со поддршка на Регионалните комори со седиште во Битола и Прилеп. Постојаниот претставник на УНДП во Македонија, Луиса Витон истакна дека ваквата иницијатива за спојување на деловната заедница од Измир, Турција и деловната заедница од пелагонискиот регион е широко поддржана од програмата за развојна обединетите нации.

**28.10.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ТУРСКИ БИЗНИСМЕНИ ОД ИЗМИР, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРИЛЕП**

Триесетина турски бизнисмени од Измир Република Турција, од 17 различни сектори (градежништво, текстил, металургија, рударството, мермер и производство на храна) кои присуствуваа на меѓународната конференција „Унапредување на економскиот развој во Пелагонискиот регион", во организација на Центарот за развој на пелагонискиот плански регион -ЦРППР, со поддршка на регионалните комори со седиште во Битола и Прилеп, во вториот работен ден од својата работна посета во Република Македонија, го посетија и Прилеп. При оваа средба градоначалникот ги запозна гостите со можностите кои Прилеп ги нуди за инвестирање во ТИРЗ „Алинци", другите индустриски зони во Прилеп, станбената населба „Градина", можноста за соработка со прилепскиот бизнис сектор и со можностите кои овој град ги нуди за бизнис соработка со странски и домашни инвеститори.

**4.11.2016 година**

**ДОДЕЛЕНИ 3. НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ НА ТРИ КОМПАНИИ ОД ОПШТИНА ПРИЛЕП**



По повод одбележувањето на празникот „3 Ноември" - Денот на ослободувањето на градот Прилеп, добитници на Наградата „3 Ноември" се компаниите „ВАСИДОРА", „ФУТУРА" и „ТРИО 95" од Прилеп.

Во категоријата големи претпријатија над 250 вработени наградена е компанијата „ВАСИДОРА" ДООЕЛ – Прилеп.

Во категоријата средни претпријатија до 250 вработени наградена е компанијата „ФУТУРА" ДОО – Прилеп.Компанијата „ФУТУРА" – Прилеп.

Во категоријата мали претпријатија до 50 вработени наградена е компанијата „ТРИО-95" ДОО – Прилеп.Почетоците на оваа компанија се од 1995 година,Наградите им беа врачени од страна на градоначалникот Марјан Ристески, за време на свечената седница на Советот на Општина Прилеп.

**6.11.2016 година**

**Регионалната комора со седише во Кичево учествуваше на работилница на тема: НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА УВОЗ И ИЗВОЗ, во Кукуш, Грција**

Регионалната комора со седише во Кичево на 5 и 6 ноември 2016 година учествуваше на работилницата на тема: Национално и меѓународно законодавство за увоз и извоз, што се одржа во Кукуш, Грција. Работилницата е дел од активностите за реализација на Проектот: „Создавање на поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица - Кичево – Кукуш" - „Бизнис мрежа С-К-К", финансиран од ЕУ, преку ИПА. Целта на Проектот „Бизнис мрежа С-К-К" е да се создадат поволни услови за соработка, вмрежување и економски развој на прекуграничниот регион Струмица - Кичево - Кукуш.

**8.11.2016 година**

**НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ ЗА КОМПАНИИТЕ-ЧЛЕНКИ НА КОМОРАТА по повод 8 Ноември - Денот на ослободувањето на Штип**



Регионалната комора со седиште во Штип присуствуваше на свечената седница на Општина Штип по повод одбележувањето на 8 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Штип. Притоа, беа доделени Наградата „8 Ноември“ и Плакета на компаниите-членки на Регионалната комора со седиште во Штип. Годинава, добитник на Наградата „8 Ноември“ е ЈП „Исар“ од Штип. Носител на Признание е приватната текстилна компанија „Семак фешн компани“ од Штип, којашто неодамна започна со изградба на нова фабрика во Штип.

**14.11.2016 година**

**Во Кичево одржана тридневна обука за КОНКУРЕТНОСТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ**

Во Кичево, во периодот од 11 - 13 ноември 2016 година, се одржа тридневна обука на тема: „Конкурентност и подобрување на стандардите“, во рамките на Проектот „Создавање на поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица - Кичево - Кукуш“ - финансиран од ЕУ во рамките на ИПА-програмите „Cross Border 2007-2013“ помеѓу Р. Македонија и Р. Грција. Целта на обуката е јакнење на капацитетите на бизнис секторот, согласно основната цел да се создадат поволни услови за соработка, вмрежување на прекуграничниот регион.

**14.11.2016 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА ЛИБИЈА во посета на Стопанската комора на Македонија**

На 14 ноември 2016 година Стопанската комора на Македонија ја посети претседателот на Федерацијата на стопански комори на Либија, Мохамед Раид, кој беше примен од Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. На средбата беа посебно опсервирани можностите за продлабочување на економските релации помеѓу Либија и Република Македонија во правец на зголемување на размената. Антони Пешев истакна дека соработката меѓу коморите ќе претставува одлична можност за македонските компании, особено во делот на земјоделието, индустријата на градежни материјали, градежниот сектор и фармацевтската индустрија.

**16.11.2016 година**

**Министерот за финансии Кирил Миноски и директорката на УЈП Анастасија Илиеска во работна посета на компаниите „ВИТАМИНКА“и „ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА“**

На 15 ноември 2016 година, во „Витаминка“ АД – Прилеп, министерот за финансии во Владата на Република Македонија Кирил Миновски и директорот на Управата за јавни приходи Анастасија Илиеска, беа примени од страна на претседателот на Одборот на директори во АД „Витаминка“, воедно и претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп Симон Наумоски и генералниот директор Сашо Наумоски.Во АД „Прилепска пиварница“ гостите беа примени од страна на генералниот директор Сашко Самарџиоски. На работните средби во присуство на градоначалникот Марјан Ристески, компаниите од прилепскиот регион изразија големо задоволство од соработката со локалната самоуправа на Општина Прилеп и градоначалникот Марјан Ристески, за бројните проекти што се остварени по предлог на Регионалната комора со седиште во Прилеп.

**17.11.2016 година**

**Здружението на осигурувањето продолжи со циклусот на бесплатни предавања на тема: ИМОТНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПОТРЕБА И РИЗИЦИ**

Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, на 17.11.2016 година во Штип, организираше еднодневно предавање на тема: „Имотно осигурување - потреба и ризици", со што продолжи циклусот на бесплатни предавања. Пред бројни претставници од бизнис секторот од источниот регион, меѓу кои имаше претставници од текстилниот сектор, од прехранбено-преработувачкиот и од транспортно-шпедитерскиот сектор, беа претставени основните карактеристики на осигурувањето подетално. Меѓу другото, кратка презентација имаше за тоа кој се` може да биде субјект на осигурувањето, како и за пазарот на осигурување во РМ.

**18.11.2016 година**

**РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ВЕЛЕС ПОТПИША МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА ВЕЛЕС И СО ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**



Со цел на унапредување на развојот на бизнисот и меѓусебната соработка, на 18.11.2016 година, во Општина Велес, односно во кабинетот на градоначалникот Славчо Чадиев, беа потпишани меморандуми за соработка помеѓу Регионалната комора со седиште во Велес со Општината Велес и Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Потпишувањето на овие меморандуми го отвора патот на бизнис секторот од Велес за заедничко искористување и на Европските фондови.

**18.11.2016 година**

**Компании од Кичево и Струмица се промовираа на РЕГИОНАЛНИОТ САЕМ ВО КУКУШ, Р. ГРЦИЈА – ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНО КОНТАКТИ**

На 16 и 17 ноември 2016 година во Кукуш, Р. Грција, се одржа Регионалниот саем за вмрежување и соработка помеѓу претпријатијата и промоција на добри практики на тема: „Брендирање на производи и маркетинг", во реализацијата на Проектот: „Бизнис Мрежа С-К-К", финансиран од ЕУ во рамките на ИПА-програмите „Cross Border 2007-2013" помеѓу Р. Македонија и Р. Грција. Имаше 70-ет компании изложувачи од прехранбената, металната, дрвната и текстилната индустрија, градежништвото, земјоделството и услужните дејности. Регионалната комора со седиште во Кичево оствари средба со Комората за трговија и индустрија на Кукуш.

**19.11.2016 година**

**Билатерални бизнис средби меѓу збратимените градови БИТОЛА И ХЕРЦЕГ НОВИ**

Стопанска комора на Македонија - Регионалната комора со седиште во Битола во соработка со Амбасадата на Република Црна Гора во Република Македонија и Општина Херцег Нови, Црна Гора на 19 ноември 2016 организира билатерални бизнис средби помеѓу стопанските субјекти од регионите на Битола и Херцег Нови. Целта на овој настан е воспоставување на поблиски контакти за соработка помеѓу стопанските субјекти од двата збратимени градови за меѓусебна соработка на регионалните и меѓународни пазари. На настанот беа присутни амбасадорот на Република Црна Гора во Република Македонија, Предраг Митровиќ и почесниот конзул на Црна Гора во Битола, Милодраг Андријашевиќ. Посебен поздрав беше испратен до претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, кој е воедно и почесен конзул на Република Црна Гора со седиште во Штип.

**23.11.2016 година**

**ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА помеѓу Регионалната комора со седиште во Штип и Општина Карбинци**

На 23.11.2016 година во просториите на Општина Карбинци, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Регионалната комора со седиште во Штип, од страна на претседателот Наум Барзов и Општина Карбинци, од страна на градоначалникот Зоран Минов. Во продолжение на настанот се одржа работилница на тема: „Актуелни состојби и чекори за приближување на македонското земјоделство до стандардите на земјоделството во ЕУ“. Тој пред присутните компании од земјоделскиот сектор осврт даде на интегрираното земјоделско производство, а посебно се задржа на органското производство.

**23.11.2016 година**

**ШЕФОТ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ЕУ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 23 ноември 2016 година, новиот шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија, Самуел Жбогар ја посети Стопанската комора на Македонија. На работниот состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески беа разгледани моменталната економска состојба во Република Македонија, како и бизнис релациите помеѓу македонските компании и компаниите од ЕУ.

**24.11.2016 година**

**БИЗНИС СРЕДБИ НА РЕГИОНАЛНИОТ САЕМ ВО СТРУМИЦА НА МАКЕДОНСКИ И ГРЧКИ КОМПАНИИ**

На 22 и 23 ноември 2016 година, во хотелот „Сириус“ во Струмица, се одржа Саемот „Струмица експо“, за прекугранична соработка помеѓу општините Струмица и Кичево од Р. Македонија и Кукуш и Поликастро од Р. Грција. На Саемот, се одржаа презентации за економските можности на општините Кичево и Кукуш, презентација на добри практики на тема: „Општествено одговорни компании“. Во изложбената сала, над 40-ина компании се претставија со своите производи и остварија бизнис средби, а беше организирана дегустација на струмичко и грчко вино и кичевска риба, како и дегустација на вкусот на традиционалниот струмички ајвар, кичевско овчо сирење и грчки леб.

**25.11.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци - ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА 2007 - 2013 ГОДИНА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**




Регионалната комора со седиште во Кавадарци на 24.11.2016 година, присуствуваше на работилница во Едеса, Р. Грција, која е дел од Проектот „Бизнис информативен, иновативен центар и МИЦЕ акции“, финансиран од Програмата за прекугранична соработка 2007-2013 година на Европската унија.Партнери на овој проект се Општина Кавадарци и Општина Едеса. На работилницата беше разговарано за подобрување на бизнис климата во регионот, за развој на руралниот туризам и приближување на економската соработка помеѓу двете општини. Беа потенцирани придобивките од кластерското здружување на бизнис секторот, пред се` за малите и средни претпријатија.На

изложбата којашто се одржа во Салата на уметноста компаниите се претставија со своите производи и остварија бизнис средби, а беше организирана и дегустација на вино.

**28.11.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Битола – ПОСЕТА НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ ВО ТИРАНА „КЛИКЕКСПО 2016“**

Претставници на Регионалната комора со седиште во Битола, на 25 и 26 ноември 2016 година, остварија посета на Меѓународниот саем воТирана, Република Албанија. Посетата е во рамките на поддршката за проширување на соработката на стопанските субјекти од двете земји и поширокото опкружување во регионот. На годинешната манифестација по 10-ти пат како изложувач беше присутна компанијата „Киро Дандаро“ од Битола, една од најголемите компании од битолскиот регион и Република Македонија, којашто работи со преку 30 компании соработници во Република Албанија.

**28.11.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци - РАБОТНА СРЕДБА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ ОД РЕГИОНОТ**

На 25 ноември 2016 година во хотелот „Фени“ во Кавадарци, претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци м-р Митко Јанчев и министерот за финансии во Владата на Република Македонија м-р Кирил Миноски одржаа работна средба со претставниците на бизнис секторот од регионот. Министерот за финансии м-р Миноски ги истакна идните проекти на Владата, кои би им помогнале на стопанствениците, како што се: политиката на рамен данок, активните мерки за подобрување на пазарот на труд, формирање на посебен вид на фондови, низа мерки и даночни олеснувања во делот на иновациите, поволности за изградба на биогасни централи, проектот „Рурални развојни зони“, стручното образование, значењето на деловното опкружување и др..

**28.11.2016 година**

**Презентација за извозниците од Преспа - ИЗВОЗНО ОСИГУРУВАЊЕ И ФАКТОРИНГ**



Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола во соработка со Македонската банка за поддршка на развојот, во просториите на Општина Ресен на 28.11.2016 година се одржа презентацијата каде што бизнис-секторот од преспанскиот регион имаше можност да се запознае и да се информира за начинот како да се намали ризикот од ненаплатата на побарувањата преку употреба на извозното осигурување и факторинг. Претставниците на МБПР пред 15-тина извозни компании детално ги презентираа специфичностите на трговското кредитно осигурување, трговското извозно кредитно осигурување и осигурувањето од политички ризици.

**5.12.2016 година**

**Регионална комора со седиште во Битола, информативен настан - ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ НАМЕНЕТИ ЗА БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН**

На 5 декември 2016 година во просториите на Центарот за развој на пелагонискиот плански регион и во заедничка организација со Регионалната комора со седиште во Битола се одржа информативен настан за достапните ЕУ програми и финансиски инструменти кои се наменети за искористување од страна на бизнис секторот. На настанот презентација имаше м-р Никола Димковски, самостоен советник во Регионалната комора со седиште во Битола кој на присутните им ја претстави програмата

Хоризонт 2020 и МСП инструментот кој е исклучиво наменет за финансирање на проекти за мали и средни фирми.

**12.12.2016 година**
**РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА „ACBSP“НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
На 12 декември 2016 година во посета на Стопанската комора на Македонија беше Џефри Алдерман, претседател на „ACBSP“ (Совет за акредитации на бизнис училишта и програми) од Америка и проф. д-р Марјан И. Бојаџиев, ректор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. На состанокот со Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, беа дискутирани можностите за понатамошна соработка помеѓу трите институции во насока креирање нови сертифицирани програми за доедукација на сите идни генерации коишто во иднина ќе бидат дел од пазарот на трудот.

**14.12.2016 година**
**Седница на Регионалната комора со седиште во Штип – ПРЕЗЕНТИРАН ДУАЛНИОТ СИСТЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕД БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО ШТИП**
На 14.12.2016 година, во Штип, се одржа Петтата седница на Регионалната комора со седиште во Штип, со која раководеше претседателот Наум Барзов. На седницата присуствуваа бројни претставници од бизнис заедницата од Штип и од источниот регион, претставници од локалната самоуправа, директорите на средните стручни училишта, раководителот на Центарот за вработување од Штип, како и оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија м-р Елена Милевска Штрбевска којашто го презентираше дуалниот систем на образование, во насока на обезбедување квалификуван стручен кадар во средните стручни училишта, согласно потребите на бизнис заедницата. Од страна на претседателот Барзов беа презентирани активностите што ги имаше Регионалната комора со седиште во Штип во 2016 година, а потоа и Предлог-активностите за 2017 година.

**19.12.2016 година**
**ПРЕКУ ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ ДО ПОДОБРО БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ И ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ“ - Заеднички проект на коморите за подобра бизнис регулатива**
Во насока на донесување подобра бизниз регулатива, а со цел јакнење и поддршка на микро, малите и средните претпријатија во Република Македонија за полесно имплементирање на законите и јакнење на јавно-приватниот дијалог, на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија беше промовиран




новиот четиригодишен проект на УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“. За прв пат трите комори во Република Македонија, Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии

(МАСИТ) здружено настапуваат во оваа иницијатива предводени од консултантската куќа „ЕПИ Центар Интернационал“ од Скопје.

**21.12.2016 година**

**Новоименуваниот амбасадор на Република Романија во Република Македонија со почесниот конзул на Република Романија во Штип ја посетија Регионалната комора со седиште во Штип**

Новоименуваниот амбасадор на Република Романија во Република Македонија, Виорел Станила, заедно со почесниот конзул на Република Романија во Штип, Штерјо Наков, на 21.12.2016 година. ја посетија Регионалната комора со седиште во Штип. Романскиот амбасадор Станила напомена дека Штип е еден од ретките градови што има почесен конзул на Романија и токму заради тоа во Штип се реализира една од неговите првичните посети. Ова е втора официјална посета на Регионалната комора со седиште во Штип од романски амбасадор, откако претходно ја посети и поранешниот амбасадор Јустинијан Фокша.

**21.12.2016 година**

**ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ВЕЛЕС**

На 20.12.2016 година се одржа Четвртата пленарна седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Велес, на којашто присуствуваа околу 20-ина фирми-членки на Регионалната комора со седиште во Велес.Пред присутните стопанственици своја презентација имаше м-р Анета Трајковска за поволностите на компаниите од добивањето сертификат за деловно работење Excellent SME MACEDONIA. Главната цел на сертификатот, која се совпаѓа со ЕУ-директивите, е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигури бизнисот, да се подобрат добрите бизнис-практики и да се зголеми пазарната транспарентност.

**23.12.2016 година**

**ЈАПОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Стопанската комора на Македонија ја посети делегација предводена од амбасадорот на Јапонија во Репиблика Австрија, задолжен за Република Македонија, Н.Е. Кијоши Коинума и двајцата први секретари во Амбасадата, Мицунори Огасавара и Тојоказу Кубота. Антони Пешев ја претстави целокупната работа на Комората, нејзината историја, залагањата за бизнис заедницата и идните подвизи што дополнително ќе придонесат за развој на бизнис секторот во Македонија. На состанокот беа дискутирани и разгледани можностите како да се продлабочи релацијата помеѓу Јапонија и Македонија и да се зголеми економската соработка.



# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Брзото, ефективно и квалитетно информирање на јавноста за активностите на Стопанската комора на Македонија, како и нејзините органи, тела и облици на организирање, и во 2016 година тоа се постигнуваше преку информативно-публицистичката дејност на Комората.
За таа цел, беа користени: веб-порталот на Стопанската комора на Македонија, неделните електронски изданија „БИЗНИС ИНФО“ и „БИЗНИС ОГЛАСНИК“, месечниот печатен прилог во магазинот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, дневното електронско издание ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ, како и фејсбук-страниците на Стопанската комора на Македонија, БИЗНИС ИНФО - СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА и ПРЕС-СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, како и други разни периодични изданија.

***- ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*** (www.mchamber.mk)
Веб-порталот во 2016 година претрпе големи измени во неговата функционалност и изглед. Покрај измени во изгледот, беше овозможена и мобилна верзија на веб-порталот. Овие измени, пред се`, беа направени за поедноставување на достапот до информациите кои редовно се објавуваат на веб-порталот.
На веб-порталот на Стопанската комора на Македонија во 2016 беа објавени сите активности на органите, телата и облиците на организирање на Комората. Беа објавени информации за активностите, достигнувањата и резултатите на членките на Комората и беа пласирани вести од институции и органи од земјава, како и вести од економијата од светот, кои се од значење за бизнис секторот и за членките. Позначајните настани и редовните прес-конференции беа проследени со видео-записи од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки.
Покрај сопствените текстови, за ажурирање на веб-порталот беа користени и текстови од државната агенција МИА, соопштенија на институции и на компании-членки на Комората, а беа преземени текстови од веб-портали и сајтови на компании и на институции кои ја третираат економската проблематика.
Сите содржини кои беа објавувани беа преведувани на англиски јазик, за сите посетители на сајтот од англиското говорно подрачје.

***-„БИЗНИС ИНФО“ (неделно електронско издание)***
Во 2016 година беа издадени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 35 страници. Неделникот објавуваше во просек околу 25 текстови во едно издание - пошироки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „БИЗНИС ИНФО“ во годината беше прочитано околу 4.000 пати.
Покрај тоа, во ова електронско издание беа објавувани извадоци од интервјуа што ги имаат членките на Комората во македонските медиуми, како и текстови за нивните резултати, достигнувања, зафати и инвестиции. Во ова издание беа поместени и текстови пренесени од странски врвни економски изданија за значајни економски случувања.

***-„БИЗНИС ОГЛАСНИК“ (неделно електронско издание)***
Минатата година беа објавени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во ова неделно издание, кое се подготвува петта година, се поставуваат комерцијални повици до македонските компании од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија. Тоа се ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА и ЕЕН-МРЕЖАТА. Во прашање се мрежи кои нудат бројни контакти за македонските компании, а од таа обемна содржина се одбираат внимателно подготвени прилози.

Редовно се објавуваа комерцијални огласи на странските инвеститори во Македонија со кои тие бараат разновидни набавки од домашните компании.
Покрај тоа, во ова издание се објавуваа и покани во вид на рекламен повик за сите настани од областа на едукацијата, саемските манифестации, презентации, форуми и слично кои беа организирани од Стопанската комора на Македонија.

***-Прилог во „ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС“ (печатена верзија)***

Во текот на 2016 година беа отпечатени 11 прилози во месечникот„ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, каде што беа објавувани значајни изјави и пораки од експерти од Комората и од претставници на нејзините членки, со цел пораката од Комората на ефектен начин да стигне до јавноста.

***-ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ***

Во текот на годината редовно се објавуваше и дневниот електронски ПРЕГЛЕД кој е наменет за брзо и ефикасно информирање на членките на Стопанската комора на Македонија. Во просек се издвојуваа по 15 текстови дневно - извадоци од електронските и печатените медиуми.

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Центарот за едукација во текот на 2016 година организираше 110 едукативни настани на кои учествуваа 1950 посетители. Едукативните настани беа од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор, како и интерни семинари креирани по барање на компаниите кои се реализираа во самата компанија, за вештини и знаења значајни за унапредување и подигнување на нивото на професионалност на своите кадри. Се организираа и советувања надвор од просториите на Стопанската комора на Македонија, каде учесниците имаа можност да се едуцираат во порелаксирана атмосфера, следеа предавања и непосредно се времежуваа со можност за понатамошна соработка.



Во 2016 година Центарот за едукација во соработка со Институтот за промоција на економскиот развој на Австриската федерална комора – WIFI успешно ја реализираше првата обуката на тема: „GO - INTERNATIONAL“ – ТРЕНИНГ З ВАШАТА ЛИДЕРСКА ИДНИНА и ја започна втората обука на тема: ЕФЕКТИВНА ПРОДАЖБА КАКО РЕЗУЛТАТ НА УСПЕШНА ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА.



Целта на обуките е да им овозможи на индивидуите кои се ориентирани кон успех и подобри перформанси, можности за одржливо и глобално знаење кое е потребно за да се исполнат идните општествени и економски предизвици. За реализација на оваа цел, се одржува постојана размена на искуства со претприемачи, сопственици и менаџери за човечки ресурси.

Дополнително Центарот за едукација во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука ги реализираше планираните модуларните (тематски), каде обучувачи се тренери од различни области кои на учесниците им нудат комплетна обука која води до надградба на вештини применливи на работното место и стекнување компетенции. Станува збор за обуки согласно верифицирани програми кои се организираат во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука. Програмите се верифицирани од Центарот за образование на возрасни и признати од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Се реализираа два циклуси од следниве програми:

- Вештини за архивско и канцелариско работење;
- Современи менаџерски вештини - Поставување цели, мотивирање на вработени, делегирање на обврски, коучинг и контрола - магацинско работење;
- Вештини за водење успешна набавка во компанијата.

# ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА



Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на

намалувањето или укинувањето на увозните давачки, логистички дејствија, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 1.01.2016 до 31.12.2016 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 2073 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 9777 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 477 АТА-карнети;
- 12 потврди за ексклузивитет;
- 14 потврди за слободна продажба;
- 1 потврда за единствен производител
- 12 потврди за производител;
- 14 потврди за членство во Комората;
- 290 логистички дејствија
- 227 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 20 мислења за исполнување на економските услови.



Во текот на 2016 година се одржа бесплатен семинар во Скопје, за меѓународните трговски документи кои ги издава Стопанската комора на Македонија.

# ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME

Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

2016 е година со најголем број на издадени сертификати,од почетокот на проектот Excellent-sme април 2013 година, односно 100 компании станаа носители на овој сертификат.
Интересот на сите мали и средни компании во Европа е соработка со компании кои се Excellent, односно со компании без ризик во работењето.

Се` поголем е бројот на компании кои ја препознаа потребата од Excellent, односно ги увидоа бенефитите како сопственици на сертификатот Excellent-SME, а тоа се:

- помал ризик во бизнисот;
- поголема доверба;
- полесно, побрзо и помалку ризично донесување деловни одлуки.

При тоа, компаниите добија поголем кредибилитет кај своите клиенти и кај деловните партнери, јасно експонирана оценка на кредитното рангирање, но и техничка заштита од копирање на печатот на неавторизиран веб-сајт.

Технолошките бенефити исто така се добро познати:

- проактивна заштита од крадење на идентитетот и имитирање;
- проактивна заштита од хакери;
- 24/7 мониторинг на пристапноста на веб-сајтот;
- нотификации за можни обиди за копирање на веб-сајтот и алармирања за губење на страници.

Во 2016 година со цел промоција на најдобрите фирми носители на Excellent SME сертификатот за резултати постигнати во 2015 година, се одржа настан за промоција и вмрежување со повеќе од 100 компании на тема: „Excellent SME MACEDONIA – сертификат за настап и препознавање на меѓународни пазари“. Настанот се одржа во во градината на Хотел „Александар Палас“ – Скопје на 19.5.2016 година , на кој беа доделени и награди за најдобрите 11 компании.







Со цел размена на искуства, контакти како и создавање на можности за идна соработка, на овој голем заеднички настан за вмрежување освен претставници од компаниите носители на Excellent SME сертификат, беа поканети и членовите на Клубот на менаџери-претприемачи при Стопанската комора на Македонија.

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдени работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2016 година:

1) консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2015: - процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, е завршен во две компании;

2) консултантски услуги за воведување на Систем за управување со животна средина, согласно ISO 14001:2015: - процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015, е завршен во една компанија;

3) консултантски услуги за транзиција на стандарди за Системи за управување со квалитет и животна средина, согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015: - процесот на транзиција на Систем за управување со квалитет и животна средина согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015, е завршен или е во тек во седум компании;

4) консултантски услуги за воведување на HALAL стандард:- процесот на имплементација на HALAL стандард е завршен во една компанија;

5) учество на интернационална конференција за квалитет - ICQM, Гимараеш, Португалија;

6) активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на РМ: ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ; ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРМ; ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

7) активно учество во UNIDO- EnMS проектот за ISO 50001, како консултант во Пивара, Скопје;

8) учество на семинари/обуки од областа на стандардите за менаџмент системи - ISO 50001/ISO 17021;

9) активно учество во процесот на континуирана проверка и транзиција на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на BSI;

10) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;

11) активен придонес во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите.

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2016 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, продолжи со активностите за унапредување на нејзината работа и промоција пред компаниите, заради што поголемо користење и согледување на конкретните придобивки од арбитражниот начин на решавање спорови наспроти решавањето на споровите пред редовните судови.

Во текот на 2016 година беше конституиран новиот состав на Претседателството на Постојаниот избран суд – Арбитража. Членови на Претседателството на Постојаниот избран суд - Арбитража се:

*претседател:*

- д-р Горан Рафајловски, „Рафајловски консалтинг“ - Скопје;

*Потпретседател:*

- проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје;

*Членови на Претседателството:*

- проф. д-р Тони Дескоски, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје;
- Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Адвокатска канцеларија „Мери Младеновска Ѓорѓиевска“;
- Никола Наџаков, адвокат, Штип;
- д-р Валентин Пепељугоски, Адвокатско друштво „Пепељугоски„ - Скопје;
- Гоце Цоневски, Адвокатска канцеларија „Гоце Цоневски“- Скопје;




*Секретар* на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија е м-р Татјана Штерјова.

Во текот на 2016 година беа направени измени и дополнувања во нормативната рамка на Постојаниот избран суд – Арбитража – беа усвоени измени на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, беа усвоени нови Правила за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (во насока на намалување на трошоците во постапките без меѓународен елемент) и беа проширени Листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија за спорови со и без меѓународен елемент, со реномирани експерти од земјата и од странство.

Постојаниот избран суд – Арбитража во текот на 2016 година организираше и повеќе промотивни активности, заради запознавање на деловните субјекти со предностите на арбитражниот начин на решавање на споровите.

На покана на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, на 24.3.2016 година, д-р Александар Пече (Alexander Petsche), раководител на Одделот за решавање спорови во „Baker & McKenzie“ за регионот на Европа, Блискиот Исток и Африка и член на Претседателството на Виенскиот меѓународен арбитражен центар (VIAC), пред компании-членки на Комората, претставници на адвокатската фела, научната и стручната јавност, одржа презентација на тема: „Актуелните трендови во меѓународната трговска арбитража и очекувањата на корисниците од арбитражните институции“.




На 16.11.2016 година, во Стопанската комора на Македонија, се одржа промотивен настан, организиран од страна на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија на тема: „Арбитражата наспроти потребите на компаниите во деловното работење“, на којшто присуствуваа арбитри, претставници на менаџментот и правните служби во компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија, како и претставници од адвокатурата. На настанот свое обраќање имаа претседателот на Арбитражата д-р Горан Рафајловски, проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска, потпретседател на Арбитражата и д-р Валентин Пепељугоски, член на Претседателството на Арбитражата. На настанот беа презентирани промените во раководството на Постојаниот избран суд - Арбитража, како и планираните активности во насока на негова професионализација и осовременување.

Постојаниот избран суд – Арбитража во текот на месец ноември и декември 2016 година започна со организирање на директни посети во компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија, за промовирање на арбитражниот начин на решавање на споровите, и за информирање на компаниите за работењето на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.



Истовремено, Арбитражата презеде повеќе активности за унапредување на нејзиното работење на меѓународен план, во насока на зајакнување на билатералната соработка со другите арбитражни институции.

Континуирана активност на Арбитражата, како и во изминатиот период, е да се подобри нивото на пружање на поддршка во спроведувањето на арбитражните постапки, и да се преземаат дејствија за подобрување на квалитетот и брзината на спроведување на постапките. Во таа насока, беа започнати дејствија за опремување на судница за потребите на Арбитражата по најсовремените светски стандарди.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**25.01.2016 година**

**Недоволно искористени потенцијалите за унапредување на соработката помеѓу странските инвеститори и домашните компании во Република Македонија - МОЖНОСТИ ЗА НАТАМОШЕН РАСТ НА ЕКОНОМИЈАТА И КРЕИРАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА**




На редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија беа презентирани потенцијалите за унапредување на соработката помеѓу странските инвеститори и домашните компании во Република Македонија и беше извршена презентација на Програмата за работа на Советот на странски инвеститори во 2016 година. Како што истакна Ирена Јакимовска, потпретседател на Советот на странските инвеститори , за странските инвеститори е секогаш од голем интерес да најдат добавувачи на локално ниво кои би ги задоволиле нивните потреби наместо да увезуваат од други земји, со акцент дека дека бројот на македонски компании кои активно соработуваат со странските директни инвеститори, континуирано расте. Во моментов, според неофицијалните податоци, повеќе од 500 домашни компании соработуваат со странските инвеститори.

**2.3.2016 година**

**Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Македонија - Турција – МАТТО - „Водење бизнис со интегритет - етички менаџмент“ - СТАНДАРДИ, ПРАВИЛА И ПРИНЦИПИ ЗА ПОВИСОКА МОРАЛНА ИСПРАВНОСТ**

Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Македонија - Турција – МАТТО, организираа семинар на тема: ВОДЕЊЕ БИЗНИС СО ИНТЕГРИТЕТ – ЕТИЧКИ МЕНАЏМЕНТ. Во современиот свет на бизнисот, интегритетот е еден од најбараните квалитети, не само од вработените, туку и од самите компании. Интегритетот се дефинира како квалитет на искреност и доверба, поседување силни морални принципи, морална исправност. Генерално, се работи за личен избор за придржување кон конзистентни морални и етички стандарди. Може да се одреди дали некој поседува интегритет според тоа до кој степен тој се однесува во согласност со неговите вредности, верувања и принципи за кои тврди дека ги поседува.

**6.4.2016 година**

**Конституирана Асоцијација на автомобилската индустрија при Советот на странски инвеститори - ЗА ПРЕТСЕДАВАЧ ИЗБРАН АВРАМ СТОЈЧЕВСКИ, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА „ВАН ХУЛ МАКЕДОНИЈА“**




Во рамките на Советот на странски инвеститори, на денешната седница е основана Асоцијацијата на автомобилска индустрија, во присуство на претставници на странските инвеститори од

автомобилската индустрија и домашни компании од овој сектор, со поддршка на државни институции директно поврзани со привлекување на странски инвестиции, потоа академската заедница и странските донатори во земјава. Главна цел за формирање на Асоцијацијата на автомобилската индустрија е да се соберат на едно место сите релевантни чинители од овој сектор со цел дефинирање насоки и стратегија за развој на автомобилската индустрија во Македонија. Како што истакна претседателот на Советот на странски инвеститори, Штефан Петер, мисијата на новата Асоцијација при Советот е да се креира модерна платформа за развој на автомобилската индустрија, која ќе биде во можност да понуди значаен концепт за развој на човечките ресурси и менаџмент, трансфер на технолошки и иновациски процеси, како и да се генерираат нови локални синџири за набавка, имајќи го предвид фактот дека овој сектор е доминантен кај странските инвеститори, а се отвораат и се` повеќе нови можности за соработка со домашни добавувачи.

**23.5.2016 година**

**Анкета на Советот на странски инвеститори - ПРОДУКТИВНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ И НИВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ, КВАЛИТЕТОТ И ДОСТАПНОСТА НА ЛОКАЛНИТЕ ДОБАВУВАЧИ, КАКО И ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ СО НАЈВИСОКИ ОЦЕНКИ**

Истражувањето за деловната клима беше спроведено помеѓу 118 компании-членки на Советот на странски инвеститори во периодот март-април 2016 година, пред и за време на актуелните случувања во земјава, што секако се одразија и на очекувањата и оценките на странските инвеститори во земјава, истакна Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвеститори на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија. - На прашањето упатено до компаниите кои инвестирале тука, дали повторно би ја одбрале Македонија како земја за нивната инвестиција, 84 отсто од нив дале позитивен одговор, што наведува дека странските компании се генерално задоволни од бизнис-климата во земјава, – истакна Петер. Според оценките за клучните фактори за инвестирање и водење бизнис во земјава, членките на Советот како најглавни ги идентификуваат: квалификуваната работна сила и висината на трошоците за водење бизнис, даночниот систем и ниските даночни стапки, правната сигурност и стабилната деловна клима, геостратегиската позиција на земјата и близината до пазарот на ЕУ, како и политичката и макроекономската стабилност. Во делот на оценката на поединечните услови за водење бизнис, добро се оценети факторите во однос на пазарот на труд: продуктивноста на вработените и нивните квалификации, како и квалитетот и достапноста на локалните добавувачи.

**26.5.2016 година**

**Асоцијацијата на автомобилската индустрија при Советот на странските инвеститори учествуваше на РЕГИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА „CONNECT&SUPPLY 2016“ ВО НОВИ САД, РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

На 24-25 мај 2016 година, во организација на Автомобилскиот кластер на Србија и на Агенцијата за промоција на инвестициите на Војводина –ВИП, во Нови Сад, Република Србија, се одржа Конференција за автомобилската индустрија во Југоисточна Европа „Connect&Supply 2016“. Во фокусот на конференцијата беа темите: „Преглед на автомобилската индустрија - трендови и идни планови на компаниите од овој сектор во Југоисточна Европа“, со посебен акцент на „Предизвиците и можностите за соработка со локалните добавувачи“, како и „Потенцијалите за истражување и развој и иновативните трендови во регионот“. Преку 200 учесници од над 100 компании земаа учество на настанот и имаа можност да остварат билатерални средби со претставници од водечките автомобилски компани како „BMW“, „FIAT“, „Volkswagen“, „Federal Mogul“, „Magna“, „Bosch“ итн.

## 5.6.2016 година

**Гурманска недела во Градски парк - ПО ПОВОД 10 ГОДИНИ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Во Градскиот парк во Скопје Советот на странски инвеститори при Стопанската комора Македонија го прослави својот 10 годишен јубилеј на невообичаен начин зачинет со многу автентични гурмански специјалитети од 11 различни земји. Љубителите на добрата храна и расположение дојдоа во огромен број заеднички да го прослават овој роденден и воедно да бидат дел од хуманата намера на настанот, бидејќи храната се послужуваше за симболична цена од 100 денари, парични средства кои ќе се подарат на народната кујна во црквата Св. Апостол Петар и Павле и во Хуманитарно здружение „Ел-Хилал“. Странските инвеститори во државава кои доаѓаат од САД, Австрија, Велика Британија, Грција, Белгија, Турција, Италија, Швајцарија, Франција, Холандија и Германија ја искористија можноста да се дружат со граѓаните и да ја промовираат културата на земјите од каде потекнуваат преку најавтентичните рецепти од нивните национални кујни. Денот беше збогатен и со содржини за целото семејство, со многу музика и забава, а за децата беа предвидени едукативни и интерактивни игри.

## 20.9.2016 година

**ОДРЖАНИ ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ПОМЕЃУ ДОМАШНИ КОМПАНИИ И РЕНОМИРАНАТА КАНАДСКА КОМПАНИЈА „MAGNA International” ОД АВТОМОБИЛСКИОТ СЕКТОР**

Асоцијацијата на автомобилската индустрија во рамките на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони на РМ, на 20.9.2016 година организираше билатералните деловни средби на потенцијалните македонски добавувачи со претставници на реномираната мултинационална компанија од автомобилскиот сектор „Magna International Inc.“ од Канада. Придобивките од потенцијалната соработка се значајни за двете страни. Во потрага по врвен квалитет и оптимизација на трошоците и условите за испорака, „MAGNA International Inc.“ врши континуирано проширување на базата на снабдувачи.

## 21.10.2016 година

**На 20.10.2016 година одржан СЕМИНАР ЗА ПРОЦЕСОТ НА ВКЛУЧУВАЊЕ НА „АКТИВА АУТОМОТИВ“ ВО СИНЏИРОТ НА ДОБАВУВАЧИ НА „ВАН ХООЛ“**

Асоцијацијата на автомобилската индустрија во рамките на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, во компанијата „Актива аутомотив“ од Штип организираше едукативен семинар на тема: “Вклучување на „Актива аутомотив“ во синџирот на добавувачи на „Ван Хоол”. Целта на семинарот беше домашните и странските компании-членки на Асоцијацијата да се

запознаат со клучните елементи од процесот на градење успешна соработка помеѓу домашна и странска компанија, од автомобилската индустрија, претставени преку конкретна студија на случај. Аврам Стојчевски, претседавач на Асоцијацијата, воедно и генерален директор на „Ван Хоол Македонија“ истакна дека едни од целите на Асоцијацијата е унапредување на соработката на странските инвеститори и домашните компании од овој сектор, преку пренесување искуства за тоа како да ги надградат своите производствени способности, како да го унапредат производството, да применуваат нови технологии, како и соодветно да ги развиваат човечките ресурси. Како што истакна Аврам Стојчевски, за странските инвеститори е секогаш од голем интерес да најдат добавувачи на локално ниво кои би ги задоволиле нивните потреби наместо да увезуваат од други земји. Процесот на вклучување на домашните фирми во синџирот на добавувачи на странските компании е долгорочен, со оглед на тоа што тие треба најпрво да поседуваат одреден број на потребни меѓународно признати сертификати, да ги задоволат стандардите за квалитет, критериумите за време на испорака, континуитет во нарачките, безбедност при работа и други услови за да станат локални доставувачи на странските компании од слободните економски зони.

**27.10.2016 година**

**Претседателот на Советот на странските инвеститори при Стопанската комора на Македонија одржа протоколарна СРЕДБА СО ШЕФОТ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА**



Претседателот на Советот на странските инвеститори при Стопанската комора на Македонија, Штефан Петер, одржа протоколарна средба со шефот на делегацијата на Европската унија во Македонија, Самуел Жбогар, во просториите на ЕУ Делегацијата во Скопје. Штефан Петер го запозна новиот шеф на ЕУ Делегацијата со целите и активностите на Советот на странски инвеститори, во насока на унапредување на деловното опкружување и инвестиционата клима во Македонија, промовирајќи добра бизнис етика и позитивен придонес за севкупниот економски развој на државата. Во рамки на дискусијата, стана збор за актуелните состојби во економијата од аспект на согледувањата на странските инвеститори во земјава и како актуелната политичка криза влијае на бизнисите и на економските параметри генерално.

**31.10.2016 година**

**ПРОМОЦИЈА НА НОВОФОРМИРАНАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА ПРИ СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**



Претседателот на Советот на странски инвеститори, Штефан Петер го нагласи значењето на автомобилската индустрија во целост, која во зависност од статистиката којашто се цитира, е најголема индустрија во светот, веднаш по прехранбената индустрија. Тој исто така додаде дека изминатата година беше одлична во однос на бројката на регистрирани автомобили во рамките на ЕУ, што пак се одразува позитивно врз прометот, производството и вработувањата во автомобилската индустрија. Перспективите на оваа индустрија се во насока на поголема застапеност на електричните автомобили, како еден од многуте подеми што се најавуваат во секторот. Ова беше истакнато на прес-конференцијата што се одржа во Стопанската комора на Македонија на 31.10.2016 година.

# МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

Стопанската комора на Македонија, како најголема и најбројна бизнис-асоцијација во Република Македонија, започна со креирање и нудење на нова услуга во своето портфолио на активности, односно воведе поддршка за вршење на медијација како за членките, така и нечленките. За таа цел Комората отвори и канцеларија за вршење на дополнителните услуги. Со користење на медијацијата се растоваруваат судските постапки и се зголемува ефективноста во надминување на конфликтите во ставовите на страните, преку наоѓање решенија прифатливи за двете страни и нивна идна соработка поради доверливоста на постапката.




Во текот на 2016 година Стопанската комора на Македонија одржа циклус на бесплатни семинари за медијација низ целата Република кои ги реализираше со предавачи – лиценцирани медијатори, каде што присуствуваа над 350 учесници. Пред стопанствениците беа презентирани:

- Поимот на медијација и предностите на медијацијата;
- Медијацијата во Република Македонија согласно законските прописи:
- Медијабилни предмети - предмети погодни за медијација;
- Медијацијата согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка;
- Медијацијата во работните спорови – решавање на работните спорови според Законот за медијација и Законот за мирно решавање на работните споровите;
- Надоместокот на штета и медијацијата;
- Заштита на потрошувачите во постапка за медијација;
- Придобивките од медијацијата.

Согласно програмските насоки предвидени за 2017 година Стопанската комора на Македонија ќе продолжи со активностите за промоција и популаризација на медијацијата.

# КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ

Од 2016 година во рамки на Стопанската комора на Македонија, започнаа редовните активности на Клубот на менаџери – претприемачи кој беше основан на 23.12.2015 година кој претставува нова алатка, но и ексклузивна можност за малите и средни компании да станат дел од мрежа на компании кои остваруваат континуиран раст и развој. За таа цел Клубот на менаџери – претприемачи за своите членови обезбеди следење на едукативни настани, во релаксирана, но продуктивна атмосфера во специјално опремена Бутик сала „Дуна Компјутери“, како и следење на забавни настани, вмрежувања и team building настани кои придонесоа компаниите подобро да се запознаат, меѓусебно да споделат знаење, искуство и контакти и на тој начин да генерираат нови идеи за деловни потфати.



За една година од формирањето до сега, Клубот на менаџери-претприемачи брои 46 претставници од мали и средни компании. Во текот на 2016 година, заедно со членките согласно Годишната агенда беа реализирани 26 едукативни настани со реномирани предавачи од земјата и од странство на повеќе теми како: „Продажни и комуникациски вештини”; „Емоционална интелигенција”; „Лидерство и односи со вработените”; „Управување во организациите со промени”. Клубот во овој период одржа 3 вмрежувања во земјата и во странство, како и 2 team building настана, а на 23.12.2016 година со организирање на Годишна конференција беше одбележана првата година од постоењето на Клубот каде беа доделени сертификати за поминато ниво на едукација и беше презентирана програмата со активности за 2017 година. Секоја од остварените активности во рамки на Клубот беше покриена со објава со цел информирање на јавноста за организираните настани, како и остварените посети на компании во изминатиот период.






Клубот на менаџери-претприемачи прерасна во интегрирана мрежа на мали и средни компании, здружени во целта преку едукација и вмрежување континуирано да растат и да постигнуваат успеси кои ќе ги диференцираат од останатите компании, а со тоа и да обезбедат конкурентна предност и лидерска позиција на пазарот.




Стопанската комора на Македонија, како најстара форма на коморско организирање во Република Македонија со својата логистика, поврзаност и контакти со домашни и странски институции преку Клубот на менаџери – претприемачи даде јасен сигнал дека Комората е партнер и на малите и средни компании и дека нивниот успех и раст е вреднуван и дава особен придонес во развој на македонското стопанство.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

**„ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС"**

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2016 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2016 година:**

- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучен е договор за Премиум Покровител со 1 нова компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител, на нивно барање;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО" на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители